СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

ISO 9001:2008
FS 549642

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2009 ГОДИНА

***Јануари 2010 година***
***С к о п ј е***

# ВОВЕД КОН ИЗВЕШТАЈОТ

## Некои фактографски податоци:



Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин, Форм А), АТА- карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за членство во Комората, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2009 до 30.11.2009 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 1100 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 11402 сертификати за потекло на производите (Орицин);
- 258 АТА - карнети;
- 37 потврди за ексклузивитет;
- 451 препораки за визи;
- 23 потврди за членство во Комората;
- 216 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 8 мислења за исполнување на економските услови;

## ГС1- Македонија

Трендот на зголемување на членството во ГС1 Македонија, континуирано присутен сите овие изминати години, продолжи и во 2009 година со 104 новозачленети компании. Со сите нив се потпишани и Договори за членство во ГС1 Македонија. На крајот на ноември 2009 година вкупно 1.480 фирми од Македонија се членки на ГС1 Македонија, кои со баркодирањето на своите производи и услуги се вклучени во современите светски текови на трговијата и се дел од меѓународното семејство од преку 1.000.000 компании, користејќи го заедничкиот јазик и глобалните стандарди за подобрување на својата конкурентност.

## Web порталот на Комората




Воп 2009 година, веб-порталот на Комората низ призмата на статистиката, има следни податоци:

- Повеќе од 850.000 кликови од преку 30.000 различни корисници
- Внесени се повеќе од 100 тендери
- Регистерот на македонски компании на веб-порталот содржи богати податоци за компаниите и нивните дејности (повеќе од 15.000 членки во Комората)
- Објавени се повеќе од 150 македонски понуди
- Внесени 90 странски компании од 98 земји
- Електронски matchmaking на над 50 македонски со странски компании

## Бизнис настани

Во минатата година во Комората се одржале вкупно 826 настани /редовни состаноци на здруженија и групации, презентации, бизнис форуми, семинари , обуки и слично/, на кои учествувале околу 30.000 претставници на фирми.

Просечно во секој работен ден во комората на овие настани присуствувале по околу 133 претставници на фирми.

Одржани се голем број меѓународни активности /бизнис форуми, контакти со меѓународни асоцијации во земјата и во странство, саемски манифестации, презентации на домашни и странски компании/

## Примена на меѓународни стандарди

Центарот за унапредување на квалитет во производството и услугите , според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2009 год.:

- Процесот на имплементација на Систем за управување со валитет согласно ИСО 9001:2008, е отпочнат во 20 компании;
- Извршена е сертификација на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008 во име на БСИ, во 13 компании;
- Извршена е континуирана проверка на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008 во име на BSI, во 60 компании;
- Процесот на имплементација на Системот за анализа на ризици и критични контролни точки (HACCP) е отпочнат во 16 компании.

## Стопанска комора на Македонија - ПРВА КОМОРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СЕРТИФИЦИРАНА ПО СТАНДАРДОТ ISO 9001:2008, ОД СТРАНА НА British Standards Institution (BSI)

ISO 9001:2008
FS 549642

Стопанската комора на Македонија во септември 2008 отпочна со имплементација на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008. Со тоа во целост се обврза да ја спроведува Политиката за квалитет, која е составен дел на целокупната работна политика на институцијата и е заснована на воспоставување, примена и одржување на пазарно ориентираниот работен систем и на принципите на унапредување со квалитетот. Целта беше потполно задоволување на барањата од стандардот ISO 9001:2008, потребите и очекувањата на членките и корисниците, со став за континуирано подобрување на системот за управување со квалитетот и зголемување на ефективноста и ефикасноста на комплетното работење на институцијата. Согласно дефинираниот акционен план на активности, Комората се сертифицираше со овој менаџмент систем од страна на реномираното сертификационо тело, BSI од Лондон (British Standards Institution). Оваа институција постои повеќе од 100 години и е значаен субјект, интернационално препознатлив во сферата на сертификација на меѓународните стандарди.

# ОД РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**19.02.2009**

**Во Стопанската комора на Македонија свечено прославена 87 годишнината на коморското организирање во Македонија - ОПШТО ОБЕДИНУВАЊЕ ОКОЛУ ЕКОНОМИЈАТА и СТОПАНСТВОТО ЗА ИЗЛЕЗ ОД КРИЗАТА**

* Присутните учествуваа на јавната расправа организирана заедно со Националниот совет за евроинтеграција на тема "Справување со кризата - функционални мерки за одржлив развој" Стопанската комора на Македонија на свечен начин




и во присуство на над 200 официјални лица ја прослави 87 годишнината од коморското организирање во земјава. Во оваа пригода на Душко Туџаров, доајенот меѓу македонските менаџери и најстариот активист во деловната асоцијација, на свечен начин од страна на Бранко Азески, му беше врачено специјалното признание на Стопанската комора на Македонија за 2008 година. Генералниот директор на скопски "Реплек", со 51-годишната менаџерска кариера и своите 78 години, заблагодарувајќи се на признанието, на присутните претставници на деловната заедница им посака добро здравје и надминување на неговиот "рекорд". Пред свеченото одбележување на значајната 87 годишнина на коморското организирање во земјава присутните учествуваа на јавната расправа организирана заедно со Националниот совет за евроинтеграција на тема "Справување со кризата - функционални мерки за одржлив развој". На расправата, покрај членовите на Советот, присуствуваа и амбасадори, претставници на институции и на стручната
јавност од земјава.

Сите институции во земјава требе да се обединат околу економијата и стопанството, бидејќи тоа е единствениот излез од финансиската криза, но и услов за интегрирање на Македонија во Европската унија. - апелираше Бранко Азески. - Поддржете го бизнисот зашто тука е клучот од лавиринтот во кој се наоѓаме. Преку него ја реализираме регионалната соработка. Тоа е и единствениот начин што ќе не приближи до ЕУ. Националниот совет за ЕУ интеграција има задача да се грижи за исполнување и за економските критериуми - односно изградување на конкурентен капацитет на компаниите за компетентно вклучување во единствен ЕУ пазар, но и на меѓународниот воопшто. Петседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Радмила Шеќеринска, оцени дека Македонија влегува во кризен период чии димензии ќе се почувствуваат поинтензивно за неколку месеци. -Македонија, за да стане член на ЕУ, треба да биде функционална пазарна економија, подготвена да се справи со конкуренцијата на европскиот пазар. Сметам дека овој услов, во овој момент на домашна и светска криза, е загрозен.. Затоа е сега вистинскиот момент да се формира Економски совет кој ќе ја опсервира кризата и ќе предлага решенија.

Според европратеникот Ерван Фуере, нема економија во светот што не е погодена од кризата, а единствен начин за справување со последиците е да се работи заеднички, преку интензивирање на партнерството и консензусот. Ако најголем партнер на земјава е ЕУ со учество од 50 отсто во македонскиот извоз и 60 отсто во увозот, несомнено еодредено прелевање на кризата од Унијата и во Македонија. Затоа, мерките што се превземаат во ЕУ се битни бидејќи од нив ќе зависи и излезот од кризата и во Македонија. Од друга страна, според Ерван Фуере, Европаската унија и натаму ќе продолжи да ги поддржува земјите од регионот, не само финансиски, туку и од аспект на јакнење на нивните административни капацитети.

## 08.06.2009

## Претседателот на Република Македонија, проф. д-р Ѓорге Иванов, присуствуваше на седницата на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија - ЗАЕДНИЧКА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОДОР НА ЗЕМЈАВА ВО СТРАНСТВО



Претседателот на Република Македонија, проф. д-р Ѓорге Иванов, присуствуваше на седницата на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија (8.6.2009 година). Претседателот на државата ја проследи презентацијата за Меѓународните активности на Стопанската комора, со приоритетите до крајот на 2009 година. Свечено беше извршено и одбележувањето на имплементацијата на стандардот ИСО 9001:2008 во Стопанската комора на Македонија. На претседателот на државата му беше врачена и Плакета од Стопанската комора на Македонија, како прва комора во Република Македонија, која воведува ИСО 9001: 2008 од страна на BSI. - Придружувањето на високите претставници на државата, во прилики кога тоа го овозможува програмата за престој, демонстрира степен на демократизација на економијата и општеството, како и степен на развиеност на приватно-јавниот дијалог и партнерство. Во тој контекст, Стопанската комора на Македонија оценува дека соработката со Кабинетот на Претседателот на Република Македонија би можела да се одвива во неколку насоки. Тоа, пред се`, се однесува на организирање деловни делегации како придружба на Претседателот на државата при билатерални посети во странство, организирање бизнис-форуми во земјава при посета на претседатели на држави и организирање придружба на претставници на корпоративниот сектор при учество на Претседателот на државата во меѓународните економски форуми. Стопанската комора на Македонија е подготвена и за доставување информации од економски карактер, кои се во надлежност на Комората, во функција на подготовка на Претседателот на државата за реализација на меѓународни посети, - истакна м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија. Од најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава, според зборовите на Бранко Азески, се сугерира и на воспоставувањето комуникација од страна на Претседателот на државата и со други земји од Заливот, Медитеранскиот базен и земјите од поранешниот Советски Сојуз (кавкаските и централно-азиските земји), што исто така би било во функција на отворање нови пазари или обновување на старите пазарни позиции, што е еден од начините за надминување на ефектите од глобалната економска криза. - До Стопанската комора на Македонија ќе го доставам мојот план за следни посети во странство. Притоа, мислам дека е потребно да се одржат и бизнис-форуми на кои ќе бидат присутни деловни луѓе од земјава кои веќе имаат воспоставени стоопански односи со тие земји или планираат да ги освојуваат тие пазари, - им порача проф. д-р Ѓорге Иванов на членовите на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија. - Заеднички е потребно да го претставиме она што го имаме во економијата и заради тоа сум подготвен на целосна соработка со бизнис-секторот.

## XXIII седница на Управен одбор
## 19.02.2009 година

- Одлука за формирање Клуб на фирми при Стопанската комора на Македонија за соработка со Франција и франкофонските земји
- Одлука за изменување и дополнување на Правилата за трошоците пред Постојаниот избран суд (Арбитража) при Стопанската комора на Македонија
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на Листата на арбитри на Постојаниот избран суд (Арбитража) при Стопанската комора на Македонија

## XXIV седница на Управен одбор
## 01.04.2009 година

- Македонската економија во услови на глобалната криза
- Пречистен Тарифник за висината на надоместокот за услугите кои ги дава Дирекцијата за деловни и општи услуги во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија

## XXV седница на Управен одбор
## 06.05.2009 година

- Трет пакет на антикризни мерки на Владата на РМ кои имаат за цел ублажување на последиците од светската економска криза врз македонската економија
- Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за организацијата и работењето на Стручната служба на Стопанската комора на Македонија

## XXVI седница на Управен одбор
## 08.06.2009 година

- Информација за потребата од трајно регулирање на побарувањата и обврските кои настануваат во односите меѓу компаниите и државата по сите основи
- Иницијатива за измена на Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2002)
- Претставување на меѓународните активности на Стопанската комора на Македонја со преглед на активности

## XXVII седница на Управен одбор
## 18.09.2009 година

- Информација за кредитната линија за поддршка на стопанството од Европска инвестициона банка (ЕИБ) преку Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР)
- Анализа на досегашната примена на законите кои го регулираат коморското организирање во Република Македонија
- Правилник за начинот на вршење видео надзор во Стопанската комора на Македонија

# ЗА ЧЛЕНКИТЕ

**08.01.2009**

**Присуство и учество  на претставници на Комората и на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори на редовните месечни состаноци на Советодавното тело при Царинската управа на Република Македонија, составено од претставници на:**

Царинска управа на Република Македонија
Стопанска комора на Македонија
Групација на меѓународни шпедитери и логистички оператори - MIFA
АМЕРИТ-СИЗ Македонија сообраќај
МАКАМТРАНС
Американска стопанска комора во Македонија
Сојуз на стопански комори
Стопанска комора на северо-западна Македонија

На редовните месечни состаноци на Советодавното тело при Царинската управа перманентно беше разгледувана проблематика од увозно-извозното царинско работење, а во функција на надминување на отворените прашања и проблеми на релација Царина - стопанственици редовно се носеа конкретни предлози со динамичен план и извештај за нивно реализирање.

**09.01.2009**

**Состанок во Владата во врска со анализирање на состојбите со прекуграничниот промет на стоки со цел лоцирање на проблемите и слабите точки што го успоруваат овој процес**

Беше заклучено:

- На граничните премини од прва категорија да се воспостави фито-санитарна и ветеринарна инспекција во време од 24 часа во текот на целата недела;
- За во сезоната, да се организира соодветна сообраќајна лента исклучиво за приоритетен премин на камиони со свежа стока;
- Министертсвото за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Царинската управа на Република Македонија, Агенцијата за државни патишта и претставниците на бизнис заедницата, на итен состанок, во заедничка соработка, применувајќи ги европските искуства, да се договорат и понудат решение за надминување на отворените прашања во врска со претоварот на камионите на граничните премини и трошоците за придружба на камионите со акцизна стока.
- Царинската управа на Република Македонија да изготви предлог за нова категоризација на граничните премини која ќе се пушти во владина процедура.
- Царинската управа и Министерството за транспорт и врски да достават соодветни предлози до Владата во врска со плаќањето на таксите на граничните премини.

**09.01.2009**

**Регионална комора со седиште во Битола за глобалната криза - ВЛАДИНИТЕ МЕРКИ СЕ ДОБРИ, СЕ ОЧЕКУВА НИВНО НАДОПОЛНУВАЊЕ**

Битолските стопанственици во новата година стартуваа со зголемен оптимизам и веруваат дека глобалната криза ќе ги одмине. - Има многу причини да веруваме во тоа, пред се затоа што системски не сме поврзани како што тоа е случај со земјите од западниот свет. Исто така, нашиот систем на банки одлично се држи и не охрабрува бидејќи банките се стабилни и не подлежат на актуелната рецесија. - изјави претседателот на Регионалната стопанска комора со седиште во Битола, Благој Стојчев.

**09.01.2009**

**Домаќин - Министерството за внатрешни работи со присуство и учество  на претставници на Комората и на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори**

На работниот состанок, во врска со надминување на отворените прашања за претовар на камионите на граничните премини (вонгабаритниот превоз) беше заклучено:

- Во измените и дополнувањата на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, што се во фаза на донесување, да се вгради одредба со која тежинскиот претовар од 600 кгр над дозволената вкупна маса на камионот да биде ослободен од обезбедување дозвола за претовар на возилото, а соодветно на тоа да не се плаќа ниту соодветна глоба.
- Приемот на барањата за добивање на дозволи за претовар на камионите за итни случаи, што се доставува до Министерството за внатрешни работи да биде до 16 часот.
- Врз основа на констатацијата за неоправдано постоење на премногу високи трошоци за придружба на камионите што превезуваат акцизна стока, Министерството за внатрешни работи да донесе мерка за максимално намалување на овие трошоци и за истото ја извести бизнис заедницата.

## 15.01.2009

### Практична презентација на Едношалтерскиот систем за увозно-извозни дозволи и квоти – Електронскиот систем EXIM

Во организација на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори во просториите на Комората беше реализирана практична презентација на Едношалтерскиот систем за увозно-извозни дозволи и квоти – Електронскиот систем EXIM.

Преку примената на едношалтерскиот систем се овозможува, по електронски пат, македонските компании, кои се вклучени во надворешната трговија, да поднесуваат барања, како и да добиваат дозволи за увоз, извоз и транзит од надлежните институции во земјата кои ги издаваат истите, како и да аплицираат за добивање на тарифни квоти.

## 26.01.2009

### ГРУПАЦИЈА ЗА ОРАНЖЕРИСКО И ПЛАСТЕНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО

Групацијата за оранжериско и пластеничко производство расправаше по повод покачувањето на цените на нафрените деривати, посебно за покачувањето на цената на цената на мазутот како основен енергенс во нивното работење. Притоа се заклучи дека цената на мазутот во процентуален износ е повеќе зголемена отколку цената на другите нафтени деривати при што се достави допис до Регулаторната комосија за ваквата појава која го оптеретува работењето на оранжерискoто производство.

## 03.02.2009

### Забраната за употреба на пластични кеси во трговијата со драматични последици за производителите на пластични маси - КЛУЧ ЗА 23 ФИРМИ, 1500 ЛУЃЕ БЕЗ РАБОТА!

Наредбата за забрана на употреба на кеси за транспорт на стоки изработени од пластични маси во продавници, деловни простории и пазари каде што се врши трговија на мало на производи на храна и ситни производи за општа потрошувачка (Сл. весник на РМ бр. 108/2008) во првиот месец од нејзината примена доведе до намалување на производството за 70%.

Доколку пак се реализира најавената целосна забрана за нивна употреба, односно доколку не се обезбеди соодветен преоден период за прилагодување кон истата, сосема и извесно затаварње на 23 фирми и околу 2000 луѓе без работа.Сериозноста на последиците е дополнително потнцирана со светската економска криза. Со две основни барања на Групацијата: во скоро време да не се носат нови, поригорозни мерки за целосна забрана на употребата на кеси од пластични материјали и за активна партципација на претставници на производителите и трговците во изнаоѓање соодветни решенија за намалување на отпадот од пластични кеси, Групацијата упати писмен допис до претседателот на Владата на РМ, Никола Груевски

## 03.02.2009

### Г-дин Петар Ван Дер Сман и г-дин Петер Лихтарт, преставници на Центарот за промоција на извозот на земјите во развој ЦБИ, холандска владина агенција




Преставници на Центарот за промоција на извозот на земјите во развој **ЦБИ,** холандска владина агенција, г-дин Петар Ван Дер Сман и г-дин Петер Лихтарт извршија презентација на три нови извозни програми за техничка помош и обука.

Трите нови програми се однесуваат на скторите од областите на автомобилски делови, контрола на движење, трансмисија, работа со алатки, обработка на метали, обработка и монтирање на гума и пластика. Кадрите на домашните претпријатијата пет години ќе бидат обучувани од тим на секторски експерти во областите на унапредување на производи, производство, контрола на квалитет, менаџмент, експорт маркетинг и влез на пазарот.

## 05.02.2009

### Стопанската комора на Македонија, Организацијата на работодавачи и Сојузот на синдикатите на Македонија го подржаа концептот на бруто плата, но со барање... - СТАРТОТ ПРЕОДЕН, ФЛЕКСИБИЛНО СО САНКЦИИТЕ!

Ги разбираме тешкотиите во спроведувањето на концептот на бруто-плати, бидејќи при секоја новина има проблеми. Но, не смееме поради техничките пропусти да ја стопираме суштината на работите. Ова е многу битен момент за Македонија, за да се придвижи напред. Ова прашање ќе повлече реформирање на некои институции во Македонија кои уште функционираат по социјалистичкиот систем, - истакна Бранко Азески, на заедничката средба (5.02.2009 година) на Стопанската комора на Македонија, Организацијата на работодавачи и Сојузот на синдикатите на Македонија. На средбата бил прифатен предлогот поднесен од страна на Стопанската комора на Македонија до крај да се поддржи спроведувањето на реформата, која не смее да се стопира поради технички пропусти. Но, истовремено од надлежните државни институции е побарано да бидат флексибилни при санкциите за обврските што произлегуваат за фирмите со примената на концептот бруто-плата, а стартниот период да го сметаат како преоден. - Го поддржуваме Законот за воведување бруто-плати. Тој е донесен и е императив, но бараме разбирање од Владата да може по однос на санкциите да бидат флексибилни и да го прогласат овој период како преоден за да нема проблеми, - изјави Димитар Стојановски, претседател на Организацијата на работодавачите. - Владата треба да покаже флексибилност и

одговорност бидејќи пребрзо го воведе концептот бруто-плата. Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, исто така, најави поддршка на примената на бруто-плати, за која до 15-ти овој месец ќе ги сумираат аномалиите и пропустите и ќе укажат на нив. .

## 05.02.2009

### Активно учество на Комората во работата на Комисијата за одобрување на автобуски возни редови при Министерство за транспорт и врски

Перманентна активност на која врз основа на Огласот за електронска апликација за доставување на барања за одобрување на нови и промена на стари возни редови во внатрешниот и меѓународниот автобуски превоз на патници беа разгледани 90 барања од автобуските превозници коишто се однесуваат на околу 500 возни редови во внатрешниот и меѓународниот сообраќај.

## 09.02.2009

### Групацијата на производители на месо и тутунските комбинати како и претставници од Министерството за Економија расправаа за либерализација со земјите од ЦЕФТА

Согласно заклучокот од состанок во Министертсвото за економија со претставници од стопанските комори, а во врска со мислење по предлжената целосната либерализација на трговијата со земјоделски производи на Република Македонија со Р.Албанија, Р.Хрватска и Р. Молдова, на која како проблематична се детектира само либерализацијата на свинското месо и цигарите со Хрватска, на 09.02.2009 година се одржа состанок во Стопанската комора на Македонија со цел консултација со фирмите производители на свинско месо и цигари.
На состанокот присутни беа претставници од Групацијата на производителите на свинско месо, од производителите на цигари - Тутунски комобинат Скопје и Тутунски комбинат Прилеп, како и претставници на Министерството за економија и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.
Присутните, аргументирано го потврдија претходното мислење, дека целосната либерализација со Албанија и Молдова не е спорна, но проблематична е кај свинското месо и цигарите со Хрватска , пред се поради одделни неповолни за нас законски акти и нетарифните бариери.
Претставниците од двете Групации на свинско месо и производители на цигаро, укажа дека воопшто не е спорна либерализацијата со Хрватска, но и тие ја истакнаа потребата од поделнакви услови и еднаков третман од двете засегнати страни.

## 10.02.2009

### Групација за рибарство и аквакултура

Групацијата за рибарство и аквакултура при Стопанската комора на Македонија, расправаше за тековните проблеми во оваа дејност, како и проблемите за добивањето на водостопански дозволи и законот за концесии, при што ги донесе следните заклучоци:

1. Групацијата за рибарство и аквакултура бара од Управата за води да оди на лице место кај производителите на риби за да издаде водостопанска дозвола.
2. Да се формира посебен сектор за рибарство, во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде ќе се согледуваат и решаваат проблемите на рибопроизводителите.
3. Законски изградените рибници т.е веќе изградените рибници да бидат заштитени од надавањето на тендерот при добивање на концесии
4. Да се добие бараниот износ за субвенции во рибарството во износ од 85 милиони денари, а не како што сега се одобрени 8.5 милиони денари.
5. Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, да им издаде дозвола за рибарство и аквакултура на сите регистрирани рибопроизводители.

Во Програмата за рурален развој предвидени се 28 милиони денари кои средства треба да се потрошат за опрема за рибарството истакна Сашо Кутлешовски од секторот за рурален развој при Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.

## 10.02.2009

### Свеченост по повод “Денот на шпедитерите“

На 10 февруари 2009 година, во Хотел “Александар Палас“ се одржа пригодна свеченост по повод одбележувањето на денот на основање на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори при Стопанската комора на Македонија.
На свеченоста присуствуваа поканети претставници на државните институции, како и претставници на шпедитерските компании од земјата.
Свеченоста беше збогатена со доделување на плакета за “шпедитер на годината 2008“. Денот на шпедитерите-10 февруари беше прогласен за традиционален настан што ке се одбележува секоја година.

## 12.02.2009

### Министерството за животна средина прифати дел од барањата на Групацијата на производители на пластични маси - ОД 1 МАЈ ВО МАРКЕТИТЕ НОВИ ПОДЕБЕЛИ КЕСИ

Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Стопанската комора и Организацијата на потрошувачи ќе изработат ново упатство за спроведување на Наредбата, а Министерството ќе спроведе и кампања со која граѓаните ќе бидат запознаени со спроведувањето на НаредбатаЌесите со дебелина од 14 микрони од 1 мај ќе

бидат заменети со ќеси од 21 микрони. Граѓаните овие ќеси со носивост од пет килограми ќе ги плаќаат со износ одреден од трговците. Ова е предвидено со новата Наредба на Министерството за животна средина и просторно планирање која произлегува по направените анализи на Владата за досегашното спроведување на Наредбата за забрана на употреба ќеси за транспорт изработени од пластични маси.
Сгласно барањата на стопанствениците во примена е Измената на Упатството за оценување на критериумите за висината на општата гаранција (број. 10-6096/1 од 17.4.2007 година), со која што износот на капиталниот ценզус од досегашните 1 милион евра се намалува на 300 илјади евра во денарска противвредност, за обезбедување долг во постапката на царинско складирање или на увоз за облагородување. Измената е во директна функција на подобрување на ликвидноста и поттикнување на извозот со тоа што го намалува финанасиското оптоварување на компаниите кои вршат привремен увоз за облагородување. Финансиското олеснување најмногу ќе го почувствуваат фирмите од текстилната индустрија и конфекција, кожарско-преработувачката индустрија, металопреработувачката индустрија и сите кои работат на принципот на „ЛОН„-работа.

### 16.02.2009

### Стопанската комора и Асоцијација на градежни претпријатија – АНЧЕ Италија

Асоцијацијата на градежни претпријатија од Италија АНЧЕ во соработка со Стопанската комора на Македонија планира наскоро во Скопје да отвори тренинг центар за обука на кадар од градежната индустрија, со можност кадарот да биде ангажиран да работи во италијанската област Венето. Во втората фаза дел од обуката ќе се реализира во Венето, поточно во градот Венеција, по принципот учење преку работа. Ваквиот тип на соработка треба да го олесни отворањето градежни фирми во Македонија, како и да се овозможи македонските и италијанските мали грдежни фирми заедно да настапуваат на трети пазари преку здружување за подобрување на нивната конкурентност.

### 17.02.2009

### Прес-конференција на Групацијата на авто-такси превозот на Град Скопје, на која беа изнесени следните ставови и барања:




- Важноста на Лиценцата за вршење на авто-такси дејноста да биде четири години,
- Да се одложи барањето за задолжително поседување сертификат за професионална компетентност како услов за добивање такси лиценца, се' додека не се обезбеди соодветен материјал за полагање на испити во кој ќе биде опфатена проблематиката од такси дејноста.
- Да се преиспита фискализацијата во авто-такси превозот.
- Секое авто-такси возило во Град Скопје да поседува радиостаница и дозвола за нејзина употреба на одредена фрекфенција.

### 25.02.2009

### Измена на Упатството за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција - НАМАЛУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИОТ ЦЕНЗУС НА 300 ИЛЈАДИ ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВВРЕДНОСТ

Сгласно барањата на стопанствениците во примена е Измената на Упатството за оценување на критериумите за висината на општата гаранција (број. 10-6096/1 од 17.4.2007 година), со која што износот на капиталниот ценզус од досегашните 1 милион евра се намалува на 300 илјади евра во денарска противвредност, за обезбедување долг во постапката на царинско складирање или на увоз за облагородување. Измената е во директна функција на подобрување на ликвидноста и поттикнување на извозот со тоа што го намалува финанасиското оптоварување на компаниите кои вршат привремен увоз за облагородување. Финансиското олеснување најмногу ќе го почувствуваат фирмите од текстилната индустрија и конфекција, кожарско-преработувачката индустрија, металопреработувачката индустрија и сите кои работат на принципот на „ЛОН„-работа.

### 26.02.2009

### Регионалната комора со седиште во Прилеп - ОТВОРЕНИ ДВЕ ФАБРИКИ СО СТРАНСКИ КАПИТАЛ

И покрај глобалната финансиска криза, деновиве во Прилеп беа отворени две нови фабрики кои вработија повеќе од 300 работници.Имено, на 21.02.2009 година свечено беше пуштена во работа фабриката за хулахопки „Рони Коланд“, што претставува нова грчка инвестиција со вредност од два милиона евра, на 6000 м2 деловен простор и со 250 нови вработувања.Фабриката за хулахопки е во сопственост на грчкиот бизнисмен Спиридос Сократис од Солун ,со капацитет од 80.000 парчиња хулахопки на ден, со тенденција да се зголеми капацитетот на 200.000 парчиња на ден, а бројот на вработени до 600 работници.Една од главните причини што го поттикнале странскиот инвеститор да отвори фабрика во Прилеп е квалитетната и поевтина работна сила во Прилеп, како и поволните услови што ги нуди локалната самоуправа за нови вработувања. На 25.02.2009 година свечено беше пуштена во употреба нова гринфилд-инвестиција од 1,5 милиони евра за преработка сушење, разладување и замрзнување на печурки, шумски плодови и зеленчук “Бин

Фуд“, во сопственост на српско-италијанска корпорација претставувана од Мирко Бичанин од Прокупље. Капацитетот на новата фабрика за сушење и замрзнување на печурки и шумски плодови изнесува 30.000 килограми на ден со можност да се прошири капацитетот и за преработка на зеленчук, особено за кромид и пиперки. Моментално оваа фабрика вработува 30 работници, а се очекува во екот на сезоната да вработува уште 200 работници.

## 06.03.2009

**Работен состанок на членките на Групацијата на авто-такси превозот на Град Скопје со Ирена Мишева, претседател на Советот на Град Скопје и Коце Трајановски, кандидат за градоначалник на Град Скопје**

- Воспоставување поблиска соработка на релација такси превозници-надлежни органи во Градот Скопје, а во таа насока, потпишување на Меморандум за соработка и партнерство меѓу Градот Скопје и Групацијата за авто-такси превоз при Комората
- соодветно учество на претставници на такси-превозниците при оформување на текстот на Одлуката за организирање на такси-превозот на патници во Градот, како и при донесувањето на најавениот нов Закон за такси-превоз на патници
- сузбивање на нелојалната конкуренција создадена од дивите такси превозници
- зголемување на бројот на инспектори

## 13.03.2009

**Македонска асоцијација на рударството - МАР**

На средбата во Министерството за економија, беа потенцирани неколку проблеми со кои се соочуваат фирмите кои вршат експлоатација и преработка на минерални суровини, при што е побарано:
- Да се надминат проблемите кои се последица на честото изменување и дополнување на законската регулатива за минералните суровини и подзаконките акти, од причина што при контрола што се спроведува од страна на УЈП има различно толкување и примена на законските одредби, а на фирмите им се наметнуваат дополнителни финансиски оптоварувања околу плаќањето на концесискиот надоместок .
- Измена на Законот за минерални суровини, во делот каде се предвидува концесионерот да плаќа надоместок и за количини на минерални суровини кои не се експлоатирани, а се предвидени за експлоатација согласно годишната динамика предвидена со главниот и дополнителниот рударски проект.
- Измена на Тарифникот за плаќање на концесиски надоместок во делот на метални минерални суровини, каде наместо "за" треба да стои "во секој" тон концентрат, од причина што е тоа е пред се`, грешка од граматичка природа, а придонесува различно толкување и различно пресметување на концесискиот надоместок за металичните минерални суровини, посебно од страна на УЈП.
- За ублажување на последиците од светската криза, МАР предлага намалување на висината на концесискиот надоместок за експлоатација на минерални суровини за 50% за период од 8 до 12 месеци. Според досегашните согледувања во фирмите кои вршат експлоатација и преработка на минерални суровини, посебно кај металините и неметалните минерални суровини, се очекува натамошно намалување на производството, пред се`, заради намален пласман на домашниот и странските пазари.

## 16.03.2009

**Министерство за земјоделство / Земјоделски факултет / Институт за тутун**

Со откупени 16.126 тони суров тутун во лист, просечна откупна цена од 167.42 денари и 45 ден/кг стимулација - годинешниот откуп на суров тутун во лист од страна на производителите беше оценет како добар. Ова беше констатирано на седницата на Здружението на производители на тутун и производи од тутун на која се расправаше за резултатите од годинашниов откуп (13.3.2009 година).Притоа, беше констатирано дека одредени пропусти имаше кај "басмакот" кој во одредени реони бил пријавуван као тип "прилеп". Но, според објаснувањето на директорот од Институтот за тутун, до крајот на ова година "басмакот" како опитна сорта ќе се легализира со што ваквите неправилности не се очекуваат во наредниот период.



Откупувачите се согласија дека издавањето на жолтите картони според кои се оценува планирањето и очекуваното производство за секоја година поради низа проблеми се уште е отежнато (проблеми со катастар, имотно- правни односи , земани површини под закуп и слично). Истиот, освен за планирање, служи и за ослободување на производителите од плаќање данок, па затоа се побара од ресорното министерство нивно олеснето издавање. Она што најмногу ги интересираше производителите на тутун беше прашањето за висината на стимулациите за наредната година. Производителите побараа истата, доколку дојде до ребаланс на буџетот за следната година, да остане барем на годинешното ниво, како и тоа стимулациите да се даваат по класи, а висината на истите да ги одредува државата.

**25.03.2009**

**На трибината на Македонската енергетска асоцијација и Здружението „Солар“ изнесени предлози за искористување на сончевата топлинска енергија во земјава - ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ПО ПРИМЕРОТ НА ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ**

Групацијата за откуп, пласман и користење на секундарни суровини ќе покрене иницијатива за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад во функција на негова успешна примена.
За тоа се формираше работна група во која ќе партиципира и претставник на Државниот инспекторат за животна средина и на Управата за животна средина. Членките на Групацијата констатираа дека за намлување на девијантните појави во оваа дејност потребна е доследната **имлементација и мониторинг на квалитетна регулатива и во тој контекст се и најавените измени**

**26.03.2009**

**Расправа во Регионалната комора со седиште во Прилеп за законска регулатива во градежништвото, проектирањето и урбанизмот - ШТО ПОБРГУ ДО ЛИЦЕНЦИ, ОД АПРИЛ НЕМА ГРАДЕЊЕ БЕЗ НИВ**

На иницијатива на повеќе фирми од градежништвото, проектирањето и урбанизмот, како и локалната самоуправа (Сектор за урбанизам) од Прилеп, на 25.3.2009 година, во присуство на Марија Петроска од Здружението на градежништвото при Стопанската комора на Македонија и Ристо Најдоски од Регионалната комора со седиште во Прилеп, беше одржана средба на која се расправаше за законската регулатива во градежништвото, проектирањето и урбанизмот. Посебен акцент во дискусијата беше даден на најновите предложени измени и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање, при што беше потенцирано дека претходните предлог-измени беа поддржани, посебно предлогот за бришење на член 14 од Законот, бидејќи оваа одредба во праксата придонесе за пролонгирање на рокот во изработка и донесување на планските документации. На средбата беа разјаснети повеќе дилеми околу овластувањата за инженерите и лиценците за фирмите, при што им беше потенцирано дека фирмите треба веќе да поседуваат лиценци, бидејќи од април 2009 година не ќе може да се добие дозвола за градење, доколку фирмата нема соодветна лиценца.

**03.04.2009**

**Кандидатот за градоначелник на Скопје, Коце Трајановски, на средба со претставници на бизнис- заедницата во Регионалната комора со седиште во Скопје - КОНТИНУИРАНА СОРАБОТКА СО БИЗНИС- СЕКТОРОТ и КОМОРАТА**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Скопје на 2 април 2009 година, кандидатот за градоначалник на Скопје, Коце Трајановски, имаше средба со претставници од бизнис заедницата во Стопанската комора на Македонија. Пред повеќе од 20 компании, кандидатот за градоначалник на град Скопје, ја презентираше својата економска програма за развој на главниот град во која е предвидено и формирање тело за економски развој во кое ќе има претставници и од Стопанската комора на Македонија – Регионална комора со седиште во Скопје, најави континуирана соработка и нивно консултирање при донесувањето генералниот урбанистички план во кој ќе бидат дефинирани индустриските зони. Тој посебни истакна дека во случај да стане градоначалник на Скопје посебно внимание ќе посвети на локалниот економски развој на градот, бидејќи во него е лоциран најголемиот дел од индустријата и воопшто стопанството. Претседателот на Регионална комора со седиште во Скопје, Горан Рафајловски, истакна дека бизнис заедницата е заинтересирана за соработка со градот Скопје и сите скопски општини. Бизнис заедницата, како што додаде тој, е исклучително важна за развојот на градот и дека таа е создвач на нови вработувања.

**09.04.2009**

**Управен одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје - СПЛОТУВАЊЕ ПРЕД НАЛЕТИТЕ НА КРИЗАТА**

На Втората седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје се разгледуваа идеи и предлози за нејзината работа во услови на економска криза (8.4.2009 година). По кратката информација за актуелните состојби во стопанството во регионот на Скопје и влијанието на светската економска криза врз тековното работење на компаниите, поднесена од страна на Горан Рафајловски, претседател на Управниот одбор, присутните дадоа иницијативи и предлози за заедничко решавање и надминување на проблемите и последиците од кризата. Бројни предлози изнесоа членките на Регионалната комора со седиште во Скопје. Констатирано беше и неопходноста од далеку поголемо заедничко делување на членовите на УО, едуцирање на општините и стопанството како да коренсподираат меѓу себе и ангажирање на надворешни консултанти во време на криза за побрзо разрешување на нејзините последици.

**10.04.2009**

**Групацијата за климатизација, греење, ладење и проветрување расправаше за Правилникот за енергетска ефикасност - НЕОПХОДНО ЗАКОНСКО ДОПРЕЦИЗИРАЊЕ**

Членките на Македонската енергетска асоцијација, производителите на енергија, големи потрошувачи и научната јавност, на седницата одржана на 30 јуни 2009 во Стопанската комора на Македонија, дадоа подршка на донесувањето на Стратегијата за развој на енергетиката во РМ за периодот од 2008 до 2020 година со визија до 2030, како особено значајна за развој на енергетскиот сектор и вкупниот развој на државата..Од овојј стратешки документ зависи развој от на енергетскиот сектор во државата, и одвивањето на производните процеси во индустријата.Генерално се поддржани глобалните насоки, при што е потенцирана потребата од покрупни инвестиции во изградба на нови капацитети,

натамошна либерализација на пазарот, функционирање на берзата на електрична енергија како предуслов за создавање траспарентен пазар и друго. За поздравување е фактот што стратегијата дава посебен акцент и на оценка за влијанието врз животната средина.Ценејќи го значењето на овој прв документ кој што ја дава енергетската перспектива на државата, стопанствениците ја потенцираа потребата од изработка на акционен план за нејзина реализација. Со свои презентации настапија академик Глигор Каневче и Д-р Влатко Чингоски.

## 11.04.2009

### Регионалната комора со седиште во Прилеп расправаше за локацијата на новата траса од автопатот Велес-Прилеп во регионот на Прилеп - ПОМЕСТУВАЊЕ ПОРАДИ ДОГРАДБА НА ПРИЛЕПСКОТО АКУМУЛАЦИОНО ЕЗЕРО

* Предложено поместувањето на локацијата пред или после Ленишкиот мост и заради искористување на ридско-планинските неплодни површини за кои нема да се јават проблеми со решавање на имотно-правни односи Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Прилеп во присуство на градоначалникот на општината и неговите соработници од секторот Урбанизам и проектирање, расправајќи по темата: Предлози и мислења за локацијата на новата траса од автопатот Велес-Прилеп во регионот на Прилеп (9.4.2009 година) го донесе следниов Заклучок: Со Одлука на Владата на Република Македонија, а на иницијатива на Регионалната комора и градоначалникот на општинатат (прифатена и парафирана и од градоначалниците на општините: Охрид, Ресен, Битола ,Прилеп, Крушево и Велес, како и од претседателите на регионалните комори со седиште во Битола, Прилеп и Велес), се отпочна постапката за изградба на автопат Велес-Прилеп-Битола-Ресен-Охрид-Струга со крак до граничниот премин Меџитлија. Поместувањето на трасата и на клучката се предлага од причини што е предвидена доградба на браната на прилепското акумулационо езеро, со што ќе се прошири неговата површина и ќе се изгради нова акумулација десно од горниот завршеток на постоечкото езеро, со што подобро ќе се искористат ридско-планинските неплодни површини за кои нема да се јават проблеми со решавање на имотно-правните односи.

## 30.04.2009

### Презентација на тема: ПРИМЕНА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ТРГОВСКИ ПРАВИЛА INCOTERMS 3000

Во организација на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори-MIFA, во присуство на претставници на бизнис заедницата од повеќе стопански дејности, Emily O'Connor, Senior Policy Manager, Commission on Commercial Law and Practice within International Chamber of Commerce – Paris одржа презентацијата која беше во функција на запознавање на бизнис заедницата со новините во врска со примената на INCOTERMS-меѓународните комерцијални термини, што ќе се применуваат од 2010 година,

## 18.05.2009

### Македонската асоцијација на рударството - МАР

На седницата се расправаше по предлозите на Министерството за економија за измена на Тарифникот за утврдување на надоместоците за издавање на дозволи за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, кои делимично се прифаќаат, од причина што се предлага зголемување на стапката за концесиски надоместок од 0,5% на 1,5%. За рудниците ова е неприфатливо покачување на надоместокот, во услови кога цените на металите на светските берзи бележат опаѓање за 60%-70%. Ставот на МАР, е дека Тарифникот не треба да се менува барем за период од пет години, а доколку се оцени дека има потреба од промени, посебно на висината на стапката на концесискиот недоместок, членовите на МАР заедно со експертите во ресорното Министерство, аргументирано ќе пристапат кон негова промена.

## 20.05.2009

### Доделени награди за најдобри општествено одговорни практики - ПРИЗНАНИЈА ЗА ДВАЕСЕТИНА КОМПАНИИ

*Меѓу наградените за добри општествени практики се најдоа Комерцијална банка, „Космофон“, ЕВН Македонија, ПроКредит банка, „Благој Ѓорев“, „Ацелор Митал“, „Макстил“, Охридска банка, ТТК банка, „Фармахем“...... На дваестина македонски компании им беше врачена наградата за најдобри општествено одговорни практики за 2008 година. За националната награда за општествена одговорност на претпријатија за 2008 година конкурираа вкупно 33 мали, средни и големи претпријатија со 52 проекти. Наградата е реализирана со поддршка на Министерството за економија, американската агенција УСАИД преку проектот за деловно опкружување и проектот за јакнење на граѓанското општество и весникот „Бизнис“. Меѓу наградените за добри општествени практики се најдоа Комерцијална банка, „Космофон“, ЕВН Македонија, ПроКредит банка, „Благој Ѓорев“, „Ацелор Митал“, „Макстил“, Охридска банка, ТТК банка, „Фармахем“...... Целта на наградата е да промовира позитивни практики на општествено одговорно делување и да инспирира на воведување натамошно унапредување на општествена одговорност кај претпријатијата во Македонија. Наградите ги врачи министерот за економија Фатмир Бесими, кој оцени дека општствената одговорност станува деловна политика на македонските претпријатија и оти овој концепт во наредниот период ќе јакне, а бројот на фирмите со одговорни практики постојано ќе се зголемува.

## 21.05.2009

### IX-Конгрес на меѓународните шпедитери и логистички оператори од Југоисточна Европа

Организатор: Стопанска комора на Македонија-Групација на меѓуародните шпедитери и логистички оператори-MIFA
Гости учесници: Љупчо Димовски-Министерство за транспорт и врски, Ванчо Кргов, Царинска управа на Република Македонија, Marco Sorgetti-general menager-CLECAT и претставници на шпедитерските асоцијации од Југоисточна Европа

“Коридорот 8, Реалност или утопија” беше главна тема на Конгресот на кој посебен настап имаше претседателот на Комората, Бранко Азески, нагласувајќи дека властите заинтересирани за реализација на овој проект треба тоа прашање да го стават на листата на приоритети и соодветно да лобираат пред меѓународните финансиски институции. За значењето на „Коридорот 8“ зборуваа и заменик-министерот за транспорт и врски, Љупчо Димовски, и директорот на Царинската управа на Република Македонија, Ванчо Каргов, посочувајќи го како комплексен систем, односно интегрална целина на повеќе транспортни подсистеми што меѓусебно се поврзуваат и надополнуваат. За реализацијата на проектот „Коридор 8“ на Конгресот беше истакнато дека се потребни заеднички регионални проекти кои би конкурирале за парични средства од европските финансиски институции. Учесниците на Конгресот донесоа заедничка декларација во функција на препорака до владите на земјите-учеснички за нивен поактивен однос во решавањето на бројните проблеми и отворени прашања што го попречуваат меѓусебниот развој и соработка.

## 28.05.2009

### Групација за пазари

Организаторите на пазари, заради сопствена евиденција за закуп на тезга или бокс, склучуваат договори со закупците на тезги, иако закупците сеуште немаат добиено потврда за земјоделец производител од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Договорената заедничка обврска во Владата на РМ во декември 2008 година, се почитува само од страна на пазарите, бидејќи се потпишуваат договори само со закупците на тезгите и боксовите кои се во рамките на пазарите односно оградениот дел, а истите ќе бидат презентирани пред надлежните институции, со цел да се одреди висината за плаќање на годишен паушален данок . Од страна на пазарите се прават и напори за обезбедување услови за нивно работење, како што е оградување на просторот, покривање, па се до исполнување на законските прописи за минимално техничките услови за работење на пазарите. Во одделни општини, се бара од локалната самоуправа да се добие поддршка во добивање локации кои ќе ги задоволат условите за егзистирање на зелените пазари.

## 29.05.2009

### Регионална комора со седиште во Скопје со апел до Владата на Република Македонија - ФИНАНСИСКА ИНЕКЦИЈА ОД 1 МИЛИЈАРДА ЕВРА ЗА СТОПАНСТВОТО

Регионалната комора со седиште во Скопје апелира до Владата на Република Македонија, во стопанство до крајот на 2009 година да бидат внесени 1 милијарда евра свеж капитал обезбеден од страна на странски институции, инвестициони фондови или банки. Истиот капитал да биде пласиран преку домашните банки за негова поедноставна и побрза реализација. Ваквата финансиска инекција е неопходна заради стабилизирање на постојните парични текови во домашните компании со странски и домашен капитал. Со тоа би се овозможило 2010 година да биде развојна, наместо рецесивна година.Ова е ставот на Регионалната комора со седиште во Скопје, што беше изнесен на седницата на која се водеше расправа за надминување на влијанието на економската кризата врз компаниите и мерки за нејзиното надминување (26.5.2009 година).

## 10.06.2009

### Осврт врз тековната состојба во снабдувањето со пченица и брашно во економската 2009/2010 година

Групацијата на мелничко пекарската индустрија при Стопанската конора на Македонија, на состанокот одржан на 10.06.2009 година, даде осврт за состојбата во снабдувањето со пченица и брашно во економската 2009/2010 година. При тоа се изнесе дека има огромен увоз на брашно и пченица во државава кое само во првите три месеци од 2009 година увезени се 13.600 тони брашно или 20.000 тони пченица, и 28.000 пченица што е вкупно 50.000 тони, со реална претпоставка дека увозот ќе продолжи и понатака со што вкупните потреби до новата реколта се целосно подмирени од увоз. Исто така се истакна ниската цена на увезеното брашно од само 12.7 денари за килограм што е еднакво на откупната цена на домашната пченица, при што во такви услови домашните млинови во најголем дел не работеа во изминатиов период од годинава, а оние кои мораа да ги намалат залихите со пченица работеа со загуба поради огромниот диспаритетна пазарната цана на брашното и нивната суровина.

Согласно наведеново Групацијата заклучи дека:

-секој индивидуално ќе откупува пченица, согласно потребите по пазарна цена формирана на заедничкиот пазар во рамките на ЦЕФТА

-да се овозможи добивање на поволни кредити од Македонската банка за поддршка на развојот со каматна стапка од 6 % на годишно ниво

-интезивирање на контролата на квалитет при увозот на пченица

-квотата за увоз на пченица да трае во текот на целата година

## 30.06.2009

### Продолжување на акцијата за цистење на коритата на реките

Со Одлука на Владата на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски, во соработка и со Стопанската комора на Македонија и оваа година ја продолжија акцијата за чистење на реките: Вардар, Брегалница, Лепенец, Пчиња, Црна Река и Драгор.

Министерството за транспорт и врски и Владата на Република Македонија се задоволни од досегашниот тек на одвивање на акцијата и соработката со бизнис секторот, а за уште позабележителни резултати Стопанската комора на Македонија ги повикува фирмите повторно активно да се вклучат во акцијата. Ве информираме и замолуваме, доколку имате слободни капацитети за ангажирање на потребна механизација, да не известите заради натамошни ангажирања и информирање на Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи

**15.06.2009**

**Работна средба со Градоначалникот на Град Скопје, г-дин Коце Трајановски на тема: Заедно до ефикасен авто-такси превоз во Градот**

Присутни: Коце Трајановски, Градоначалник на Град Скопје, претставници на Советот на Градот Скопје, на Комората и на авто-такси превозниците од градот

Средбата беше посветена на воспоставување соработка меѓу двете страни со цел - конечно воспоставување ред во авто-такси превозот во градот Скопје. На средбата беа изнесени низа проблеми со кои се соочуваат такси-превозниците години назад: издавање и појава на фалсификат лиценци, диви таксисти, локации за такси станици, фискализацијата на такси превозниците и.т.н., за чие надминување побараа активно преземање на мерки, за што Градоначалникот ја истакна подготвеноста да се посвети на изнаоѓање заеднишки решенија за надминување на проблемите.

**17.06.2009**

**Министерство за животна средина**

На 17.06.2009 година во Стопанската комора на Македонија Македонската Асоцијација на пакувачите на производи и заштита на животната средина ја одржа својата седница. Состанокот го водеше Претседателот на МАПЕК, г-ѓа Хрисанти Ангеловска, а на истиот земаа учество 9 фирми од 15-основачи на Асоцијацијата (список во прилог) како и претставници од Министерството за животна средина, Јадранка Иванова и Ленче Ќурчиева.

Воведен збор зема г-ѓа Ленче Ќурчиева која изврши презентација на Нацрт законот за пакување и отпад од пакување во Македеонија. Законот треба да се најде пред Владата на РМ најдоцна до 31.8.2009 година, а истиот го регулира работењето со пакувањата и отпадот од пакувањата пласирани на пазарот, како и пакувањата создадени во индустријата и другите стопански дејности. Со него ќе треба да се дефинираат обврските, временскиот рок, квотите и националните цели усогласени со оние во ЕУ како и посебните цели и задачи за компаниите кои нема да влезат во аранжманите (производители, пакувачи, увозници). Со овој закон не се обврзани рециклаторите.

Во дискусијата по завршената презентација како најнепогодна мерка која е предложена во нацрт-законот беше посочено двојното оданочување на фирмите како и висината одредена соовој закон.

Со оглед на кратките рокови за донесување на овој закон фирмите донесоа заклучок секоја од нив да направи анализа на трошоците согласно предложените мерки и во најкраток рок (2.7.2009) да се одржи уште една средба со претставниците од министерството на кој би се дале забелешки како и предлози од нивна страна.

**23.06.2009**

**Групација за градежништво**

На седницата се разгледување расправаше по Предлог на Законот за градење, при што беа предложени повеќе забелешки и сугестии за подобрување на предложените решенија, како што се: да се направи нова прекатегоризација на објектите;да се имаат предвид досегашните решенија за бројот на вработените овластени инженери, за лиценцирање на фирмите за проектирање; при добивање на лиценци, одреден број на фирми се соочуваат со проблемот на недостаток на пазарот на овластени инженери; да се скрати постапката во добивањето на дозвола за градење, од причина што често се случува да се чека за овој документ и до шест месеци;да се дефинира редоследот на постаките при добивање на дозвола за употреба на новите објекти и нивно впишување во имотен лист во Катастарот Формирана е Работна група од шест члена, која сите забелешки од фирмите, ќе ги систематизира и ќе подготви збирно мислење кое ќе го достави во писмена форма до Министерството за транспорт и врски

**24.06.2009**

**Македонска асоцијација на рударството**

МАР ги разгледуваше законските решенија за минерални суровини и предлог текстот на Тарифникот за концесиски надоместок и при тоа реагираше на предлогот концесискиот надоместок за металите да се зголеми од 0,5% на 1,0% од 1 јануари 2010 година. Фирмите предлагаат овој процент постепено да се зголемува и во 2012 година да изнесува 1,0% со можност за прилагодување и олеснување заради кризата во која се наоѓа рударството. Голем дел од предложените законкси решенија беа поддржани, со забелешка плаќањето на концесискиот надоместок за сите минерални суровини да биде на продадена руда, а Министерството за економија да биде пофлексибилно и поефикасно околу доделувањето на концесиите.

**07.07.2009**

**Министерство за животна средина**

Нацрт законот за пакување и отпад од пакувањеСогласно најавената динамика од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање за донесување на оваа законска регулатива, забелешки и сугестии по Нацрт законот, заинтересираните стопански субјекти можат да ги доставаат до Стопанската комора на Македонија во рок од 6 дена, или најдоцна до 13 јули 2009 година.

**13.07.2009**

Од 13 до 17 јули 2009 година беше направена студиска посета на Италија, односно регионот Фриули Венеција Џулиа како дел од третата фаза на овој проект. Неговата цел е развивање на поволна клима за привлекување на странски инвестиции во Преспанскиот регион како целна група во оваа фаза на проектот. Освен претставници од Стопанската комора на Македонија и Градоначалникот на општината Ресен, г-дин Михаил Волкановски, на студиската посета учество зема и претставникот од Унијата на коморите на Албанија.

Целата студиска посета чија цел е да се зголеми свесноста за потенцијалите на овој регион како интегрирана дестинација, беше организирана на начин најдобро да се запознаат клучните сектори за развој на Преспанскиот регион, односно, агротуризмот и производството на јаболкото како Македонски бренд. Како заклучок од целокупната студиска посета беше иснесено следното: -покренување иницијатива за повторно формирање на кооперативите како начин на здружување пред се кај производителите на јаболка во Преспанскиот регион, иницијатива за изградба на нови ладилници и магацини во овој регион и брендирање на јаболкото со посебно изработено лого во 3 бои; - Запознавање на производителите и преработувачите од агросекторот како дел од активностите на комората са ПДО стандардите. Во соработка со комората на Трст е договорена евентуално уште една посета со цел финализирање на активностите во оваа област како и запознавање со ЕУ легислативата за стекнување на оваа ознака.
Претставување на моделот на агротуризам во рамките на Здружението за туризам во комората, организирање посета на претставникот од АУРОРА на Преспанскиот регион како и информирање за можностите за користење на ЕУ фондовите со цел развој на овој тип на туризам во Македонија.

## 21.08.09

### Средба во Министерството за економија

Постапка за доделување на концесии за детални геолошки истаржувања на минерални суровини за 42 локалитети, за што ќе биде објавен јавен повик за доделување на нови 140 концесии за детални геолошки истаржувања за најразлични видови минерални суровини.

## 04.09.2009

### Министерство за здравство / Министерство за економија



На седницата беа разгледувани два аспекта на самиот правилник-техничкиот, за кој се бараше допрецизирање на делот кој се однесува на нанесувањето на фотографиите, боите, начин на печатење, текстови, слики, период на ротирање на слики и сл, како и другиот аспект за кој фирмите покажаа особен интерес-одложувањето на примената на регулативата. При тоа беа посочени преодните периоди во земји каде веќе се применуваат фотографиите како предупредување каде преодниот период е 18 месеци а периодот на чистење на старите пакла е 12 месеци што всушност беше и барање од фирмите.
Присутните се согласија и договорија Министерството за здравство кое е воедно и предлагач на овој закон да изработи во најкус можен рок детални објаснувања на техничкиот дел од Правилникот со цел да се даде точна насока на фирмите кои би пристапиле кон подготовки за графичкото одбележување на цигарите и да се одржи седница во просториите на ова министерство со сите фирми кои се бават со производство и промет со цигари. На оваа седница фирмите воедно би биле информирани и за ставот на Владата на РМ (по направените консултации) за пролонгирање на подготвителниот период за примена на оваа регулатива.

## 23.09 2009

### Предавање за ИПАРД на претставници од SIPP проект во Струмица

Во Струмица од 23 до 25 септември се одржа тридневен тренинг за можноста за користење на ИПАРД фондовите на кој беа истакнати ИПАРД чекорите во спроведувањето на Повик за доставување на понуди за искористување на IPARD средствата. Беа презентирани како и мерките 101, 103, и мерката 302 можностите во кои дејности може да се аплицира за добивање на финансиски средства како и инвестициите на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување до стандардите на Европската Унија. Беа истакнати и можностите за инвестиции за преранотка и маркетинг на земјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување зжна стандардите на Заедницата како и диверзификација и развој на руралните економски активности

## 28.09.2009

Од 28 до 30 септември 2009 година од страна на Стопанската комора на Македонија беше направена студиска посета на Италија како дел од последната, четврта фаза од ПАРТНЕРС-ПРЕСПА ЛАКЕС-проектот, со цел развивање на поволна клима за привлекување странски инвестиции во Преспанскиот регион. Освен претставници од Стопанската комора на Македонија на студиската посета учество земаа и претставници од коморите на Грција и Албанија, партнери во овој проект. Оваа средба претставува континуитет на претходната остварена во месец јули со цел запознавање со клучните сектори за развој на Преспанскиот регион, односно, агротуризмот и производството на јаболкото како македонски бренд. Во Стопанската комора на Трст беа остварени средби со претставници на туроператорите: Пансепол, Аурора Виагги како и АИТР-Италијанска асоцијација за туризам, Само и Унитец - производители на машински линии за овошје и зеленчук и Момбелони - консалтинг фирма од областа на агроиндустријата.
На средбите со туроператорите беше разговарано за можностите и капацитетите на Македонија за овој вид туризам, како и за побарувањата кои странските туроператори ги имаат во однос на стандардите. Договорено беше да се испрати кратка информација за моменталната состојба во оваа област врзано за Преспанскиот регион, но и да се контактира локалната самоуправа со цел довршување на активностите со цел ставање на регионот на странската понуда за овој вид туризам.
На средбите со фирмите - производители на линии за преработка на овошје и зеленчук, како и за консалтинг во агросекторот беше разговарано за потенцијалите кој регионот ги има, производството на јаболко, но и на други типови овошје и зеленчук. Беше направена презентација од италијанската страна на линиите кои тие ги нудат, како и на можностите за купување со користење на кредитната линија која ја нуди Владата на Република Италија во висина од 10 милиони евра.

## 01.10.2009

**Реагирање на Групацијата за откуп, преработка и користење на секундарни суровини при Стопанската комора на Македонија - ДИВИТЕ ОТКУПУВАЧИ ГИ СТИМУЛИРААТ КРАЖБИТЕ**

Апел за поширока акција и зајакнат мониторинг од страна на сите надлежни служби, па и од страна на граѓаните, заради разоткривање на трговијата со производи и материјали кои не смеат да се откупуваат од индивидуалните собирачи на отпад Групацијата за откуп, преработка и користење на секундарни суровини при Стопанската комора на Македонија, по повод последните пишувања во дневниот печат за појава на кражби од поголем обем на производи од јавната инфраструктура, соопштува дека нејзините членки и натаму во целост ја спроведуваат Уредбата за определување на производите и материјалите што се во општа употреба. Членките на Групацијата и овојпат сигнализираат на постоење на диви отпади, по куќи и дворови, каде вообичаено завршуваат крадените материјали и производи. Кај легитимните правни субјекти тоа не е можно поради строгата контрола при откупот од индивидуалните собирачи на отпад.

## 06.10.2009

### Здружение на комунални дејности

Најголемниот товар на ЈКП е надминување на проблемот со побарувањата и обврските со државата, од причина што побарувањата (4,2 милиони евра) од државните институции спрема обврските (5,6 милиони евра) се движи 1:1,33. Обврските се настанати по основ на ДДВ, камати на основниот долг и други обврски, а како последица на ниските цени на услугите во одделни градови (за вода и за отпад), ненаплатени сметки од физичките и правни лица, од државните институции, како и од социјалните случаи. ЈКП предложија мерки кои се сведуваат на следново: да се побара средба со министерот за труд и социјална политика за надминување на проблемите со социјалните случаи (да се рефундираат средствата за комуналиите од страна на државата), потоа околу обврските и побарувањата да се направат напори за пребивање на побарувањата и обврските таму каде што може, барање на заокружување на законската регулатива и измена и дополнување на одделни законски решенија, како и заложба за заживување на јавно -приватното партнерство во зависност од потребата на ЈП.

## 07.10.2009

### Дирекција за храна

На одлука на Владата на РМ Дирекцијата за храна треба да изработи Национална стратегија за имплементација на HACCP во Република Македонија 2009-2014 како и Акциониот план за имплементација на истиот. Во рамките на изработката на таа Стратегија свое учесто има и Стопанската комора на Македонија преку свој претставник кој ги истакнува сугестиите и предлозите за реализирање на истата. Стопанскта комора на Македонија активно учествуваше и во формулирањето на Анкетниот прашалник кој исто така беше доставен до членките на Комората.

## 07.10.2009

### Производители на суви малтери

Во Фабриката за суви малтери „Ренова“ во Џепчиште, производителите на суви малтери расправаа на тема: Имплементција на европските хармонизирани стандарди во областа на сувите малтери согласно Директивата за градежни проиводи 89/106 ЕЕЦ , како и размена на искуства за практична примена на стандардите, “СЕ” ознаката и друго. Еден од заклучоците беше дека има потребата од дополнително одржуавње на вакви состаноци, заради вклучување на поглем број на фирми кои произведуваат суви малтери.

## 07.10.2009

### Факом - нова инвестиција

Кампанијата "Факом" од Скопје една од најголемите фирми во регионот за производство и монтажа на челични кострукции и производство на опрема, ја презентираше современата автодигалка.

Вредноста на инвестицијата изнесува близу 2,0 милиони евра, Автодигалката е произведена од германската компанија Терекс Деманаг гмбх целосно компјутеризирана и е со потполна безбедос во работењето.

Во оваа кризна година со набавката на автодигалката Факом ја зацврстува доминантната позиција на пазарот и носи зголемена конкуретност, со што ќе го задржи приматот во регионот во монтажа, демонтажа, на тешки товари, зголемена брзина, ефикасност, безбедност и сигурност во работењето.

## 08.10.2009

### Регионалната комора со седиште во Скопје - ВОВЕДУВАЊЕ ИНСТРУМЕНТ ЗА НАПЛАТА НА ДОЛГОВИТЕ

Регионаланата комора со седиште во Скопје инсистира под итно да се донесе Закон за финансиска дисциплина кој ќе ги опфати сите позитивно-правни субјекти во Република Македонија, каде последниот рок за исплаќање во договорниот однос е 90 дена со што би се утврдил инструмент за наплата на долговите. Ова е еден од заклучоците на четвртата седница на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје на која се водеше расправа за актуелните состојби во стопанството и активностите на стопанската асоцијација (7.10.2009 година). За разрешување на проблемите на кои наидуваат компаниите при увоз на ситна стока и репроматеријали, членките на Регионаланата комора со седиште во Скопје бараат олеснување на царинската процедура при увоз на стоки до 5000 евра. Истата да може да биде транспортирана од самата компанија, по изработка на документи од шпедитерска компанија и царинета на лице место на граничниот премин. Плаќање да биде на граничниот премин со платежна картица на компанијата. Истото би требало да се однесува и за ДХЛ пратките; Членките на оваа регионална комора на седницата предложија и заживување на даночниот кредит при увоз на репроматеријали потребни за изработка на финални производи за

извоз.Даночниот кредит треба да биде даден врз основа на количините на извоз на од претходната година на компанијата која бара даночен кредит. Горан Рафајловски, претседател на Управниот одбор, ги информираше присутните членови за претстојните активности на Регионалната комора со седиште во Скопје. Притоа, тој истакна дека Регионалната комора со седиште во Скопје покажува многу активности, но во наредниот период ќе биде уште поангажирана во предлагање нови предлози и сугестии до Владата и надлежните институции во Македонија. На седницата беше договорено и помасовно присуство на членките на бизнис-форумите кои се организираат во рамки на Стопанската комора на Македонија. Овојпат посебно беше истакнато значењето на бизнис форумите што се организираат со турски компании кои се сериозно заинтересирани за инвестирање во Македонија. Венера Андриевска

## 16.10.2009

**Работилница на Македонска енергетска асоцијација и Здружение за сончева енергија „Солар“ - ПОТТИК ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА СОНЧЕВИТЕ ТОПЛИНСКИ СИСТЕМИ ВО ПОКРИВИ И ФАСАДИ**

Основната цел еда се поттикне интересот кај архитектите за позастапено планирање на примената на сончевата енергија во новите градби, но и при реновирање на веќе постоечки Иако сончевата енергија, како најефтина а воедно и најеколошка форма на енергија во развиените земји доживува бум, кај нас, и покрај особено погодните услови, релативно слабо се користи, Д-р Илија Насов, ги посочи потребните услови за поголем степен на искористување на сончевата енергија, лоцирајќи ги во законската регулатива, во потребата од стимулации и субвенции за имплементирање на сончевите колектори за топлинска енергија, воведување сончеви обврски како и поголема едукација на граѓаните за долгорочните придобивки од нејзиното користење.

## 19.10.2009

**г-дин Денис Дајон, директор за истражување на странски пазари и г-дин Мариан Цолеаса, директор за регионот**



На презентацијата се истакна заедничкиот интерес и можностите за соработка, помеѓу оваа светска фирма и домашните компании, како и производни програми кои би можеле да се реализираат во компаниите од нашата земја.
Компанијата АРЕВА Т&Д е спремна за воспоставување на деловни контакти со македонски компании како нивни потенцијални деловни партнери и снабдувачи во делот на ЦНЦ машинската обработка
Се истакна спремност домашните компании да аплицираат до францускатa фирма со расположливите реални капацитети и можностите за усвојување на презентираните производи.
Домаашните компании доколку ги задоволат барањата за квалитет на АРЕВА Т&Д, ќе обезбедат долгогодишен технолошки развој за да можат да се вклопат во натамошнта соработка со оваа компанија.

## 26.10.2009

**Што покажа семинарот за обезбедување подобри практики во управувањето со животната средина - МЕРКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ**

Во рамките на проектот Почиста и поефективна индустрија во Македонија, финансиран од Владата на Кралството Норвешка се одржа еднодневен семинар кој имаше за цел обезбедување подобри практики во Управувањето со животната средина во компаниите. Мерките за намалувањето на емисијата на стакленичките гасови и подобрувањето на енергетската ефикасност во индустријата се само дел од управувањето со животната средина, кое што пак овозможува повеќе бенефиции за индустриите кои ќе бидат вклучени во оваа програма. Досегашната пракса покажува дека со ефикасно управување со животната средина, индустриите ќе можат да ги исполнат барањата на потрошувачите, да ја зголемат својата конкурентност како на домашниот така и на странскиот пазар, да го зајакнат својот кредибилитет со зајакнување на корпоративниот имиџ, а со тоа и да привлечат странски инвестиции.

## 27.10.2009

**Работилница за унапредување на соработката помеѓу стопанството и царината**

Во организација на Стопанска комора на Македонија и советот на град Скопје на 27 Октомври 2009 година се одржа работилница за унапредување на соработката помеѓу стопанството и царината. На работилницата зедоа учество градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски, Претседателот на Региоанлната комора на Скопје, Горан Рафајловски, претставник на Царинската управа на Македонија и претставници на коморските организации од земјата.
И на оваа втора работилница од ваков вид, беше потврдена генералната оценка дека унапредувањето на функционалноста на Царинската управа и нејзината соработка со бизнис заедницата оди по нагорна линија. Но сепак постојат отворени прашања коишто заслужуваат посебно внимание во функција на натамошно подобрување на соработката .
Претседателот на регионалната комора на град Скопје, Горан Рафајловски истакна дел од овие прашања како што се: потребата за олеснување на царинската процедура за помали набавки-до 5.000 Евра, скратување н непотребно долгата царинска процедура на брзата пошта, преиспитување на висината на давачките за фито и ветеринарни прегледи, означување на коловозните ленти на граничните премини за стоки со приоритет и др.

## 28.10.2009

**Групација за пазари**

Организаторите на зелените пазари треба да ги почитуваат правилата за добри хигиенски практики за продажбата на овошје и зеленчук, а за другите производи мора да се почитуваат одредбите од HACCP, беше потенцирано на состанокот од страна на преставниците на Дирекцијата за храна Дел од пазарите веќе ги имаат преземено сите

неопходни мерки за почитување на хигиено-техничките услови, вклучувајќи ја и нивната реонизацијата. Меѓутоа, како посебен проблем ќе се јави обезбедување на услови за продажба на млеко и млечни производи, зрнеста храна, односно другата стока која може да се продава на зелените пазари согласно законските прописи, а треба да се исполнуваат HACCP-стандардот.

## 03.11.2009
### Можности за користење на ИПАРД фондовите

Со цел информирање на членките од земјоделско прехрамбениот сектор, со финансиските можности за македонското земјоделство по основ на ИПАРД фондовите, во Стопанската комора на Македонија на 3.11.2009 година се одржа работилница на тема Можности за користење на ИПАРД фондовите, во Република Македонија.
На работилницата своја презентација, имаше Маргарита Делева, раководител на Телото за управување со ИПАРД и државен советник за рурален развој во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на која ја образложи, мерката 101 за инвестиции во земјоделските стопанства, мерката 103 за инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските производи и мерката 302 за диверзификација и развој на руралните економски активности. Исто така истакна дека Република Македонија од предпристапните фондови за рурален развој има 45.5 милиони евра или заедно со националниот буџет за оваа намена 60.7 милиони евра за период 2007-2011 година.
Г-дин Александар Антески од Агенцијата за финансиска подршка за земјоделството и руралниот развој ги објасни постапките т.е чекорите од аплицирање, склучување на договор па се до одобрување на исплатата на ИПАРД средствата. Платежната агенција која е надлежна за реализација на ИПАРД средствата, идниот месец очекува европска акредитација, а првите огласи за аплицирање ќе ги објави во декември 2009 година,

## 05.11.2009
### Здружение на комунални дејности

На седницата што се одржа во Прилеп, беа презентирани можностите, за имплементација и управување со европските фондови – ИПА, ЦБЦ погранични програми од ИПА 2 компонента, програми на Европската унија: ЦИП и ФП7, со посебен акцент за трите компоненти и тоа: транзициона помош и градење на институции, прекугранична соработка и регионален развој, со посебен акцент и препорака се даде на програмата за прекугранична соработка, а се однесува на соработка на Македонија со Бугарија, Албанија и Грција и тоа по основ на подобрување на потенцијалот за туризам, транспорт и комуникации, подобрување на животна средина, како и техничка помош. На седницата се истакна потребата од дополнителни едукативни средби, на кои преку размена на искуства со апликанти - корисници на овие европски средства и од други држави, јавните комунални претпријатија ќе се стекнат со искуство за аплицирање и користење средства од претпристаните програми.

## 05.11.2009
**Во организација на МЕА беше презентирана студија „Енергетски можности - Насоки кон јаглерод-неутрално производство на електрична енергија до 2050 година“ - ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА БЕЗ ЕМИСИЈА НА СО2**

Намалувањето на емисијата на јаглерод диоксид (СО2) во атмосферата на 0,3 грама од произведен киловат час електрична енергија до 2050 година е основната цел на студијата „Енергетски можности - Насоки кон јаглерод-неутрално производство на електрична енергија до 2050 година“. Студијата е изработена од Европската електро енергетска асоцијација EURELECTRIC, а ја презентираше Гунар Лоренц, раководител на Одделот на EURELECTRIC во Брисел. Новите технологии и инвестициците во обновливите извори на енергија ќе дозволат да се постигне снабдување со јаглерод-неутрална енергија што ќе помогне во борбата против климатските промени Директорот на ЕЛЕМ, д-р Влатко Чингоски, нагласи дека и Македонија е вклучена во напорите за намалување на емисијата на стакленичките гасови во атмосферата.

## 10.11.2009
### Министерство за здравство/Министерство за економија

Министерството за здравство како предлагач на овој закон изработи детални објаснувања на техничкиот дел од Правилникот со цел да се даде точна насока на фирмите кои би пристапиле кон подготовки за графичкото одбележување на цигарите.На оваа седница беа допизирани деталите во врска со графичките прикази како и текстовите согласно Правилникот.

## 11.11.2009
### Групација на производители на свинско месо

Групацијата на производители на свинско месо при Стопанската комора на Македонија ги изнесе проблемите со ветеринарните станици во делот на реализацијата на Годишната наредба за здравствена заштита на животните. Затоа тие до Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство доставија барање за иземање на ветеринарните станици од вакцинирање на сточниот фонд во големите свињарски фармикако и проблемот со интегрираните А-дозволи и еколошки стандарди согласно новиот закон за животна средина

**12.11.2009**

## ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА EUROCHAMBRES ПРОЕКТ “PARTNERS FOR INVESTMENT PROMOTION“

Од 12 до 13 ноември 2009 година во организација на EUROCHAMBRES, а кофинансирана од страна на Европската Унија се одржа финалната средба на учесниците на проектот “PARTNERS FOR INVESTMENT PROMOTION“. На истата беше организирана и округла маса на тема “INVESTING IN WESTERN BALKAN – WHAT IS AT STAKE?“ на која беа поканети да земат учество и амбасадорите при мисиите во ЕУ на земјите учесници во проектот - Македонија, Србија, Црна Гора, БиХ, Албанија и Хрватска.
Средбата ја отвори г-дин Dirk Vantyhem, директор во оделот за меѓународна соработка при EUROCHAMBRES а збор земаа и Пиерре Мирел и Micol Martinelli од EUROCHAMBRES . Веднаш по нив збор земаа и амбасадорите при мисиите во ЕУ на земјите учеснички кои имаа кратки презентации за економските потенцијали и можности за инвестирање на своите земји.
Во вториот дел од средбата беа направени кратки презентации на опфатените со ПАРТНЕРС проектот активности како пример за успешната меѓукоморска соработка во состав на истиот.
Стопанската комора на Македонија беше претставена со 2 проекти-“Мрежа на центри за развој на проекти“ и “Регионот Преспа-дестинација за инвестирање“.

**19.11.2009**

## Расправа по Предлог-законот за инспекциски надзор



Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија, во рамки на Стопанската комора на Македонија организира еднодневната работилница на тема: Усогласување на македонското законодавствосо законодавството на Европската унија РАСПРАВА ЗА ПРЕДЛОГ- ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР На работилницата учествуваа поголем број наши членки кои дадоа конструктивни предлози. Овој Закон за прв пат треба да биде донесен во правниот систем на Република Македонија и истиот е предвиден во Националната програма за усогласување на македонското законодавство со правото на Европската унија.На работилницата се разгледа последната работна верзија на Законот за инспекциски надзор која произлезе од досега одржаните состаноци на членовите на Работната група задолжени за изготвување на овој Закон.На средбата ќе присуствуваше директорот на Државниот управен инспекторат при Министерството за правда, г-дин Димитар Ѓеорѓиевски, кој е и претседател на работната група за подготовка на Законот.

**02.12.2009**

## Министерство за земјоделство / Земјоделски факултет / Институт за тутун

На седницата беше дадена Оценка за производството на суров тутун во лист и информирање за откупот од реколта 2009 година. и покрај добрата откупна цена како и ветената подршка оден по кг откупен тутун, сепак ,уште а самиот старт од овгодинешниот откуп се појавиоај доста проблеми. Појава на дилери при откупот на тутунот кои во одредени моменти се однесуваат и над Законот за тутунот и тутунски производи маргинизирајќИ ги притоа претставниците на Здруженијата на тутунопроизводоителите, откупот во несоодветни услови и лошИ откупни центри кои не ги исполнуваат минималните стандарди за работа согласно законската регулатива, неевидентирање на одбитоците за време на проценета на тутунот од страна на откупувачИте што дополнително се тавара револт кај тутунопроизводителите, недобивањето листа на вкупно предаден тутун и одбитоци кои се задржуваат при исплатата на истиот беа потенцирани како некои од неправилностите и проблемите во досегашниот тек на откупот на тутун од реколта 2009 година.
Фирмие донесоа заклучок да достават допис до Инспектора земјоделство о цел навремено реагирање и овозможување правилен тек на откупот

**03.12.2009**

## Барање за укинување на царините на суровините во месната индустрија

Групацијата на производителите и преработувачите на месо и месни производи при Стопанската комора на Македонија, на состанокот одржан на 03.12.2009 година, расправаше за предлог барањето за намалување на царините на суровините во месната индустрија, за можоста за користење на средства од ИПАРД програмата, како и добивање на информации во врска со новите законски прописи и регилативи кои стапуваат во сила од 01.01.2010 година.
При тоа се изнесе дека преработувачката индустрија на месо во изминатиот период се покажа како многу стабилна гранка, со што успеа да задржи ниско ниво на цени а истовремено да го подобри квалитетот на своите производи. Со години наназад масната преработувачка индустрија е увозно ориентирана поради недостигот од домашна суровина за преработка при што се плаќаат големи царини (дури до 30%), што претставува големо оптоварување за самите фирми. Затоа, членките на Групацијата, ќе доставaт барање на автономни мерки, за укинување на увозните давачки на говедско и живинско месо за преработка.
На состанокот присуствување Игор Трошански од Телото за Управување со ИПАРД, кој истакна дека преработувачите на месо може да користат средства од оваа програма, кои ќе ги наменат само за заштита на животната средина, при

што Групацијата се заложи да формира работна група која ќе лобира за да се изврши пренамена на средствата и за други цели на оваа индустрија
Директорот на Ветеринарната Управа г-дин Дејан Рунтевски, ги образложи новите законски прописи и регилативи кои треба да ги исполнуваат фирмите од 01.01.2010 година како и новите услови и услуги кои ќе ги нуди Веретинарната Управа во нејзиното тековно работење од наредната година.

## 10.12.2009

### Групација за пазари

Управата за ветеринарство и организаторите на зелени пазари зеднички се договараа за имплементација на ХАССП ситемот за млечните производи и јајцата за продажба на зелените пазари, при што беше поново потенцирано дека пазарите треба да ги исполнуваат минимално технички услови за продажба на производите на зелените пазари, вклучувајќи ги производите од животинско потекло. За да се исполнат условите, посебно за продажба на сирење и јајца треба да бидат исполнети посебни услови и инфраструктура на пазарите. Заради различната опремост на пазарите низ градовите во земјата, потоа самото опремување и инфраструктурата, заклучено е да се формира Работна група, која заедно со претставниците од Управата за ветеринарство ќе се разгледаат сите детали и заеднички ќе се донесат упатства како и кои услови треба да ги исполнуваат пазарите, посебно за продажба на сирење и јајца.

## 16.12.2010

### МЕРКИ ДА СЕ НАМАЛИ НА ПЕТКРАТНО ЗГОЛЕМЕНИОТ УВОЗ

Кластерот за производство, монтажа, продажба и сервисирање на машини и опрема БИПОМ-М од Битола, заедно со Стопанската комора на Македонија, организираа расправа на тема: „**Намалување на трговскиот дефицит преку супституција на увозните со домашни производи“.**
На состанокот присуствуваа професори од Машинскиот и од техничките факултети, стопанственици од металната и електроиндустријата, како и Аце Антевски, претседател на Здружение на металната и електроиндустријата при Комората. Во расправата беше истакната потребата од стручни кадри за оваа стопанска област. Акцент беше ставен и на проблемот од високиот увоз на машини, опрема и приклучна механизација, што придонесува за зголемување и на онака високиот дефицит во земјава.
Претседателот на кластерот БИПОМ-М, Мирче Неделковски, истакна дека увозот на машини, опрема и приклучна механизација за 2008 и десет месеци од 2009 година е скоро за пет пати зголемен во однос на 2005 година. Со цел намалување на оваа ставка, како и олеснување во работата на стопанските гранки поврзани со увоз на машини, опрема и приклучна механизација, беа предложени неколку мерки кои треба да се преземат итно. Посебно тие се однесуваат на:

- зголемување на интересот за образување на млади кадри за оваа област, кои ќе бидат стипендирани од страна за државата;
- отворање кројачници за метал од страна на приватните стопанственици преку одредени олеснувања и стимулации од страна на државата;
- систем на следење на увозот на производите и преземање мерки со кои би се довело до негово намалување;
- систем за стимулирање на производството на нови производи коишто би биле конкурентни, како на домашниот, така и на странскиот пазар, со што би се довело и до намалување на трговскиот дефицит.

## 18.12.2010

### “ОБВРСКИТЕ ПО НАССР- СИСТЕМОТ, ОД 01.01.2010“

Во организација на Стопанската комора на Македонија и Дирекцијата за храна, на ден 18.12.2009 година се одржа состанок на кој се расправаше за: **“ Обврските по НАССР- системот, од 01.01.2010 “( воведен или започната постапка за воведување на истиот).**На состанокот присуствува стопански субјекти-членки на Комората, директорката на Дирекцијата за храна г-ѓа Марина Поповска Домазетова и инспектори од подрачните единици. Од страна на претставниците на Дирекцијата за храна ја истакнаа законската обврска на стопанските субјекти за импленемтирањето на НАССР системот кој мора секој субјет да има започнато постапка за воведување на истиот најдоцна од 01.01.2010 година. Стопанските субјекти се согласуваат со постапката за имплементирање на НАССР, но ја истакнаа и потребата од засилен инспекциски надзор од надлежните служби, бидејќи има субјекти кои немам ни отпочнато процедура за имплементирање на НАССР а ги има нивните производи на пазарот, при што се створа нелојална конкуренција меѓу самите компании

## 18.12.2009

### Расправа по Предлог енергетскиот биланс на РМ за 2010 година

Според проекциите на Министерството за економија, вкупните енергетските потреби на Р. Македонија во 2010 година би биле за 14 проценти поголеми во однос на реализираните во 2009 година. Ваквиот процент на зголемување е резултат на глобалната економска криза која во минатата година во најголем дел се одрази на компаниите од областа на производството на основни метали. Значително зголемување е планирано кај потрошувачката на природен гас, што се должи на влегување во погон на два нови производни капацитети, Те-то и Когел, кои ќе го користат овој енергенс за производство на елекрична енергија.
Поголемиот број квалификувани потрошувачи истакнаа дека очекуваат да се надмине кризата и со тоа да ги реализираат планираните потреби од енергија во просек за 80 до 90 проценти, а за природниот гас, од страна на беше истакнати дека планираните количини се за околу 25% повисоки од потребните.
Во расправата се отвори прашањето за начинот на покривање на комерцијалните загуби на ЕВН, за кои во Предлог енергетскиот биланс се планира да се искористи производството на малите хидроелектрани и прашањето со

балансирањето на електричната енергија. Начинот на пресметка би можел во голема мерка, дури и до 30% да ги промени планираните количини на електрична енергија за 2010 година.

## 24.12.2009

## Во Регионалната комора со седиште во Битола средба на новите членки од регионот со Ванчо Каргов, директор на Царинската Управа на РМ - ИНФОРМАЦИИ ОД „ПРВА РАКА“ ЗА ПОЕДНОСТАВЕНОТО ЦАРИНСКИ РАБОТЕЊЕ




Стопанската комора на Македонија продолжува со доближувањето на институциите до своите нови членки, како дел од информирањето на компаниите за придобивките од зачленување во комората. На средбата што се одржа во Регионалната комора со седиште во Битола (21.12. 2009 година), Ванчо Каргов, директор на Царинската управа на Република Македонија, ги претстави активностите на полето на модернизација и олеснување на трговијата за малите и средни претпријатија. На тој начин новите членки на комората од овој регион од „прва рака“ беа во прилика да се запознаат со примената на поедноставените постапки, електронскиот начин на поднесување и обработка на царинските декларации, користењето на банкарските гаранции и едношалтерскиот систем за увозно-извозни операции.

На барање на членките на Стопанската комора на Македонија, средбите од овој тип ќе се организираат регионално и со други институции кои се од интерес и го засегаат работењето на компаниите.

Вообичаено, на оваа и идните средби, компаниите се запознаваат и со активностите и услугите што ги добиваат со членство во Комората, како и со можностите за обезбедување на капитал за нови инвестиции овозможено од банките во Република Македонија.

Стопанска Банка АД Битола на средбата која се одржа во Регионалната комората со седиште во Битола ги претстави условите и можности за кредитирање на компаниите.

## 25.12.2009

### Национален Комитет за мрежа за сметководствени податоци од земјоделските стопанства

Во Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство се одржа првиот состанок на Националниот Комитет за мрежа за сметководствени податоци од земјоделските стопанства. Во тој комитет активно учество зазема и претставник од Стопанската комора на Македонија. На состанокот беа избрани претседател и заменик претседател на Националниот комитет како и беше донесен Деловодникот за работа на истиот. Беа договорени и идните активности кои треба да се извршуваат во наредниот период како организирање на саеми состаноци промоција на мрежата на сметководствени податоци и анимирање на земјоделските стопанства за вклучување во системот. Следниот состанок беше договорено да се одржи во почетокот на април 2010 година.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

**19.01.2009**

**Министерот за економија на Република Македонија, д-р Фатмир Бесими, со претставници на деловните асоцијации од земјава во посета на Република Косово - ЗАЕДНИЧКО УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ**



Министерот за економија на Република Македонија, Фатмир Бесими, во првата во официјалната посета на Приштина (19 јануари 2009 година), разговараше со неговите косовски колеги - министрите за финансии и економија, за индустрија и трговија и за енергетика и рударство, Ахмет Шаља, Љутви Жарку и Јустина Широка - Пула.Тој имаше средба и со Бесим Беќај, претседател на Стопанската комора на Косово, и со претставници на компаниите. Со ова почна да се реализира заложбата на Стопанската комора на Македонија при посетите на државните органи во странство да бидат вклучени и претставници на стопанските комори. Стопанската комора на Македонија, претставена од м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар и Љубица Нури, директор на Дирекцијата за меѓународна соработка при Комората, се заложи за билатерално регулирање на заштитата на инвестициите и одбегнување на двојното оданочување.

**28.01.2009**

**Средба меѓу словеначки и македонски компании во Стопанската комора на Словенија - СО СЛОВЕНИЧКИ ПАРТНЕРИ ДО ЕВРОПСКИОТ ПАЗАР**



По повод официјалната посета на премиерот на Република Македонија, м-р Никола Груевски на Република Словенија, во рамките на економскиот дел, на 27.1.2009 година, во Стопанската комора на Словенија, се одржа средба меѓу словеначки и македонски компании. На средбата пред повеќе од 100 македонски и словеначки стопанственици присуствуваа премиерите од двете земји. Во интерес на меѓусебната економска соработка на Словенија и Македонија е и основањето на Македонско-словеначкиот деловен клуб во кој ќе членуваат бизнисмени од двете земји. Пред бизнисмените и стопанствениците се обрати и претседателот на Стопанската комора на Словенија Зденко Павчек. На средбата присуствуваа и генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева, како и претставници од Сојузот на Стопански комори на Македонија и Македонско-словеначкиот бизнис клуб. Посетата на Словенија македонската владина делегација ја заокружи со свеченото отворање на Почесниот конзулат на Република Македонија во Крањ, кој ќе го предводи Јанез Бохорич.

**10.02.2009**

**Одржана Јавната Расправа за можноста за отварање на дистрибутивни центри во странство**

Во Стопанската комора на Македонија на 10 февруари 2009 година се одржа Јавна расправа за иницијативата за отварање на македонски трговски магацински простории во странство на која присуствуваа претставници од Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија, Македонската Руска Стопанска комора, како и претставници на 10 тина компании. Оценка на присутните компании е дека иницијативата е добра и во голема мера ќе им помогне на сите македонски компании кои сакаат да ги пласираат своите производи во странство а имаат проблеми со начинот на дистрибуција и промоција. Важно е да се дефинира по кој модел ќе се врши формирањето на дистрибутивните центри и на кои пазари, за реално да се задоволат потребите на повеќе индустриски сектори.

## 11.02.2009

## Во Стопанската комора на Македонија средба на Бранко Азески со Хидо Бишчевиќ, генерален секретар на Советот за регионална соработка - "NEW DEAL" ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА



За регионот и за сите земји поединечно од суштинско значење е прашањето на инфраструктурно поврзување. Во тој контекст, отворените прашањ а на кои преку регионалните иницијативи мораме да поработиме се градење на: регионален интегрален пристап кон ревитализација на железницата, воспоставување евтини авионски линии со кои би се поврзале престолнините во регионот и реконструкција на мостот кај Скадар (Албанија) за да се овозможи целосен проток на тешките товарни возила, - ова посебно го подвлече Бранко Азески на средбата со Хидо Бишчевиќ, генерален секретар на Советот за регионална соработка во земјите од Југоисточна Европа, при неговата посета на Стопанската комора на Македонија (11.2.2008 година). Во Стопанската комора на Македонија сметаат дека е неопходно и мотивирање на политичка волја меѓу водечките политички елити за постигнување на електронско поврзување на царинските премини меѓу земјите-потписнички на ЦЕФТА, со што ќе се овозможи непречен проток на стоки без сегашните пречести царински контроли. - Сите овие иницијативи се и ќе бидат поддржани како прашања со висока релевантност за работната агенда на Советот за регионална соработка, а особено инфраструктурните зафати во регионот бидејќи тие се генератори на обезбедување на бизнисите и отворање на нови работни места, - подвлече генералниот секретар Хидо Бишчевиќ.

## 13.02.2009

## Средба со претставници на Светската банка - МАКЕДОНИЈА ВО ПИЛОТ ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Стопанската комора на Македонија, во името на своите членки изрази целосна поддршка на иницијативата на Светката Банка за хармонизација на домашниот систем на јавни набавки со позитивните законски прописи и правила во набавките поврзани за нејзините пректи. Претставниците на Светската банка на средбата одржана во Стопанската комора на Македонија, со потпретстедателот Антони Пешев, соопштија дека Република Македонија заедно со 10 други држави е одбрана во пилот програмата на Светката банка, за унапредувањето на постоечкиот системот на јавни набавки и негово приспособување на светски прифатените стандарди и рагулативи за јавни набавки. Овој проект е исклучително значаен за македонските компании што се јавуваат и учествуваат на објавените тендери за јавна набавка, а требе да придонесе за подоследно уредување на сите аспекти на активностите при набавките од страна на владините и јавните органи и поголема објективност и транспарентност на целокупниот процес на јавни набавки

## 17.02.2009

## Клуб на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток и од Магреб - БИЗНИСОТ (ПО)БАРА ПОДРШКА, ДРЖАВАТА ЈА НАЈАВИ

Како Република Македонија да ја зголеми трговската размена и стопанската соработка со земјите од Блискиот Исток и од Магреб - беше тема на седницата на Клубот на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток и од Магреб, при Стопанската комора на Македонија (16.9.2009 година). Во Комората компаниите констатираа оти се обесхрабрувачки фактите дека со овие земји Република Македонија се` уште не воспоставила правна рамка (само со Египет и со Иран постојат договори за заштита и одбегнување на двојното одночување и со Катар за одбегнување на двојното оданочување), ниту пак започнала процес на либерализација на трговијата. Воспоставувањето на слободна трговија со регионот е составен дел од евроинтегративниот процес, во контекст на Евромедитеранската унија и процесите на либерализација на трговијата меѓу земјите на Голфот и ЕУ. Претставници на Министерството за надворешни работи и Министерството за економија информираа дека ќе се отпочне со анализа на стопанските и трговските односи со Регионот за да се изгради стратегија за либерализација на трговијата и приклучување кон евромедитеранска дијагонална кумулација на стоките. Основниот услов е стекнат, а тоа е Протоколот за изменување и дополнување на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија со ЕЗ, што е донесен минатата година.

## 17.02.2009

## Македонско-словенечки бизнис-форум во Скопје со учество на претседателите на двете држави, Данило Турк и Бранко Црвенковски - СО РЕГИОНАЛНИ ПРОЕКТИ ПРОТИВ ГЛОБАЛНАТА КРИЗА

Нашите средби имаат билатерална, интрарегионална и димензија на соработка со регионот на ЕУ, - им порача Бранко Азески на бизнисмените на двете земји во скопскиот хотел „Александар Палас“ на Македонско-словенечкиот бизнис-форум (17.2.2009 година). Деловната средба, којашто предизвика огромен интерес кај бизнис-заедниците на двете земји, се одвиваше во рамките на официјалната дводневна посета на претседателот на Словенија, Данило Турк, со бројна бизнис-делегација на земјава, на покана на претседателот на Македонија, Бранко Црвенковски. Токму двата претседатели, кои присуствуваа на Македонско-словенечкиот бизнис-форум, се согласија дека вкупните односи меѓу Македонија и Словенија се на високо ниво, структурата на стопанствата е повеќе комплементарна отколку

конкурентска, но иако ги има сите политички и правни предуслови за сигурен и успешен бизнис, економската соработка меѓу двете земји не е на задоволително ниво. Во однос на светската економска криза, шефот на македонската држава е со став дека таа ќе се одрази и во економските односи меѓу двете земји, а штетите можат да се намалат со поблиска соработка и координација. - Словенија подготви мерки за справување со кризата коишто дел се во правец на давање помош на успешните извозни компании, воспоставување на ригорозно штедење во јавниот сектор, подготвување на државен социјален план за работниците кои што ќе ги изгубат своите работнни места и зголемување на инвестициите во инфраструктурните проекти.

## 18.02.2009

## Посета на економскиот и трговскот советник на Белгија во Стопанската комора на Македонија - КОНКРЕТНИ РАЗГОВОРИ СО КОМПАНИИ ЗА НАСТАП НА БЕЛГИСКИОТ ПАЗАР



Економскиот и трговскиот претставник на Агенцијата за надворешна трговија и инвестиции (AWEX) при Амбасадата на Белгија во Софија, Ерик Санткин , беше во посета на Стопанската комора на Македонија (17.2.2009 година). Целта на посетата беше да се дефинираат заедничките институционални активности во функција на унапредување на економската соработка и интензивирање на трговските релации меѓу бизнис-секторот од Македонија и од Белгија. Посетата беше искористена и за да се остварат деловни средби со неколку македонски компании како продолжение на успешно реализираниот бизнис форум во октомври минатата година. Претставникот на AWEX се запозна со производствениот програм и со деловните активности на „Леов компани“, „Техно Унион“ и „Флуид Проект“ заради настап на овие македонски компании на белгискиот пазар.

## 23.02.2009

## Генералниот директор на Јапонската надворешно трговска организација - ЏЕТРО, Масахиде Хонда, во посета на Стопанската комора на Македонија - ПРОМОЦИЈА НА СТОПАНСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЗЕМЈАВА ПРЕД ЈАПОНСКИОТ БИЗНИС



-Основната улога на Јапонската надворешно трговска организација - ЏЕТРО, која е формирана во 2003 година, е промовирање на странските директни инвестиции во Јапонија, помош на малите и средни претпријатија за промовирање во светот, подршка на прекуграничните деловни врски во високата технологија и други клучни индустриски сектори, олеснување на економскиот раст на земјите во развој преку трговска промоција. За ова ги информираше своите домаќини Масахиде Хонда, генерален директор на ЏЕТРО при посетата на Стопанската комора на Македонија (23.2.2009 година). Според проценката на Масахиде Хонда, регион на југоисточна Европа е интересен за странските инвеститори од Јапонија. Тој се согласи на пренесената поддршка од страна на Стопанската комора на Македонија за секоја активност што значи промоција на стопанскиот потенцијал пред деловните луѓе и институции на Јапонија. Гостинот беше информиран, дека за жал, се уште не се воспоставени врски со коморскиот систем на Јапонија.

## 23.02.2009

## Посета на копретседателот на Македонско-турскиот деловен совет, Нури Озсеур, на Стопанската комора на Македонија - ТУРСКИ ИНВЕСТИЦИИ ЛЕК ЗА МАКЕДОНСКИОТ ТРГОВСКИ ДЕФИЦИТ

Бранко Азески, копретседател на Македонско - Турскиот деловен совет оствари средба со Нури Озсуер новоизбраниот копретседател на ова тело, при неговата прва посета на Стопанската комора на Македонија (23.2.2009 година). На оваа средба, двата копретседатели ја утврдија програмата за работа во 2009 година, која ќе биде целосно фокусирана на промоција на Република Македонија како инвестициона дестинација. Заеднички беше констатирано дека трговскиот дефицит на македонска страна, во билатералната размена најверојатно и понатаму ќе опстојува, а за негово намалување неопходно е да се работи на привлекувањето на инвестициите од Република Турција. Во таа насока, Македонско-турскиот деловен совет и Нури Озсуер ќе ја поттикнат кампањата за промовирање на инвестиции во Македонија, која би требало да финишира со посета на делегацијата на потенцијалните инвеститори од оваа пријателска земја. Тоа што ги загрижува турските инвеститори се имотно- правни односи кои се уште создаваат непланирани проблеми. Друг фактор, е операционализација на дијагонална кумулација на потеклото на стоки Македонија-Турција-ЕУ, што ќе придонесе за зајакнување на интересот за инвестирање.

**23.02.2009**

**Украинско-македонски бизнис форум во Киев - ГРАДЕЖНИШТВОТО, ПРЕХРАНАТА И ТУРИЗМОТ МАКЕДОНСКИ АДУТИ ЗА УКРАИНА**

Стопанската комора на Македонија со своја претставници беше дел од бизнис- форумот на македонски и украински компании кој се одржа во Киев на 20 февруари 2009 година. Делегацијата од Македонија беше предводена од вицепремиерот Зоран Ставревски. Голем проблем сеуште претставува големиот трговскиот дефицит на македонска страна кој за минатата година изнесува дури 200 милиони долари. Потребно е да се избалансира размената, што нема да значи намалување на увозот од Украина, туку зголемување на извозот од Македонија. Во тој контекст, посебно се истакнува потенцијалот на земјоделството, особено раноградинарското производство, овоштарското, производството на јагнешко месо, како и на пласманот на вино. Заклучок беше дека постојат големи можности за македонските компании за влез на украинскиот пазар, посебно во секторите градежништво, прехрана и туризам. На билатералните средби во Киев присуствуваа 20 македонски и 50 украински компании кои ги поставија првичните договори за меѓусебна соработка. Акцент беше даден на можностите кој ги нуди договорот за слободна трговија меѓу двете земји.

**24.02.2009**

**Претставници на Европската банка за обнова и развој во Стопанската комора на Македонија - ФИНАНСИРАЊЕ ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ ОВОЗМОЖАТ РАЗВОЈ НА МСП**



Грег Оттер, аналитичар на ТАМ/БАС програмите при Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и Лиса Брунокс, аналитичар од Канцеларијата на главниот економист, при ЕБОР, имаа средба со дел од менаџментот на Стопанската комора на Македонија (24.2.2009 година). Притоа, тие беа запознати со програмите и услугите кои Стопанската комора на Македонија ги реализира за малите и средни претпријатија. На средбата беа изнесени потребите од дополнителни активности кои Европската банка за обнова и развој треба да ги земе во предвид при изготвување на анализите за следните проекти во Македонија . Пристапот до финансии, подготовка на извозни стратегии, подобрување на ефективноста и ефикасноста на производните процеси, потикнување и поддршка на иновативноста и конкурентноста се дел од активностите кои Стопанската комора на Македонија ги предложи како следни активности кои треба да ја подобрат бизнис климата за развој на малите и средни претпријатија и да бидат подржани од Европската банка за обнова и развој.

**25.02.2009**

**Стопанската комора на Македонија со делегација од своите членки на „АгроСуд 2009“ во Неапол, Република Италија - ПОСЕТИТЕЛИТЕ ВООДУШЕВЕНИ ОД ВИНОТО НА „СКОВИН“ И ПРОИЗВОДИТЕ НА „ЛИОН“ ОД СВЕТИ НИКОЛЕ**



Во организација на Стопанската комора на Македонија, делегација составена од 12 компании од земјоделско-прехранбениот сектор, го посети Меѓународниот саем „АгроСуд 2009„ што се одржа од 20 до 22 февруари 2009 година, во Неапол, Република Италија. Организаторот ја покани Стопанската комора на Македонија, со своите членки, да го посети Саемот, со цел воспоставување деловни контакти со изл агачите. Стопанската делегација беше примена од Филомена Грасо, менаџер за односи со странство. Бидејќи македонската делегација беше најбројна и првпат го посетува овој саем, беше даден штанд, на кој што „СКОВИН„ од Скопје и „ЛИОН„ од Свети Николе се претставија со свои производи. „АгроСуд 2009„ е значаен саем за земјоделие, опрема, нова технологија, земјоделски машини, семе и семенски материјали, фертилизери, индустријата за преработка на месо и млеко, хортикултура и др. од областа на земјоделието, прехранбената и машинската индустрија од оваа област, што се одржува на две години.

**26.02.2009**

**GS1 Global Forum 2009 во Брисел - ПРИМЕНАТА НА СВЕТСКИТЕ GS1 СТАНДАРДИ ВО НОВИ СЕКТОРИ**

GS1 Македонија во рамките на своите меѓународни активности учествуваше на Глобалниот Форум одржан 16 до 20 февруари 2009 година во Брисел, во организација на Меѓународната GS1 организација, на којшто присуствуваа околу 520 претставници на националните GS1 организации од целиот свет, како и претставници на корисниците на GS1 системот и претставниците на фирмите кои помагаат при имплементацијата на GS1 системот (solutions providers). Целите на Форумот беа:• овластените претставници на GS1 системот да се запознаат и да остварат директни контакти на глобално ниво;• да се информира глобалната GS1 заедница за најновите достигнувања на GS1 системот и за проширувањата на примената на светските GS1 стандарди во нови сектори;• националните организации да ја зголемат

својата инвентивност за побрз развој на својата организација и поефикасно да ги задоволат потребите на своите членки;• да се разменат постојните и да се стекнат нови искуства за да може адекватно, успешно и координирано на глобално ниво да се имплементира GS1 системот на националните нивоа;• да се обезбеди ефективно поврзување на членките на GS1 системот;• да се информираат членките на GS1 системот за активностите во изминатата година и да се запознаат со стратегиските планови и приоритети за наредната година..

## 26.02.2009

### Првиот човек на компанијата "Нејви блу", Геоф Никол, на средба во Стопанската комора на Македонија - БРЕНДОТ СЕ ПРОДАВА ВО СТРАНСТВО И ПРИВЛЕКУВА ИНВЕСТИЦИИ

Основачот и директорот на компанијата "Нејви Блу" од Лондон, Геоф Никол, во придружба на претставникот задолжен за Централна и Источна Европа, ја посетија Стопанската комора на Македонија и водеа разговори со потретседателот, Антони Пешев (26.02.2009 година).Основната улога на "Најви Блу", како независна меѓународна агенција за брендирање, е да ги инспирира компаниите и да ги насочи кон остварување и искористување на нивниот вистински потенцијал. Агенцијата има големо искуство и бројни меѓународни клиенти, добиена преку брендирање на производи, институции, градови... Активностите на компанијата се реализирани преку канцелариите во Единбург, Лондон, Јоханесбург и Будимпешта. Во моментов се испитува теренот во Југоисточна Европа, каде се што чувствува потреба за помош на компаниите во насока на соодветно позиционирање на пазарот и привлекување инвестиции. Според мислењето на гостинот, добар пример за брендирање кај нас би бил туризмот и посебно на одредени историски локалитети, со цел достигнување на високо ниво на препознатливост.

## 03.03.2009

### Во Белград, Република Србија, се одржа Конференција за изградба на регионална мрежа на консултанти - ВО ФУНКЦИЈА НА ПОЕФИКАСНА ПОДРШКА НА ИЗВОЗОТ

Регионалната конференција посветена на изградба на регионална мрежа на консултанти за промоција на извозот, поддржана од ГТЗ, се одржа на 26 и 27 февруари 2009 година во Белград. На конференцијата учествуваа претставници од Србија, Хрватска, БиХ, Црна Гора, Албанија, Македонија, Бугарија и Германија и тоа од консултантски здруженија, претставници на државни агенции за промоција на извозот, како и претставници на коморите. Учесниците на Конференцијата ја поздравија потребата од изградба на таква регионална мрежа во функција на развојот на консултантскиот бизнис, а и заради поефикасна поддршка на фирмите-извознички корисници на нивните услуги. За време на Конференцијата се одржаа работилници посветени на ЦЕФТА-спогодбата, како да се поддржи извозот, најдобри успешни случаи на саемски промоции, како и за индустријата на консултанстски услуги во регионот. Од Македонија на Конференцијата учествуваа претставници на Групацијата за менаџмент консултанти при Стопанската комора на Македонија, претставници на претпријатија и од Стопанската комора на Македонија.

## 03.03.2009

### Македонските готвачи на најголемата Меѓународна гастрономска манифестација "Бисерот на морето 2009" што се одржа во Макарска, Република Хрватска - ОКТОПОДОТ ГИ ОБВИТКУВА ПРСТИТЕ, А "ШИРДЕНОТ" ЈА ПОЛНИ УСТАТА

Македонските готвачи се најдоа "рамо до рамо" со најдобрите мајстори на готвењето од девет земји. Во организација



на Стопанската комора на Македонија, готвачи од македонските угостителски објекти, како и членови на Здружението на готвачите на Македонија, беа учесници на најголемата меѓународна гастрономска манифестација "Бисерот на морето 2009", што се одржа во Макарска, Република Хрватска. Мајсторите на македонската кујна овојпат имаа "огнено крштевање", бидејќи за првпат ја претставуваа традиционалната кујна на сопствената земја и ги вкрстија готвачките вештини со бројни колеги од медитеранските и од европските земји. Хрватите вообичаено, кога е во прашање храната од Македонија, ги споменуваат тавче-гравчето и веќе "антологиското" вино "Т`га за југ". Најдобро пласираниот македонски готвач, на 23. место, беше Зоран Крестески, од прилепскиот хотел "Салида". До триесеттото место беа уште двајца македонски натпреварувачи: Стеванче Стеваноски од хотелот "Бистра" во Маврово и Зоран Сагиноски, претседател на Здружението на готвачите на Македонија. Ве очекуваме и следната година во Макраска, им порача на испраќање на македонските готвачи, Миро Богдановиќ, претседател на Сојузот на готвачите на медитеранските и европските региони.

## 04.03.2009

### Македонско-албанскиот бизнис форум во Тирана, Република Албанија, со учество на министрите за економија на двете земји - ЗАЛОЖБИ ЗА ЦЕЛОСНА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА

Во изминатите години на економска транзиција, Република Македонија направи значајни структурни реформи во економскиот систем, кои резултираа со создавање на подобар деловен амбиент, подобри услови за развој на отворена пазарна економија, либерализација на трговијата и развој на конкуренцијата и на приватните иницијативи во стопанските активности, - истакна д-р Фатмир Бесими, министер за економија на РМ, пред бизнисмените од двете земји кои учествуваа на Македонско-албанскиот бизнис форум. Тој се одржа во хотел „Тирана Интернационал“ на 3 март

2009 година. Албанија е на 19 место на листата на земји со кои Македонија остварува најголем обем на трговска размена. Во услови на глобална криза, интензивирањето на регионалната соработка е неопходно заради развивање на здрави односи меѓу бизнисмените. Неопходна е и активна соработка меѓу стопанските комори на двете држави, а непосредните контакти меѓу деловните субјекти се најсигурен пат до економскиот развој, - порача министерот за економија на Албанија, Генц Рули. - Еден од приоритетите на албанската влада е модернизација на инфраструктурата и отварањето на седум индустриски паркови, што ќе биде добар предуслов за развој на постоечките добри деловни односи кои постојат меѓу двете земји. Во организацијата на овој деловен настан беа вклучени Министерството за економија на Република Албанија, АЛБИНВЕСТ, Трговско индустриската комора на Тирана, а од македонска страна Министерството за економија на Република Македонија, ГТЗ-МАФП Проектот „Воведување на ЕУ Директиви во македонската земјоделска политика и подршка на соработката во земјоделско-прехрамбениот сектор во земјите во регионот“, во соработка со Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори и Македонската асоцијација на преработувачи.

**11.03.2009**

## Средба на членките на Македонско-хрватскиот деловен клуб со експерти од Управата за јавни приходи - НАТАМОШНА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИТЕ

Во Стопанската комора на Македонија, на 10.3.2009 година, се одржа редовна работна средба меѓу фирмите-членки на Македонско-хрватскиот клуб, основан во рамките на Стопанската комора на Македонија во соработка со Амбасадата на Република Хрватска во Република Македонија. На средбата присуствуваа претставници од Управата за јавни приходи, експерти од областа на индиректните и директните даноци. Експертите од Управата за јавни приходи, на претставниците на фирмите-членки на Клубот на оваа работна средба директно им одговорија на дилемите со кои се соочуваат нивните компании во нивното секојдневно работење. Средбата беше отворена од страна на генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева, Н.Е. амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија, Иво Кујунџич и копретседателот на Македонско-хрватскиот деловен клуб, Вита Хузјан.

**12.03.2009**

## Презентации - МИЛАНСКИОТ САЕМ TUTTOFOOD 2009 ПРЕД МАКЕДОНСКИОТ АГРО-БИЗНИС

Во Стопанска комора на Македонија, пред претставници на повеќе од 30 компании од земјава, на 12.3.2009 година беше презентиран Меѓународниот саем за храна TUTTOFOOD 2009. Претставниците на миланскиот саем, Маријана Касало и Лука Калогера, ги известија заинтересираните македонски компании дека на TUTTOFOOD се изложуваат најразлични видови месни и млечни производи, риба, вино, пијалаци, леб, пецива, житарки, тестенини, кафе, какао, масла, зачини, органска, здрава и бебешка храна, диететски производи, деликатеси, специјалитети, слатки...За македонските деловни луѓе фестивалот на храна во Милано е одлична можност за остварување бизнис контакти и за договарање конкретни зделки. TUTTOFOOD се одржува секои две години. Во 2007 година имало 1.200 излагачи од 33 земји и 35.000 посетители од 72 држави. Македонските компаниите кои ќе присуствуваат на TUTTOFOOD 2009 во Милано преку Стопанската комора на Македонија ќе имаат попуст од 30 отсто и можност за настап на заеднички штанд.

**16.03.2009**

## Одржана Конференција и деловни средби со грчки компании во Солун

Грчкиот Одбор за надворешна трговија (ХЕПО) организираше специјален деловен настан кој се одржа во Солун, на 16 март 2009 година, во хотелот „Капсис„. Настанот беше организиран како дел од Проектот `Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и развој на нови пазарни можности`, имплементиран од страна на ХЕПО, во рамките на ЦИП ИНТЕРЕГ 3. Настанот се состоеше од два дела. Првиот дел ја опфати конференцијата, која се однесува на активностите имплементирани од страна на ХЕПО, со цел поддршка во развојот на МСП во меѓуграничниот појас и помош за нивен влез на нови пазари. Во рамките на вториот дел, се одржа Партенаријат, организирани деловни средби меѓу компаниите од двете земји. Компаниите од Македонија беа организирани преку Стопанската комора на Македонија.

**17.03.2009**

## „Деблокирање на македонските извозни потенцијали на рускиот пазар“ - ПОТТИК СО МЕШОВИТИ ФИРМИ И ЕКОНОМСКИ КАНЦЕЛАРИИ



Македонските претприемачи треба почесто да одат на рускиот пазар и да остваруваат поинтензивни контакти со нивните тамошни колеги. Но, претходно мора да се направи стратегија за развој на економските односи меѓу Македонија и Руската Федерација, порачаа учесниците на деловна средба што ја организираа Македонско-руската стопанска комора и амбасадата на Русија во земјава. На расправата на тема „Деблокирање на македонските извозни потенцијали на Рускиот пазар“ со цел интензивирање на соработката, стопанствениците сугерираат и отворање економски канцеларии, како и создавање мешовити македонско-руски фирми. За инвестиции сега, во услови на глобална финансиска криза, посочија, не може да стане збор. Сега компаниите не мислат на вложувања, туку како да не

банкротираат зашто практично живеат црни денови. Се надевам дека кризата скоро ќе помине. Тогаш ќе се навратиме на темата инвестиции, изјави амбасадорот на Русија во Македонија, Владимир Димитриевич Солоцински. Русија во однос на вкупната размена е четврти трговски партнер на Македонија, а предничи од аспект на извозот при што имаме најголем дефицит, 930 милиони долари годишно. Македонија на рускиот пазар е конкурентна со виното, текстилот, производството на мебел и градежништвото, но најуспешна може да биде ако извезува храна.

## 19.03.2009

### Во Стопанската комора на Македонија одбележен Денот на Франкофонијата и формиран Клуб за унапредување на стопанската соработка со Република Франција и со франкофонските земји - (ПОД)ОТВОРЕНА ВРАТА ЗА НОВИ ПАЗАРИ И ПАРТНЕРСТВА

Триесетина македонски компании во Стопанската комора на Македонија го конституираа Клуб за унапредување на стопанската соработка со Република Франција и со франкофонските земји (19.3.2009 година). На овој начин, најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава за прв пат активно се вклучи во одбележувањето на Денот на Франкофонијата, 20 март. На свеченото одбележување присуствуваа Н.Е. Бернард Валеро, амбасадор на Република Франција во Република Македонија, Сашо Стефков, национален координатор за Франкофонија во Република Македонија и советник на премиерот за европски прашања, претставник од Министерството за економија, бројни гости од дипломатскиот кор и стопанственици - членки на Стопанската комора на Македонија. Стопанската комора на Македонија е уверена дека со формирањето и поддршката на Македонско-францускиот франкофонски клуб, како и со франкофонскиот проект АМАД (Пристап до пазарите за јавна размена на помош), за којшто Комората е фокална точка (база) за давање информации за јавни набавки и други меѓународни тендери, ќе ги поддржи компаниите да најдат нови пазари и нови партнери, и со нов квалитет на партнерства, да ги ублажат последиците од глобалната криза. Љупчо Величковски, директор на МЗТ "Комерц Нова", е извршен директор на Клубот во основање, а Анета Смит Гулева, координатор во името на Комората.

## 27.03.2009

### Мултилатерална средба меѓу стопанските комори на Австрија и Иран во Виена со учество на претставници на деловни асоцијации од Централна и Југоисточна Европа - НАДЕЖЕН ПАЗАР ОД 70 МИЛИОНИ ЖИТЕЛИ

На 24 март 2009 година во Виена се одржа мултилатерална средба меѓу високи претставници на Федералната стопанска комора на Австрија во улога на домаќин и претставници од највисоко ниво на Иранската Комора за трговија, индустрија и рударство. На средбата од страна на претседателот на Австриската комора беа поканети и претседателите на коморите од Централна и Југо-источна Европа, а во можност да одговорат на покана беа високи претставници од Стопанските комори од Словенија, Романија и Стопанската комора на Македонија, претставена од Анета Смит Гулева. Иран и Австрија се земји кои имаат традиционално добри односи. Во рамки на геостратешките случувања и Австрија како дел од ЕУ, оваа посета беше мотивирана од стратешки економски и политички претпоставки од кои може да се создадат добри можности за соработка на проекти кои нудат енергетска безбедност за ЕУ и земјите од Југо-источна Европа. Австрија е поддржувач на развојот на земјите од регионот, а Федералната стопанска комора на Австрија токму во духот на долгогодишното пријателство ја покани Стопанската комора на Македонија на оваа средба, во која нашиот претставник имаше можност да го реактуелизира меѓукоморскиот договор за соработка потпишан во 1994 година во Техеран. Целта на разговорите со иранските колеги беше во скора иднина да се организира деловна посета за поддршка на градењето на трговски врски меѓу двете земји. Како посебни полиња на соработка и тоа не само трговска беа нагласени индустријата, земјоделието, текстилот, истражувањето за кое беше покажан особен инстерес од иранска страна. Потенцијалот што овој пазар го нуди е 70 милионска популација која има искуство на работа со поранешните југословенски републики.

## 03.04.2009

### Директорот на Агенција за регионален развој во Братислава, Република Словачка, во посета на Стопанската комора на Македонија - ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ СО СЛОВАЧКИ РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ



На Словачка и беа потребни шест години за да се спроведе функционална децентрализација. Законите ги имплементираат граѓаните тамо каде што живеат, таму се и трошат парите од даночните обврзници, а бизнисот во најголем дел функционира и се развива таму каде што е регистриран. Европската Унија функционира преку одржливоста на регионите како економски, културни и социјални заедници. Така функционира и Словачка - земја членка на ЕУ, така ќе функционира и Република Македонија. Процесот на децентрализација не е едноставен: бара политичка волја, административен капацитет и време. - порача Љуба Павловова, директор на Агенција за регионален развој во Братислава, Република Словачка, при посетатата на Стопанската комора на Македонија. Агенцијата преставува платформа на сите субјекти кои се чинители на развој на регионите, вклучувајќи ги и регионалните комори. Со гостинот, Љуба Павловова, домаќините разговараа за можната соработка и заедничките проекти помеѓу македонски и словачки регионални комори.

**07.04.2009**

**Одржани деловни средби меѓу македонски и италијански компании во рамки на проектот „Летекс“ - ИТАЛИЈАНСКИТЕ ТЕКСТИЛЦИ И КОЖАРЦИ БАРААТ МАКЕДОНСКИ ПАРТНЕРИ**

Деловните средби организирани во Стопанската комора на Македонија и дефинитивно го потврдија интересот на италијанските компании од текстилниот и кожарско-преработувачкиот сектор за унапредување на соработката со производители, трговци и дистрибутери од земјава (6.4.2009 година). Целта на нивната посета беше да се запознаат со текстилните и кожарските капацитети од Македонија заради идентификување на потенцијалите за долгорочна соработка на принцип на лон доработки наменети за италијанскиот пазар. Истовремено, изразена е амбиција во наредниот период за пласман на нивните производи на македонскиот пазар преку дистрибутивни мрежи, трговија на големо и мало, импортери и застапници. Реализираните бизнис средби меѓу италијанските и македонските компании се опфатени во рамките на проектот “Летекс, деловни средби меѓу италијанските и балканските компании од текстилниот и кожарско-преработувачкиот сектор”, кој има за цел интензивирање на економската соработка помеѓу претпријатијата од текстилниот и кожарско-преработувачкиот сектор од Италија и земјите од Балканот, преку интернационализација и меѓусебна соработка во посочените индустриски сектори, како и преку трансфер на know-how технологии веќе имплементирани во италијанскиот производствен систем.

**13.04.2009**

**Во Охрид седница на Македонско црногорскиот деловен совет - СО ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ ДО СРЕДСТВА ОД ИПА-ФОНДОВИТЕ НА ЕУ**

На седницата на Македонско-црногорскиот деловен совет во Охрид (13.4.2009 гопдина), покрај претседателите на стопанските комори и редовните членови, учествуваат и менаџери на по неколку поголеми компании од двете земји. Учесниците на вториот по ред состанок на Деловниот совет дискутираа за можностите за унапредување на меѓусебата економска соработка, насоките за идната економска соработка, како и за влијанијата на актуелната светска економска криза врз националните економии. Нивото на трговската соработка меѓу Македонија и Црна Гора четири години воопшто не е променето. Имаме некои конкретни предлози за подобрување на состојбата, главно врзани за инфраструктурното поврзување преку Албанија како нов коридор интересен и за стопанствениците и за туристите, - истакна Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. Претседателот на Стопанската комора на Црна Гора, Велимир Мијушковиќ, меѓу другото, ги истакна можностите што ги нуди пристаништето во Бар, како сообраќаен ресурс што би бил од полза на македонското стопанство. Идејата е стопанствениците од двете земји да ги идентификуваат заедничките проекти што би можеле да бидат интересни за институциите на ЕУ и на други донатори за поддршка на регионалниот развој. Во прв ред тука спаѓаат проекти од сообраќајната и енергетската инфраструктура, како и подобрување на квалитетот на службите што се директно врзани со билатералната стопанска соработка. Македонија со статусот земја-кандидат за членство во ЕУ може да аплицира до претприемните ИПА-фондови, додека Црна Гора како апликант за членство ограниченоста во пристапот со средствата може да ја надомести преку аплицирање за заеднички проекти. Македонско-црногорскиот деловен совет беше конституиран пред две години во Жабљак во Црна Гора, со цел да работи на унапредување на билатералната стопанска соработка меѓу двете земји.

**14.04.2009**

**Порака на Хидо Бишчевиќ, генерален секретар на Советот за регионална соработка - ЈАСНИ И ГОЛЕМИ РЕШЕНИЈА ЗА ОДГОВОР НА КРИЗАТА И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕФОРМИТЕ**

Советот за регионална соработка (СРС) заедно со чешкото и идното шведско претседателство на ЕУ разработи иницијатива за собирање на земјите од Југоисточна Европа околу нова, оригинална стратешка платформа која ќе придонесе за големи регионални развојни проекти во најприоритетните подрачја за национална и регионална економија, како што се енергетиката, инфраструктурата и транспортот и кои би можеле да се прошират и во секторите за заштита на околината, развој на регионалните економски кластери и развој на човечкиот потенцијал. Регионалната конференција на тема „Јавно-приватно партнерство“, која СРС ја подготвува за септември оваа година ќе отвори простор и за вклучување на приватниот сектор во развојот на значајни регионални инфраструктурни проекти. Првата идеја е поголема итност во случаите на длабоки и силни промени на светската сцена, во услови на длабока институционална криза во светските политички и економски структури. Овој дел на континентот треба повремено да ги забави останатите отворени прашања за да се отстрани инерцијата, неактивноста и меѓусебното ветување и на тој начин да се отвори перспектива наместо да се повикува на економски неодржлива и политички опасна стагнација. Втората идеја се однесува на самоодговорноста. Фокусот и енергијата на меѓународната заедница се поместуваат и би можело да се отстранат од регионот, барем во смисла на трајни директни ангажмани. Тие треба да го повикаат политичкото водство во регионот да ја преземе одговорноста за забрзано спроведување на потребните реформи и решавање на останатите отворени прашања. Едноставно, времињата се такви што политичкото водство мора да сфати дека нема вишок време.Третата идеја е креирање јасни и големи решенија за одговор на актуелната криза и мотив за продолжување со реформите.

**24.04.2009**

**Посета на Рената Витез, директор на Серкретаријатот на ЦЕФТА 2006, на Стопанската комора на Македонија - КРИЗАТА ЈА ПОТКАСТРУВА И РЕГИОНАЛНАТА РАЗМЕНА**

Бенефитите што Владите ги нудат треба да се искористат, како компаративни предности во работењето и треба да бидат во функција на изградување на конкурентност на производите. Ова беше посебно подвлечено при средбата на Рената Витез, директор на Секретаријатот на ЦЕФТА 2006, со Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. Притоа, беа разменети информации и мислења во врска со имплементацијата на договорот ЦЕФТА 2006

од страна на деловната заедница. Гостинот позитивно се изрази за подготвеност на ЦЕФТА земјите да се либерализира трговијата со земјоделските производи. Што се однесува, пак, до започнатите активности во врска со меѓусебното признавање на техничките стандарди и стандарди за квалитет за очекување е дека ќе се создадат објективните потешкотии со оглед на фактот дека сите ЦЕФТА земји не се во истиот статус на апроксимација на националното законодавство со тоа на ЕУ, како и заради различните нивоа на опременоста на лабораториите. Рената Витез, директор на Серкретаријатот на ЦЕФТА 2006, особено се интересираше за приватно јавен дијалог помеѓу Комората - бизнис заедницата и Владата. Таа нагласи дека Секретаријатот, канцеларијата во Брисел, има задача и да лобира во врска со имплементацијата на ЦЕФТА договорот, како кај националните Влади, така и пред Европската комисија и други релевантни меѓународни организации и институции, што и приватниот и јавниот сектор треба да го искористат.

## 28.04.2009

### Почесниот конзул на Република Македонија во Романија и претседател на Регионалната комора на Прахова, Аурелијан Гогулеску, во посета на Регионалната комора со седиште во Скопје - МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА ВО ТЕКСТИЛОТ, ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО...



Претседателот на Регионалната Комора со седиште во Скопје, Горан Рафајловски, се сретна со почесниот конзул на Република Македонија во Романија, Аурелијан Гогулеску, кој истовремно е претседател на Регионалната комора на Прахова, Романија ( 28.4.2009 година). Во оваа прилика двајцата претседатели разговараа за стопанските можности на двете земји и за можноста да се отворат нови полиња на соработка. Како изгледни области за меѓусебна размена се посочени тексилната индустрија, земјоделството и слично. При оваа размена на мислења е договорено веќе во јуни годинава во посета на Македонија да дојде група на стопанственици организирани од Трговските комори на Букурешт и Прахова.

## 29.04.2009

### Средба на бизнис-заедницата од земјава со почесните конзули на Република Македонија во странство - ДЕЛОВНАТА ДИПЛОМАТИЈА НУДИ ОГРОМНА ПОДРШКА ЗА БИЗНИСОТ

Почесните конзули на Република Македонија во странство во скопскиот хотел „Александар Палас" имаа „очи во очи" средба со претставници на бизнис-заедницата од земјава. Поводот беше одбележувањето на денот на Министерството за надворешни работи, 29.4.2009 година. Во оваа пригода, всушност, за прв пат домашните бизнисмени седнаа на иста маса со почесните конзули и се обидоа да ги дефинираат начините за поуспешен пласман на македонските производи во нивните земји. Средбата ја организираа деловните асоцијации - Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Северо-Западна Македонија и Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии - МАСИТ. Преку стотина безнисмени, нивни членки, разговараа со 24 почесни конзули на Република Македонија во странство. Со оглед на фактот дека почесните конзули се видни личности во своите земји и се сопственици на реномирани компании и на бизниси развиени надвор од нивните земји, средбите со нив беа вистинска можност да се трасираат патиштата за проширување на македонските бизниси, изнаоѓање инвеститори, настап на трети пазари или развивање на други партнерства.

## 29.04.2009

### Регионалната комора со седиште во Битола беше домаќин на средба со бизнисмени од Подрачната стопанска комора на Бања Лука, од Република Српска во БиХ - ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ВРСКИ - СИГУРНОСТ ВО БИЗНИСОТ

Благој Стојчев, претседател на Регионалната комора со седиште во Битола и Никола Толимир, претседател на Подрачната стопанска комора на Бања Лука - Република Српска, БиХ. потпишаа Спогодба за соработка меѓу двете деловни асоцијации (28.4.2009 година). Договорено е да се зголемат контактите помеѓу коморите, како и да се оствари возвратна посета на битолските стопанственици на Бања Лука во септември 2009 година, на саемот во Бања Лука. Ова е општиот резултата на средбата на двете регионални стопански комори, што се одржа во Битола. На разговорите меѓу бизнисмените беше присутен и амбасадорот на Босна и Херцеговина во Република Македонија, Милан Балабан, кој ја поздрави оваа средба на стопанствениците од двата града. Тој истовремено наведе дека има услови да се интензивира стопанската соработка, базирана на економските потенцијали на двата региони.

## 11.05.2009

### Деловна посета на компании од Република Македонија на Република Србија - НА ТАПЕТ НЕТАРИФНИТЕ БАРИЕРИ

Внимателно треба да се следат мерките за надминувањето на кризата, кои ги носат владите во Регионот и тие да се искористат во изградувањето на конкурентност и развој на бизнисите. Во иднината, треба да работиме на создавање на регионални производи: во реално производство, услугите, финансии, инфраструктура, промоција. За ова фаза на регионалната економска консолидација, инпут на бизнис заједницата е круцијален, но без политичката волја, тешко е дека можеме ефикасно да стигнеме до целта. Коморите се пред предизвик, повторно да го докажат својот авангарден

капацитет и да ја вопостават матрицата на заедничкиот регионален пазар беше потенцирано од м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија на Македонско-српскиот бизнис-форум што се одржа во просториите на Стопанската комора на Србија во Белград (11.5.2009 година). Стопанската делегација од Македонија оствари посета на Меѓународниот саем за земјоделство во Нови Сад и билателарни средби во Стопанската комора на Војводина, како и посета на Регионалната стопанска комора на Краљево.

**12.05.2009**

## Средба со претставници на СПАРК и ЦБИ во Стопанската комора на Македонија - ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ И НАСТАНИ



Претставници на Центарот за промоција на увозот од земјите во развој (ЦБИ) и Специјалната агенција за поддршка на претприемништвото (СПАРК) оствариjа посета на Стопанската комора на Македонија (8.5.2009 година). Предмет на посетата е идентификување на заеднички цели и интереси на инволвираните страни кои би генерирале реализација на едукативни настани и активности во наредниот период. Со оглед на актуелните неповолни економски состојби и регистрираните негативни тенденции во трговската размена на земјите во регионот предвидено е одржување на тематски работилници и семинари за унапредување на работењето на македонските компании во регионални и интернационални рамки. Центарот за промоција на увозот од земјите во развој (ЦБИ) е холандска асоцијација која обезбедува техничка и експертска поддршка на извозно ориентираните компании од земјите во развој преку изработка на извозен маркетинг, развој на менаџерски способности, истражување н апазарот, трговска промоција, обуки, работилници за унапредување на извозот на пазарот на ЕУ.

**19.05.2009**

## Претседателот на РМ, Ѓорѓе Иванов, на директна средба со словенечките бизнисмени во Крањ испрати силна поддршка за бизнисот - ЛЕК ЗА ДЕФИЦИТОТ - ПОГОЛЕМ ПЛАСМАН НА МАКЕДОНСКИ ПРИЗВОДИ НА СЛОВЕНЕЧКИОТ ПАЗАР

Претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов, оствари официјална посета на Република Словенија, на 18 мај 2009 година. Во рамките на посетата, во просториите на македонскиот Конзулат во Крањ, претседателот Иванов се сретна со словенечки бизнисмени кои имаат инвестирано во земјава, како и од други компании од дежелата кои планираат да инвестираат во Македонија. На средбата присуствуваа министерот за надворешни работи на РМ, Антонио Милошоски, амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, Самоил Филиповски, амбасадорот на Словенија во Македонија, Алаин Бриан Бергант, почесниот конзул на РМ во РС, Јанез Бохорич, генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија, Јелисавета Георгиева и претседателот на Стопанската комора на Словенија и претседател на УО на фирмата „Виатор&Вектор„, Зденко Павчек. Претседателот на Стопанската комора на Словенија, Зденко Павчек, истакна дека Македонија за словенечките бизнисмени е еден вид регионален центар од каде можат да ги пласираат своите производи на околните пазари. Тој ја истакна одличната соработка која е воспоставена меѓу Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Словенија. Од негова страна беше најавено дека наскоро се планира да се конститутира словенечко-македонски бизнис клуб на пријатели кои ќе помогнат за подобрување на соработката. Седиштето на Клубот ќе биде во Стопанската комора на Словенија.

**20.05.2009**

## Трговскиот советник при Амбасадата на Ангола со седиште во Белград во посета на Стопанската комора на Македонија - ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ФАРМАЦЕВТСКАТА ИНДУСТРИЈА И ГРАДЕЖНИШТВОТО СО РЕАЛНИ ИЗВОЗНИ ШАНСИ

Република Македонија и Република Ангола се` уште немаат воспоставено дипломатски односи, што битно влијае врз билатералната трговска размена, која практично е сведена на минимум. Недоволната трговска соработка е резултат на недоволното познавање на потенцијалите на двата пазара и на нивната географска оддалеченост, взаемно немаме доволно информации едни за други, момент којшто во иднина ќе мора да се надмине особено преку заедничките промотивни активности - заеднички е оценето со домаќините при посетата на Висент Муанда, трговски советник при Амбасадата на Ангола со седиште во Белград на Стопанската комора на Македонија. Во функција на промоција и непосредно претставување на економските потенцијали на Ангола пред македонската бизнис-заедница, договорено е на 11 јуни 2009 година во Стопанската комора на Македонија да се одржи “Промотивен ден на Ангола”. Настанот ќе има за цел информирање за законските, финансиските и за административните регулативи за водење бизнис, сервиси и услуги за поддршка на бизнисот и други корисни информации.

## 25.05.2009

### Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, ги прими во посета претседателите на најголемите деловни асоцијации од Република Турција - ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, ги прими во посета претседателите на најголемите деловни асоцијации од Република Турција. На средбата присуствуваа: Рифат Хисарџиклиоглу, претседател на Унијата на турските индустриски комори и стоковни берзи - ТОББ и претседател на Одборот за надворешна трговија на Турција - ДЕИК, Мехмет Бујукекси, претседател на Асоцијацијата на турските извозници и Омер Чихади Вардан, претседател на МУСИАТ, Асоцијација на бизнисмени од Турција, предводени од нивниот домаќин, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, потенцирајќи го огромното пријателство меѓу двете земји и истакнувајќи ја поддршката што постојано Република Турција и ја дава на нашата земја, истакна дека во стопанската соработка има многу неискористени можности. Посебно тој го издвои ниското ниво на странски директни инвестиции од Турција во земјава. Република Македонија за турските бизнисмени нуди изгледни шанси за успешни вложувања во земјоделството и воопшто во производството на храна, како и во обновливите извори на енергија, како што е геотермалната, соларната и енергијата од ветерот. Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, заблагодарувајќи се за приемот, информираше за традиционалното партнерство меѓу најстарата и најбројна асоцијација во земјава и Унијата на турските индустриски комори и стоковни берзи - ТОББ, подвлекувајќи дека е неопходен и заеднички настап на македонските и турските компании на трети пазари.

## 26.05.2009

### Меѓународен стопански форум „Струма“ во Благоевград, Република Бугарија - ПРИОРИТЕТ ЗА ПРОЕКТИТЕ ШТО ЈА РАЗВИВААТ МЕЃУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА

На 21 и 22 мај во Благоевград претседателот на Регионалната комора со седиште во Скопје, Горан Рафајловски, учествуваше на Меѓународниот стопански форум "Струма". Собирот беше организиран од страна на Бугарскиот економски форум. Оваа меѓународна средба е нова иницијатива чија цел е да се претстави стопанскиот развој на Југо-западниот плански регион на Бугарија и неговите меѓународни стопански односи со соседските региони од Македонија, Грција и Србија. На средбата присуствуваа високи претставници од коморите од споменатите земји и истакнати стопанственици. Претседателот на Регионалната комора со седиште во Скопје, Горан Рафајловски, пред присутните се обрати на темата за приоритетите и проектите за меѓугранична соработка, како и за можностите за поголем развој на трговијата меѓу Србија, Македонија, Бугарија и Грција.

## 26.05.2009

### Македонско-турски бизнис - форум во Охрид - БИЗНИСОТ ТРЕБА ДА ГИ ИСКОРИСТИ ОДЛИЧНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА

На Македонско-турскиот бизнис форум, што се одржа во Охрид (26.5.2009 година), присуствуваа стотина турски и бројни македонски стопанственици. Меѓу нив се и претставници на педесетина компании - членки на Стопанската комора на Македонија, предводини од претседателот на најстарата и најбројна деловна асоцијација во земјава, Бранко Азески. Во рамките на оваа средба на деловните луѓе од двете земји, Стопанката комора на Македонија, Сојузот на стопанските комори и Стопанската комора на Северозападна Македонија потпишаа Меморандум за соработка со МАТТО - Стопанската комора Македонија - Турција. Наведувајќи ги преземените мерки во изминатиот период за подобрување на деловната клима, премиерот Никола Груевски ги истакна и предностите што ги нуди Македонија за турските компании меѓу кои промената на билатералната кумулација за потекло на стоката во дијагоналната кумулација со која се овозможува за готовите производи со македонско потекло, за чие производство се користеле репроматеријали од Турција да не се плаќаат царински давачки при нивниот увоз во земјите на ЕУ. Турскиот министер за надворешна трговија и инвестиции, Зафер Чаглајан, порача деловните заедници на Турција и Македонија да ја интензивираат економската соработка со користење на предностите како резултат на добрите политички односи. Турција во Македонија досега иневстирала 180 милиони долари, но според министерот Чаглајан, намерата е таа бројка до 2011 година да достигне половина милјарда долари. Турските стопанственици присутни на македонскиот пазар ги пренесоа досегашните искуства при реализација на нивните инвестиции, по што следеа билатерални средби меѓу претставници на компаниите од Турција и Македонија.



**27.05.2009**

### Во Стопанската комора на Македонија средба на Бранко Азески со челните луѓе на деловните асоцијации од Република Турција - ОД 1 ЈУЛИ ПОЧНУВА ДИЈАГОНАЛНАТА КУМУЛАЦИЈА СО ТУРЦИЈА

Од 1 јули конечно ќе профункционира Договорот за дијагонална кумулација со Турција, што е од големо значење за за македонските компании, особено од текстилната индустрија. Тој се однесува за сите фирми кои користат репроматеријали од Турција, а од тогаш без царина ќе може да ги извезуваат готовите производи во Европската Унија. Ваквиот договор е резултат на 7-8 годишните упорни настојувања на Стопанската комора на Македонија, во која што борба имаше и голема помош од Унијата на турските индустриски комори и стоковни берзи - ТОББ. Воедно, се договоривме оваа водечка деловна асоцијација, која има преку 80 претставништва низ светот, директно да ни помогне во нејзината популаризација - истакна Бранко Азески (27.5.2009 година) во изјавата за медиумите по средбата со челните луѓе на турските деловни асоцијации. Претседателот на Стопанската комора на Македонија им беше домаќин на Рифат Хисарџиклиоглу, претседател на Унијата на турските индустриски комори и стоковни берзи - ТОББ ( која што обединува 1,3 милиони турски компании), претседател на Одборот за надворешна трговија на Турција - ДЕИК, на Мехмет Бујукекси, претседател на Асоцијацијата на турските извозници и на Омер Цихади Вардан, претседател на МУСИАТ, Асоцијација на бизнисмени од Турција.

**04.06.2009**

### Презентација на Endress агрегати - ПРОИВОДСТВО НА СТРУЈА СО ВРВЕН КВАЛИТЕТ

Во Стопанската комора на Македонија на 3.6.2009 година се одржа презентација на хрватско-германската компанија Endress. Притоа, беа претставени производи кои што овозможуваат брзо и ефикасно решавање на недостаток на струја во кризни ситуации. Присутните се запознаа со: Мобилни агрегати (хоби, занаетчиски и индустриски) со исклучително долготрајни OHV мотори; најнова индустриско-генераторска техника, агрегати со автоматско вклучување при снемување струја-целосно осигурување; електронско регулирани синхрони генератори; вградени приклучоци за автоматско вклучување; -командна плоча за full power прием, агрегати за специјални намени со ДИН и НАТО стандарди за војска, полиција, противпожарна и останати специјални служби.

**04.06.2009**

### Македонско-чешки бизнис форум - ЧЕШКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗЕМЈАВА - ЛЕК ЗА МАКЕДОНСКИОТ ТРГОВСКИ ДЕФИЦИТ

Влегувањето на Чешка во полноправно членство на Европската унија даде позитивни резултати во билатералната трговска размена. Оценуваме дека со најновите процеси на интеграција на трговскиот простор во Југоисточна Европа и создавањето слободна трговска зона - ЦЕФТА 2006, како и примената на дијагоналната кумулација на потеклото на стоките меѓу Република Македонија, Република Турција и ЕУ, ќе отвори нови можности за развој на повисоки облици на стопанска соработка и ќе поттикне нови инвестиции, - истакна Бранко Азески на Македонско-чешкиот бизнис-форум (4.6.2009 година). Потребно е да ја искористиме создадената систематска инфраструктура: воспоставената либерализирана трговија со ЕУ, конвенциите за избегнување на двојното оданочување и поттикнување и взаемната заштита на инвестициите. Исто така, добар основ за унапредување на директните контакти меѓу претприемачите се и Спогодбата за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Конфедерацијата на индустријата на Чешката Република и Меморандумот за разбирање со Стопанската комора на Чешка. Пред присутните петнаесетина компании од Чешка и исто толку домашни партнери, директорот Павел Свобода, изврши презентација на Агенцијата за промовирање на трговијата на Чешка, а потоа беа остварени бројни билатерални средби меѓу компаниите од двете земји.

**09.06.2009**

### Средба со претседателот на Одборот за европски прашања на Саборот на Република Хрватска - СТАБИЛИЗАЦИЈАТА НА РЕГИОНОТ ЗАВИСИ ОД БРЗИНАТА НА ИНТЕГРИРАЊЕТО ВО ЕУ

Стабилизацијата на регионот зависи од брзината на неговото интегрирање во ЕУ, - изјави д-р Невен Мимица, претседател на Одборот за европски прашања на Саборот на Република Хрватска, при средбата (8. јуни 2009.) со заменик-претседателот на Националниот совет за ЕУ-интеграција на Република Македонија, Силвана Бонева, и дел од членовите, вклучувајќи и претставник на Стопанската комора на Македонија. Гостинот ги запозна домаќините со надлежностите на Одборот за европски интеграции, а тоа се: усогласување на законодавството на Република Хрватска со законодавството на ЕУ; следење на исполнувањето на правата и обврските на Хрватска кои произлегуваат од меѓународните односи со Европскиот совет; следење на програмите за помош и соработка со ЕУ; соработка и размена на искуства со комисиите за европска интеграција. Во 2005 година, Хрватскиот сабор донесе одлука за основање на Национален одбор, како работно тело на Саборот кое ги следи преговорите. Одлуките на Националниот одбор не се обврзувачки за Владата, но се земаат предвид, бидејќи Одборот е замислен како форма на политички дијалог. Од 13 члена на хрватскиот преговарачки тим, (стручноста е единствен критериум за избор), двајца експерти се од Стопанската комора на Хрватска, од кои еден е и шеф на преговарачкиот тим за поглавјето „Земјоделие“.

## 09.06.2009

### Во Валона потпишан Меморандум за разбирање меѓу стопанските комори на Македонија, Албанија, Црна Гора и Косово - ЗАЕДНИЧКО АПЛИЦИРАЊЕ КАЈ ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ

Стопанските комори на Македонија, Албанија, Црна Гора и Косово заеднички ќе аплицираат кај институциите на ЕУ и кај други меѓународни организации за развојни програми фокусирани на нивните земји. За таа цел на 9.6.2009 година, во Валона, Република Албанија, претседателите на стопанските комори на овие земји, Бранко Азески, Илир Жила, Миодраг Мијушковиќ и Бесим Беќај, потпишаа Моморандум за разбирање. Со овој Меморандум, се предвидува и покренување иницијативи пред владите за унапредување на патната инфраструктура со цел подобра комуникација, заеднички настап на саемски манифестации, заеднички туристички пакети, едукација. Меморандумот за соработка меѓу стопанските комори има за цел, не само да се превземаат конкретни чекори за помош на бизнисот, туку и да се изнајдат конкретни решенија за проблемите што произлегуваат во регионот, потенцираа председателите на стопанските комори од регионот на средбата во Валона.

## 11.06.2009

### Презентација на Ангола во Стопанската комора на Македонија - МОЖНА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Амбасадата на Ангола со седиште во Белград, Република Србија, организираа претставување на Ангола како можна нова бизнис-дестинација (10 и 11.6.2009 година). Притоа, заинтересираните деловни луѓе од земјава можеа детално да се запознаат со политичките, географските, културните, и посебно со бизнис-можностите на оваа африканска земја. Ангола е подготвена за соработка со македонски компании во речиси сите области. Како атрактивни за инвестирање се издвојуваат земјоделството, градежништвото, електричната енергија и водата, развојот на инфраструктурата, туризмот и угостителството, рударството, рибарството и образованието, - им порача на македонските деловни луѓе Винсенте Муанда, советник во Амбасадата на Ангола. Во поседедните неколку години оваа африканска држава бележи економски раст кој се движи околу 25 отсто, што ја вбројува во една од најбрзорастечките економии во светот.

## 16.06.2009

### Компании од земјава во организација на Стопанската комора на Македонија учествуваа на Меѓународниот саем за храна Tutofood во Милано, Република Италија - СОБРАНИ КОРИСНИ ИСКУСТВА ВО БИЗНИСОТ СО ХРАНА

Од 10 do 13 јуни 2009 година, во Милано, Република Италија, се одржа вториот по ред меѓународен саем посветен на целиот прехранбен ланец Tutofood. Tutofood беше идеално место за разменување на искуства, анализирање на трендовите на пазарот и согледување на развојот на потрошувачката, купување на мостри, а беа организирани и работилници, семинари , конференции и состаноци. Во организација на Стопанската комора на Македонија, македонските компании имаа прилика да го вкусат и видат сето што го понуди светската прехрамбена индустрија во Милано. Можност да го доживеат саемот, да направат договори, да земат со себе мостри потребни за своите бизниси ја имаа: „Благој Ѓорев “ од Велес, „Золива“ од Скопје, „Дошница“ од Неготино, „Кинг Траде“ од Виница, „Антарес“ од Кочани и „Лион“ од Свети Николе. За време на на посетата на саемот македонските компании се промовираа пред тамошните партнери, остварија многу контакти со производителите на храна. Истовремено, тие ги проширија своите знаења на одржаните семинари, тркалезни маси, презентации и промоција на производи, на кои што активно учествуваа.

## 16.06.2009

### Средба на Стопанските комори на Македонија и Косово во Приштина - НЕОХОДНО НАТАМОШНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, со група стопанственици од земјава престојуваше во еднодневна посета на Република Косово (16.6.2009 година). Посетата се реализираше на покана на претседателот на Стопанската комора на Косово, Бесим Беќај, а челните луѓе на двете деловни асоцијации со претставници од бизнис-секторот разговараа за падот на трговската размена меѓу двете земји. Деловните луѓе побараа потпишување договор за одбегнување на двојното оданочување, унапредување на прекуграничната инфраструктура, воспоставување заедничка царинска контрола и модерни гранични премини кои ќе ја олеснат соработката меѓу фирмите и граѓаните на двете земји. Стопанствениците се согласија дека за да се подобри трговската размена меѓу двете држави потребно е да се формира и мешовита комисија која ќе ја следи стопанската соработка, да се преиспита билатералната правна рамка потребна за создавање поттикнувачки деловно инвестициски амбиент, како и почесто да се организираат бизнис форуми.

**22-27.06.2009**

**Операционализација на фокалната точка АМАД – Македонија**




Учество на работилница во Тунис во рамки на франкофонскиот проект АМАД насочен кон олеснување на пристапот на МСП до деловните можностите на меѓународните тендери. Стопанската комора на Македонија е назначена да биде носител на проектот за Македонија, а поддржувач на истиот е Меѓународната организација на франкофонските земји. Целта на оваа работилница беше да се подготви едногодишен оперативен план за анимирање на македонските претпријатија и воспоставување на тендерски вести. Преку овој проект за заинтересираните локални фирми се отвораат можности за пристап до пазарите од земјите на МАГРЕБ како и франкофонските земји од АФРИКА и Караибите.

**22.06.09**

**Регионална комора со седиште во Прилеп: Први резултати од одржаниот Српско-македонски форум во Валево - КС „РОЛОСПАС“ ПОЧНУВА ИЗВОЗ НА ПОЛУПРОПИЛЕНСКИ ЦЕВКИ ВО СРБИЈА**

КС „Ролоспас“ од Прилеп ќе извезува полипропиленски спојни елементи за одвод и довод на вода во соседна Србија, врз основа на деловната соработка со „Симил“ С.З.Р од Валево. Ова е конкретен резултат од Македонско-српскиот бизнис-форум, што се одржа во Валево, на 21 мај 2009 година, во чија организација учествуваше и Регионалната комора со седиште во Прилеп. Во состав на делегацијата беше и генералниот менаџер на компанијата КС „Ролоспас“ од Прилеп, Сашо Калески. Во рамките на билатералните бизнис-средби беа остварени првите конакти и меѓусебно запознавање на претставниците и сопственици на компаниите КС „Ролоспас“ од Прилеп и „Симил“ С.З.Р од Валево.

**25.06.2009**

**Одржан состанокот на претседателите на стопанските комори од поранешните ЈУ-републики во Белград, Република Србија - ЗАЕДНИЧКИ ВО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕПРЕКИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА ВО РЕГИОНОТ**

Основните теми по кои се водеше расправа на 16-от состанок на претседателите на стопанските комори од поранешните ЈУ-републики сите членки на ЦЕФТА 2006), што се одржа во Стопанската комора на Србија, во Белград, беа имплементацијата на Мултилатералната спогодба за слободна трговија ЦЕФТА, меѓукоморската соработка и последиците од глобалната економска криза (24.6.2009 година). Во потпишаната заедничка изјава, од сите претседатели беше потецирано дека треба да се надминат сите пречки кои ја оптоваруваат трговијата во регионот, односно сите пречки кои го отежнуваат процесот на создавање зона на слободна трговија во регионот. Од сите присутни беше изнесено дека меѓусебното непризнавање на сертификатите за квалитет - санитарни, фитосанитарни, ветеринарни и сертификатите за индустриските производи, согласно националните прописи претставува сериозен проблем за унапредување на економската соработка и трговската размена меѓу земјите-членки на ЦЕФТА, поради што истите треба приоритетно да се решаваат со склучување на соодветни спогодби за соработка во ЦЕФТА Секретаријатот.

**26.06.2009**

**Претставници на ОЕЦД во Стопанската комора на Македонија ја скенираа бизнис - климата во фукција на студијата Индекс на инвестициона реформа за 2009 - СЕ УШТЕ МНОГУ БИРОКРАТСКИ КОЧНИЦИ ЗА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИИЦИИ**

*Претставниците на странските инвеститори од приватниот сектор во земјава најголеми забелешки имаа на: дискриминацијата во правните процедури, долгото чекање за добивање работна дозвола и дозвола за постојан престој, решавањето на имотно-правните односи, бавноста на Катастарот и имплементацијата на новите законски одредби Македонија ќе мора да стане многу поатрактивна бизнис локација и да работи на подобрување на бизнис климата ако сака да биде успешна во мисијата за привлекување странски инвестиции, особено во време на економска криза. Ова е пораката на домашните и странските компании на заедничка средба со претставниците на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) одржана во Стопанската комора на Македонија (25.06.2009 година). Претставниците на Организацијата за економска соработка и развој ги слушнаа искуствата и барањата на приватниот сектор од земјава со цел да ги согледа нивните искуства од јавните политики кои влијаат на работата на компаниите и на директните инвестиции кои ќе се најдат во најновиот извештај за инвестициони реформи за 2009 година. Индекс на инвестициона реформа за 2009 е студија која има за цел да следи, проценува и да дава приоритети на реформите за унапредување на бизнис Целта на студијата е да го спореди направениот напредок во Македонија и земјите во регионот со најдобрите меѓународни практики, преку собирање информации да даде насоки за реформи во политиките во иднина и да создаде база на докази која може да и помогне на донаторската и европската заедница во натамошните напори за давање помош на тоа поле.

**01.07.2009**

## Македонско-кинески бизнис форум во „Алексанадар Палас“ во Скопје - ЗАЕДНИЧКИ НА ТРЕТИ ПАЗАРИ

Активирање на улогата на коморите, на промоторите на инвестициите и економската соработка, зголемена размена на информации и потесна комуникација меѓу компететивните сектори, подобрување и раширување на трговската структура на размената и поврзување на фирмите заради заеднички настап на трети пазари - се дел од пораките на Јианг Зингваи, заменик министер на трговија на НР Кина упатена до бизнис заедниците на двете земји на Македонско-кинескиот бизнис-форум што се одржа во скопскиот хотел "Александар Палас" (1.7.2007 година). Педесетчлена кинеска делегација и шеесетина македонски компании имаа можност да воспостават директен контакт на овој форум и да ги презентираат своите потенцијали во интерес на воспоставување или продлабочување на соработката. Интензивната соработка во делот на испраќање во НР Кина на државни службеници и нивната обука по одделни области, според министерот Бесими, во значајна мерка успеало да ни го доближи кинеското искуство во креирањето политики во повеќе области и да ги подобри знаењата на овдешните државни чиновници за трговскиот и економскиот менаџмент. Се поставува прашања од типот: како да се ублажи трговскиот дефицит на Република Македонија, така да и двете земји да имаат бенефит од трговијата? - подвлече м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија.

**13.07.2009**

## Хрватско-македонски бизнис-форум во Загреб, Република Хрватска, со учество на претседателите на двете држави, Стипе Месиќ и Ѓорѓи Иванов, ПОШИРОКА ЗАЕДНИЧКА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, при официјалната посета на Република Хрватска, беше придружуван од претставници на бизнис - секторот од земјава. Со својот домаќин, претседателот на Република Хрватска, д-р Стипе Месиќ, учествуваа и се обратија на Хрватско-македонскиот бизнис-форум што се одржа во Стопанската комора на Хрватска (13.7.20009 година). Прв приоритет за двете земји е регионалното интегрирање на економиите, не само затоа што е услов поставен од ЕУ, туку поради императивната потреба која ја налага праксата од релната економија, во функција на побрзо и поефиксно преструктуирање на нашите стопанства, беше истакнато од Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија, на Хрватско-македонскиот бизнис-форум. На бизнис средбите кои следеа веднаш по отварањето на форумот, можност за остварување на директни контакти имаа 30-тина македонски и околу 60-тина хрватски компании од повеќе стопански гранки.

**23.07.2009**

## Српско-македонски бизнис форум во Белград, Република Србија, со учество на премиерите на двете држави, м-р Никола Груевски и Мирко Цветковиќ




Премиерот на Република Македонија, г-дин Никола Груевски, при официјалната посета на Република Србија, беше придружуван од бројна бизнис делегација од земјава. Со својот домаќин, премиерот на Република Србија, Мирко Цветковиќ, учествуваа и се обратија на Српско-македонскиот бизнис-форум што се одржа во Стопанската комора на Србија (22.7.20009 година). Отварајќи го Бизнис форумот на кој присуствуваа претставници од 40-тина македонски и над 70 српски компании, г-динот Милош Бугарин, претседател на Стопанската комора на Србија, посебно ја истакна соработката со земјите на ЦЕФТА договорот, односно создавањето на зона на слободна трговија до крајот на 2010 година, како и соработката со бившите ЈУ републики, со кои српското стопанство е комплементарно. По завршување на пленарниот дел од Бизнис Форумот, следеа индивидуални билатерални средби меѓу стопанствениците, а за истакнување е и склучувањето на нов договор. Имено српската компанија "Систем ДЦ 90" од Белград потпиша договор со компанијата МЗТ ЕКА од Скопје, за испорака на мерна опрема за нејзината лабораторија, а договорен е и заеднички настап на пазарот во Азија, за сеизмичко обезбедување на високи здради. Стопанската делегација на фирми од Стопанската комора на Маскедонија, ја предводеше г-дин Горан Рафајловски, претседател на Регионална комора - Скопје.

**24.07.2009**

## Комесарот за проширување на ЕУ, Оли Рен, на средба со Националниот совет за евроинтеграции

Еврокомесарот Оли Рен посетата на Македонија ја заврши со одржаната средба со Националниот совет за евроинтеграции, во кој претставник има и Стопанската комора на Македонија. Пред членовите на Националниот совет и присутните пратеници, Оли Рен изјави дека во посетата на Македонија дошол со цел да ги соопшти добрите вести за визната либерализација, која покрај другото е големо олеснување и за бизнис заедницата. Импресионираноста од брзината и ефектите на реформите што доведоа до визна либерализација за земјата, потенцирајќи дека Македонија е лидер во регионот на тој план, му даваат оптимизам, како што истакна, дека исто така успешно ќе бидат завршени и поставените одредници за добивање на датум за преговори.

## 24.08.2009

**Средба на Бранко Азески со Рифат Хисарчиклиоглу, претседател на Унијата на индустриските и трговски комори и берзи на Турција (ТОББ) - ДИЈАГОНАЛНАТА КУМУЛАЦИЈА НА ПОТЕКЛОТО НА СТОКИТЕ ЌЕ ЈА СПАСУВА ОПАДНАТАТА РАЗМЕНА**

Актуелната светска економска криза ги погоди и билатералните трговските врски меѓу Македонија и Турција, чиј негативен тренд зема замав во 2008 година, а продолжи и во првата половина на 2009 година. Ова, меѓу другото, беше констатирано на средбата на Бранко Азески со претседателот на Унијата на индустриските и трговски комори и берзи на Турција - ТОББ, Рифат Хисарчиклиоглу, што се одржа во Стопанската комора на Македонија (24.8.2009 година). На разговорите особено внимание се посвети на негативните рефлексии на светската економска криза врз економските односи на двете земји, како и на идното организирање на комората на НЕ-ЕУ земјите во големото семејство на Eurochambres. Заеднички е констатирано дека позитивен раст во билатералната размена треба да се очекува во првата половина на идната година, пред се`, поради имплементацијата на дијагоналната кумулација на потеклото на стоките - Македонија -Турција - ЕУ и поради фактот дека големите економии - земјите-членки на ЕУ, почнаа да бележат знаци на излегување од економската криза. Стопанската комора на Македонија со несебична помош и поддршка од канцеларијата на Унијата на индустриските и трговски комори и берзи на Турција во Брисел активно ќе дејствува ќе лобира за брз прием на Република Македонија во Европската унија.

## 26.08.2009

**Градоначалниците на Ѓорче Петров и Кралево од Република Србија, Сокол Митревски и Љубиша Симовиќ на средба со Бранко Азески во Стопанската комора на Македонија - МАКСИМАЛНА ЛОГИСТИКА ЗА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ КОМПАНИИТЕ ОД ДВЕТЕ ОПШТИНИ**



Градоначалниците на општините Ѓорче Петров и Кралево од Република Србија, Сокол Митревски и Љубиша Симовиќ, ја посетија Стопанската комора на Македонија и водеа разговори со Бранко Азески (26.08.2009 година). Претседателот на Стопанската комора на Македонија беше информиран дека двете општини потпишале Протокол за соработка на пошироко ниво, а според Сокол Митревски во тек е и формирање на економски центар со цел да се обноват старите бизнис врски и уште повеќе да се зацврсти економската соработка меѓу стопанските субјекти од двете земји. Во тој правец двата градоначалника побараа подршка од најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава. Претседателот Азески изрази задоволство за мегусебната соработка на двете општини и истакна дека Стопанската комора на Македонија има веќе воспоставени економски релации и соработка со Регионалната комора во Кралево и одлична соработка со сите комори во Србија. Комората дава максимална подршка за зацврстување и подобрување на економската соработка.

## 31.08.2009

**Средби на претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, со новоименуваните амабасадори на Република Македонија - ЗАЕДНИЧКА СТРАТЕГИЈА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ**

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, во текот на август и септември остварува работни средби со новоименуваните амбасадори на Република Македононија. Во текот на август разговори беа водени со Аце Спасеновски иден амабасадор на Република Македонија во Украина, со Реми Реџепи амбасадор во Босна и Херцеговина, Рамадан Азиси во Берн и Азиз Положани во Женева, Швајцарија, Велибор Топаловски во Италија и Ѓоко Георгиевски во Ватикан. На почетокот на септември, претседателот на најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава се сретна со Перо Стојановски, новоименуван амабасадор во Австралија, Асаф Адеми во Данска и Агрон Буџаку во Франција. Овие средби се одржаа во рамките на воспоставената соработката на Комората со Министерството за надворешни работи, која што е традиционална, пред се', поради суштината и мандатот на двете институции - економската соработка со странство. Во рамките на Стратегијата за меѓународна соработка во 2009 година на Стопанската комора на Македонија, разговорите беа фокусирани на заедничката поддршка и олеснување на компаниите да се етаблираат на пазарите во земјите кадешто заминуваат новоименуваните амабасадори.

## 03.09.2009

**Македонско-турски бизнис форум со компании од Трабзон - СО ЗАЕДНИЧКИ ПОИЗВОД НА ПАЗАРИ ВО ТРЕТИ ЗЕМЈИ**

Деловните луѓе од двете земји ги советувам да не се фокусираат само на трговија и продажба на своите стоки, туку да воспостават соработка во правец на создавање на заеднички производ кој ќе го пласираат и на пазарите во трети земји. - порача Горан Рафајловски на Македонско-турскиот бизнис-форум со компании од Трабзон (3.9.2009 година). Петнаесетчлената бизнис - делегација од Трговско-индустриската комора на Трабзон во земјава учествуваше на два бизнис - форуми, во Скопје и во Охрид. Со своите домаќини, Регионалните комори со седиште во Скопје и Охрид, беа потпишани Спогодби за соработка.

**07.09.2009**

**Регионалната комора со седиште во Битола беше домаќин на бизнис делегацијата од Трабзон, Република Турција - ИНТЕРЕС ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА „ЖАБЕНИ“**

Во рамките на посетата на Република Македонија стопанската делегација од Трговско-Индустриската комора од Трабзон ја посети и Битола. Делегацијата од Република Турција ја предводеше претседателот на Трговско - индустрискат комора од Трабзон, Суад Хаџиалиолу, а во нејзиниот состав беа 15 стопанственици од енергетската,градежничката и текстилната дејност.Со делегацијата беше и почесниот конзул на Република Македонија во Трабзон, Сири Фуркан Ерен. На деловните луѓе од Турција во Битола домаќин им беше претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Благој Стојчев. На средбата со битолските стопанственици гостите беа информирани и за можностите за инвестирање во Индустриската зона "Жабени" крај Битола. Презентацијата на индустриската зона беше извршена од страна на нејзиниот директор, Трајан Котевски, што наиде на забележителен интерес кај деловните луѓе од Турција. Дел од гостите од Трабзон го посетија Рударско енергетскиот комбинат РЕК „Битола“ кадешто со развојните перспективи на комбинатот беа запознаени од страна на директорот на комбинатот, Мирко Ристевски. Во разговорите со претставниците на битолските компании гостите изразија интерес за соработка во текстилната индустрија и за заеднички настап на трети пазари.

**10.09.2009**

**Во Стопанската комора на Македонија се одржа семинарот "Со ХАЛАЛ стандардот до настап на нови пазари" -ХАЛАЛ ВОДИ ДО 1,8 МИЛИЈАРДИ КУПУВАЧИ**

Македонската економија во услови на светска финнсиска криза треба да ја унапреди соработката со земјите од Блискиот Исток, а извозниците мора да се свртат кон озвојување нови, алтернативни пазари. Со воведувањето на ХАЛАЛ стандардот очекуваме да ни се отвори огромен пазар. Македонија не може и не треба да се фокусира само на Европа. Африка и Блискиот Исток се големи пазари, тоа не смееме да го заборавиме, изјави Биба Исмаил, бизнисмен од Скопје на семинарот „Со ХАЛАЛ стандардот до настап на нови пазари“ што се одржа во Стопанската комора на Македонија (10.9.2009 година). Македонските компании од прехранбената индустрија допрва ќе се запознаваат со ХАЛАЛ стандардот кој е основен услов за пласман на производството во земјите од Блискиот Исток. Во последните децении на минатиот век арапските беа традиционални пазари за македонските компании и значајни трговски партнери, но денешнта ситуација е видно изменета. Економска размена со нив речиси и не постои, беше истакнато на семинарот.

**14.09.2009**

**Средба на претседателите на коморите членки на Eurochambres од земјите не-членки на ЕУ во Тел Авив, Израел - ВЛАДИТЕ И КОМОРИТЕ ЗАЕДНИЧКИ ВО КРЕИРАЊЕ МЕРКИ ЗА ИЗЛЕЗ ОД КРИЗАТА**

Економиите на земјите кои не се членки на ЕУ во услови на последиците од глобалната финансијскаат криза и улога на коморите во надминување на негативните ефекти на стопанството - беше носечка тема на средбата на претседателите на коморите членки на Eurochambres од земјите не-членки на ЕУ, чиј домаќин беше Федерацијата на трговските комори на Израел (8.9.2009). На оваа средба активно учествуваа Бранко Азески, претседател и Антони Пешев, потпретседател на Стопанската комора на Македонија за меѓународни односи. Пјер Симон, претседателот на Eurochambres, во оваа прилика проценил дека негативните ефекти од финансиската криза, изразени во економијата, во Европа ќе се чуствуваат до 2011 година. Пјер Симон забележал дека залихите на производите во светски рамки опаѓаат и тука ја гледа шансата за заживување на производството. Инаку, коморите - членки на Eurochambres, се едногласни дека мерките треба да бидат насочени кон технолошко и иновативно унапредување на економијата, што подразбира зголемување на средствата од буџетите за оваа намена.

**16.09.2009**

**Почна реализацијата на кинеската и јужно-корејската инвестиција во „Бунарџик“ - ВЛОГ ОД 9 МИЛИОНИ ЕВРА ВО ПРОИЗВОДСТВО НА ЛЦД ТЕЛЕВИЗОРИ И МОНИТОРИ**

Поставен е камен-темелникот на фабриката за производство на ЛДЦ телевизори и монитори во скопската технолошко-индустриска зона Бунарџик.Се работи за заедничка инвестиција на јужно-корејската компанија „Тривју“ и кинеската „Хајер“ во вредност од девет милиони евра. Стартот на изградбата го означи м-р Никола Груевски,претседател на Владата на Република Македонија, а беа присутни и претставници од инвеститорите, министерот за економија д-р Фатмир Бесими, министерот за информатичко општество Иво Ивановски, министерот за странски инвестиции Веле Самак, кинескиот амбасадор во земјава Донг Чунфенг како и м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија. Во скопската индустриска зона ова е трета фабрика што се гради по „Џонсон контрол“ и „Џонсон мети“.

**16.09.2009**

**Стопански аспекти на официјалната посета на Н.Е. Ѓорѓе Иванов, претседател на Република Македонија на СР Германија - НОВ ИМПУЛС ВО РАЗМЕНАТА СО НАЈГОЛЕМИОТ ТРГОВСКИ ПАРТНЕР НА ЗЕМЈАВА ОД ЕУ**

Во рамките на официјалната посета на Н.Е. Ѓорѓе Иванов претседател на Република Македонија на СР Германија, на 15-ти септември 2009 година, тој се обрати на работната вечера организирана од страна на Стопанската комора на Германија, Дојче банк и Комисијата за соработка со земјите од Југоисточна Европа. Пред бизнисмените од двете земји

д-р Ѓорге Иванов зборуваше на тема: "Погледи и предизвици на економската соработка помеѓу Република Македонија и СР Германија" , а свои обраќања на собирот имаа и претставници од Стопанската комора на Германија и на Комисијата за соработка со земјите од Југоисточна Европа. Македонската делегација на бизнисмени ја предводеше претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. Во делегацијата беа директорите на: „Витаминка“ од Прилеп, „Тиквеш“ од Кавадарци, „Факом“, „Ултра“ и Стопанска банка од Скопје.

**16.09.2009**

## Што покажа семинарот за правила за потеклото на стоките и дијагоналната кумулација во трговијата со ЕУ и ЦЕФТА земјите - ПРЕДНОСТ ШТО МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ТРЕБЕ ШТО ПОБРЗО ДА ЈА ИСКОРИСТАТ



Во рамките на Програмата за 2009 година на Проектот "Партнери", Асоцијацијата на балканските комори и Унијата на германските идустриски и трговски комори, поддржан од Владата на Република Германија, македонските компании, имаа можност (14 и 15 септември 2009 година) да го унапредат знаењето во областа на потеклото на стоки во слободната трговија со ЕУ и во рамките на ЦЕФТА 2006. Предавачот Хелмут Брандт, царински експерт од Германија, освен теоретски знаења, на посетителите на семинарот им пренесе и практични искуства - ситуации со коишто можат да се сретнат фирмите во имплементацијата на билатералната, дијагоналната и пан-европска кумулација на стоки.

**22.09.09**

## Делегација на Регионалната комора со седиште во Прилеп во посета на Кожани - ГРЧКИ ФИРМИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПРИЛЕПСКИОТ МЕРМЕР

На покана од страна на директорот на Трговско - индустрискиот и земјодеклски саем од Кожани, Република Грција, Панагиотис Апостолидис и од претседателот на Трговската комора од Кожани, Кристос Савас, делегација од Прилеп (во која беа вклучени и претседателот и потпретседателот на Регионалната стопанска комора од Ваљево, Република Србија) престојуваше во еднодневна посета на Кожани (18.9.2009 година). За време на средбата посебно беше потенцирана заедничката желба за поголема соработка на економски план. Грчките компании изразија интерес за условите и предностите за инвестирање во прилепскиот регион, за законската регулатива и ресурсите што се нудат. Конкретно беше договорено поголема делегација на стопанственици од регионот на Кожани и пошироката област, предводена од Димитрис Ризманис, Кристос Савас и Панагиотис Апостолидис, да го посетат Прилеп, и кадешто поопширно ќе бидат запознати со условите и ресурсите што ги нуди регионот, како и комуналните бенефиции што ги овозмошува локалната самоуправа за странските и домашни инвестиции.

**01.10.2009**

## Шведски компании во потрага по партнери од земјава - КООПЕРАНТИ ЗА БИЗНИС СО ПОШТЕНСКИ САНДАЧИЊА ВРЕДЕН 140 МИЛИОНИ ЕВРА

Заради запознавање со деловниот амбиент и можност за воспоставување на кооперантските односи со македонските фирми, Стопанската комора на Македонија ја посетија Надер Лалиниа, претседател на Шведската асоцијација за меѓународната трговија, Олег Застенкер, преставник на Шведскиот совет за извоз и неколку шведски компании кои ќе бидат ангажирани во производството на поштенските сандачиња (1 октомври 2009 година). Шведските бизнисмени, во придружба на представникот на Агенцијата за странските инвестиции, изразија потреба од логистичката подршка од страна на Комората во воспоставувањето на производството и поврзување со локалните производни компании - членки на најстарата и најголемата деловна асоцијација во земјава.

**03.10.2009**

## Регионалната комора со седиште во Скопје и беше домаќин на педесетчлена бизнис делегација од Коња, Република Турција - ИНВЕСТИЦИИ ЗАРАДИ ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ

Покрај домаќинот Рафајловски, свое излагање пред турските стопанственици имаше и Љубица Нури, директор на Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање во Стопанската комора на Македонија, во презентацијата на тема „Преференцијалната трговија - заеднички настап на трети пазари“. На деловните средби на бизнисмените од Скопје и Коња, им се обратија и Ружди Муфти, претседател на МАТИБ, Здружението на турските стопанственици во Македонија и потпретседател на Управниот одбор на Регионалната комора на Охрид и Хакан Хисарџиоглу, претставник на трговското аташе на Република Турција во Македонија. Во Стопанската комора на Македонија бизнисмените од двете земји остварија и бројни билатерални средби.

**03.10.09**

## Регионалната комора со седиште во Скопје и беше домаќин на педесетчлена бизнис делегација од Коња, Република Турција - ИНВЕСТИЦИИ ЗАРАДИ ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ

Заинтересирани сме со македонскиите компании заеднички да настапуваме на трети пазари. Заради тоа ги испитаме можностите за инвестирање во Македонија во правец на реализирање на таа цел. - истакна Хусен Узулмез, претседател на Бордот на Трговската комора од Коња на деловните средби што се одржаа во Стопанската комора Македонија (3.10.2009 година). и за Горан Рафајловски, претседател на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје, која што беше домаќин на бизнис заедницата на Коња, тоа е вистинскиот пат за зголемување на меѓусебната размена и намалување на македонскиот трговски дефицит што го има земјава со Република Турција. Од 7 јули оваа година, помеѓу Република Македонија, Република Турција и ЕУ е можна имплементација на дијагонална кумулација на потеклото на стоки за индустријските производи. -Оваа новина ја создава исклучително конкурентна ситуација за Македонија како инвестициона дестинација во регионот, но и за турските компании во билатералната стопанска соработка со нас заради заеднички настап на единствениот пазар во ЕУ. Со оглед на фактот дека двете земји се во процесот на евроинтеграција, дијагоналната кумулација на потеклото на стоки а извонредна алатка за подршка на нашите копрпоративни сектори во развојно - техничко технолошка смисла, но и алатка за зголемување на капацитетите заеднички да се користат ЕУ фондовите. - истакна Љубица Нури, директор на Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање во Стопанската комора на Македонија, во презентацијата на тема „Префернцијалната трговија - заеднички настап на трети пазари“.

**05.10.2009**

## Студиска посета на Трст во Република Италија: Последна фаза од PARTNERS-PRESPA LAKE проектот - ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН

Од 28 до 30 септември 2009 година од страна на Стопанската комора на Македонија беше направена студиска посета на Италија како дел од последната, четврта фаза од PARTNERS-PRESPA LAKE-проектот, со цел развивање на поволна клима за привлекување странски инвестиции во Преспанскиот регион. Освен претставници од Стопанската комора на Македонија на студиската посета учество земаа и претставници од коморите на Грција и Албанија, партнери во овој проект. Оваа средба претставува континуитет на претходната остварена во месец јули со цел запознавање со клучните сектори за развој на Преспанскиот регион, односно, агротуризмот и производството на јаболкото како македонски бренд. Во Стопанската комора на Трст беа остварени средби со претставници на туроператорите: Pansepol, Aurora Viaggi како и AITR-Италијанска асоцијација за туризам, Samo и Unitec - производители на машински линии за овошје и зеленчук и Mombeloni - консалтинг фирма од областа на агроиндустријата.

**06.10.2009**

## Словачко-македонскиот бизнис форум во Братислава со учество на премиерот м-р Никола Груевски - ПОВИК ДО КОМПАНИИТЕ ДА ЈА ИСКОРИСТАТ ПОВОЛНАТА ИНВЕСТИЦИСКА КЛИМА ВО ЗЕМЈАВА

На Словачко-македонскиот бизнис- форум што во организација на Министерството за економија на Словачка се одржа во Братислава (5.6.2009 година), и на кој учествуваа и петнаесеттина стопанственици - членки на Стопанската комора на Македонија, на присутните им се обрати и претседателот на Владата на Република Македонија, м-р Никола Груевски, во рамки на неговата еднодневна посета на оваа земја. Од форумот во Братислава македонскиот премиер очекува повеќе компании од двете земји да учествуваат во инвестициски проекти во Македонија и во Словачка, особено во делот на производство на автомобилски компоненти, енергетика, инфраструктура, земјоделството, во прехранбената индустрија, туризмот и други гранки.

**13.10.2009**

## Посета на економскиот и трговскиот советник на Кралството Белгија во Стопанската комора на Македонија - ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА И ВО 2010 ГОДИНА



Ерик Санткин, претставник на Агенцијата за надворешна трговија и инвестиции (AWEX) при Амбасадата на Белгија во Софија, при посетата на Стопанската комора на Македонија (9.10.2009 година) најави за идната година можност за одржување на Белгиско - македонски форум. Тој нагласи дека меѓу компаниите во Белгија полека се враќа интересот за меѓународна соработка што е позитивен знак за исчекорување од кризата. Во разговорот заеднички е заклучено дека недостигот на регулативата за одбегнување на двојното оданочување и заштитата на инвестициите помеѓу Република Македонија и Кралството Белгија е хендикеп за белгиските инвеститори.

**14.10.2009**

**Македонско-турскиот бизнис форум со компании од Истанбул - СОРАБОТКАТА ЌЕ ПОМОГНЕ ВО ИЗНАОЃАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА ИЗЛЕЗ ОД КРИЗАТА**

Група бизнисмени, членови на Индустриската комора на Истанбул од Република Турција престојуваа во Стопанската комора на Македонија (14.10.2009 година). Домаќин им беше Регионалната комора со седиште во Скопје, а двете стопански асоцијации во оваа прилика потпишаа и Спогодба за меѓусебна соработка. Индустриската комора на Истанбул, всушност, е третата по ред регионална комора од Република Турција (Трабзон, Коња и Истанбул) којашто во последниов месец дена ја посетија земјава и Стопанската комора на Македонија, што очигледно ја покажува заинтересираноста на турските компании за бизнис и инвестирање во Македонија. Гостите од истанбулската комора на форумот, Љубица Нури, директор на Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање во Стопанската комора на Македонија, ги запозна со можностите за инвестирање во нашата земја и потенцијалите за водење бизнис во неколку стопански сектори.

**15.10.2009**

**Македонско-унгарски бизнис форум во Стопанската комора на Македонија - ПОВЕЌЕ КОНТАКТИ, ПОВИСОКА РАЗМЕНА**




Стопанските комори на двете земји требе да организираат што повеќе средби и контакти меѓу компаниите, а ние ќе ги подржуваме таквите процеси. - нагласи Н.Е. Ференц Кекеши, амбасадор на Република Унгарија во Република Македонија на Македонско-унгарскиот бизнис- форум што се одржа во Стопанската комора на Македонија (15.10.2009 година. Постигнатата либерализација на трговијата ги нема дадено, барем за Македонија, очекувани резултати во однос на Република Унгарија. На Македонско-унгарскиот бизнис-форум презентација за можностите за инвестирање во земјава имаше Иван Илиев од Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија. Компаниите од двете земји имаа и бројни билатерални средби.

**16.10.2009**

**Промоција на проект на Стопанската комора на Македонија и Регионалната комора на Братислава при Словачката трговско-индустриска комора - „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МСП - ПАТ КОН ЕКОНОМСКИ РАСТ И ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕУ“**

Во Стопанската комора на Македонија на прес- конференција беше промовиран проектот "Зајакнување на МСП - пат кон економски раст и пристапување кон ЕУ" (16.10.2009 година). Проектот е раководен од Регионалната комора на Братислава при Словачката трговско-индустриска комора, а е финансиран од Словачката агенција за развој на меѓународната соработка (Slovak Aid). Стопанската комора на Македонија е главен партнер преку која ќе се пренесуваат бенефитите на претприемничката заедница и на другите бизнис-организации. На прес конференцијата, којашто ја раководеше Горан Рафајловски, претседател на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Скопје, а присуствуваше и м-р Јелисавета Георгиева. генерален секретар на Стопанската комора на Македонија, проектот го промовираше Јурај Мајтан, директор на Регионалната комора од Братислава. На присутните им се обратија и д-р Robert Kirnag, амбасадор на Република Словачка во Република Македонија и Пане Трајков, градоначалник на Неготино, општина која е избрана да учествува во спроведувањето на Проектот.

**21-24.10.2009**

**САЕМ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ПРЕХРАНА И ПИЈАЛОЦИ “АГРОКОС & ДРИНК“ ВО ПРИШТИНА**

Од 21 до 24 октомври 2009 година во „ Младинскиот центар “ во Приштина се одржа најголемиот Саем за земјоделие, храна и пијалоци „АГРОКОС &ДРИНК“. Тоа е е едно од најважните економски случувања од областа на агробизнисот на Косово и регионот. На површина од 20 000 метри квадратни, учество земаа 20 земји, кои се претставија со светски најпознати компании од областа на агробизнисот. Стопанската комора на Македонија организираше учество на 3 излагачи - компании членки на Комората.

**21-25.10.2009**

**Одржан Меѓународниот саем “САСО 2009“ во Сплит - ИЗЛАГАЧИ-ЧЛЕНКИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

Од 21 до 25 октомври 2009 година се одржа најзначајната саемска манифестација во Република Хрватска„ САСО 2009„. Во рамките на оваа саемска манифестација беа вклучени IV-ти Саем за финансии, инвестиции и развој “САФИР“, XIV-ти Саем за градежништво и дрвна индустрија, XIV-ти Саем за алати,машини и опрема, XIV-ти Саем за метална индустрија, XI – ти Саем за занаетчиство,мало стопанство и предпримништво и X – ти Саем за електротехника,енергетика и телекомуникации “СЕЕТ“ II - Саем за екологија “СЕКО“. Стопанската комора на Македонија го организираше учеството на 4 компании кои се јавија како излагачи на саемот.

**22.10.2009**

## Подршка на Владата на Кралството Холандија на македонските компании во 2010 година - ТЕНДЕРИ ЗА ПРОНАОЃАЊЕ ХОЛАНДСКИ ИНВЕСТИТОРИ



Стопанската комора на Македонија и Амбасадата на Кралството Холандија, вклучувајќи ја и Холандската агенција за подршката на бизнисите и соработка (ЕВД), заеднички ќе ги промовираат програмите за подршката на компаниите во воспоставувањето или унапредувањето на деловната соработка со холандските партнери. Стопанската комората на Македонија, благовремено ќе ги информира компаниите за планираните активности на овој план. Ова е договорено при посета на Марије Месен, прв секретар на Амбасадата на Кралството Холандија во Република Македонија и Астрид Брекарт, пројект менаџер на ПСИ во ЕВД на Стопанската комора на Македонија (22.10.2009 година).

**22.10.2009**

## Кандидатот за почесен конзул на Република Македонија во Мумбаи, Каилаш Агарвал, во посета на Стопанската комора на Македонија - ИНТЕРЕС ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЕНЕРГЕТИКАТА И МЕТАЛО-ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА

Кандидатот за почесен конзул на Република Македонија во Индија, Каилаш Агарвал, при посетата на Стопанската комора на Македонија (22.10.2009 година) побара логистичката подршка од најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава во остварување на неговата мисија - промоција на македонското стопанство и воспоставување на директни деловни контакти со македонски компании. Каилаш Агарвал е познат бизнисмен во Индија, генерален директор на компанијата "VARUN Industries Limited", која главно се занимава со изработка на производи за домаќинство од нерѓувачки челик. Покрај тоа, неговиот бизнис се протега и во областа на енергетиката, нафта, гас и рударство. Компанијата има воспоставено соработка и остварува извоз во 62 земји. Во разговорот со домаќините, Каилаш Агарвал, ја истакна заинтересираноста за инвестирање во Република Македонија и тоа во секторот енергетика (изградба на ветерници) и метало-преработувачката индустрија.

**27.10.2009**

## Промотивен ден на Македонија во Форли, Република Италија - ИДЕАЛЕН ДИСТРИБУТИВЕН ЦЕНТАР ЗА РЕГИОНАЛНИТЕ ПАЗАРИ

Во организација на АССОА - Асоцијација на стопански комори на Централна Европа, во Форли, Република Италија се одржа промотивен ден на Македонија (22.10.2009). Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, пред италијанските компании, членки на Стопанската комора на Форли – Чезена и Римини, од регионот Емилија Ромања, ги образложи економските и инвестиционите потенцијали на Македонија апострофирајќи ја одличната геостратегиска положба на земјата низ која се вркстуваат двата клучни пан-европски транспортни коридори кои ја поврзуваат Централна Европа со Јадранското, Егејското и Црното море. На промотивниот ден свои обраќања имаа и македонскиот конзул во Венеција и економскиот промотор од Агенцијата за странски инвестиции.

**03.11.2009**

## Средба на претставници на стопанските комори од поранешна Југославија во Подгорица, Република Црна Гора - ЦЕФТА Е ПАТОТ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во текот на неделата на ЦЕФТА 2009, што се одржа во Подгорица во Република Црна Гора, беше организирана 17-та средба на претседателите и претставниците на стопанските комори од поранешните југословенски републики (28.10.2009 година). Основната констатација беше дека е неопходно да се либерализира трговијата во регионот, бидејќи и натаму постојат бариери, кои неизбежно е потребно да се отстрануваат. Учесниците на работната средба, Милош Бугарски, претседател на Стопанската комора на Србија, Дуња Коњевода, заменик-претседател на Стопанската комора на Хрватска, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, Љубомир Клинчов, заменик-претседател на Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина, Зденко Павчек, претседател на Стопанската комора на Словенија, Бесим Бечај, претседател на Стопанската комора на Косово, Велимир Мијушковиќ, претседател на Стопанската комора на Црна Гора, Борко Ѓуриќ, претседател на Стопанската комора на Република Српска и Ратко Филиповиќ, заменик-претседател на Стопанската комора на Војводина, разговараа за економската соработка во регионот, којшто е на патот кон интеграција во ЕУ; за влијанието на економската и финансиската криза врз бизнисот и економијата во регионот и за перспективите после кризата, како и за регионалната трговија.

**05.11.2009**

## МАКЕДОНСКО - ТУРСКИ БИЗНИС ФОРУМ СО КОМПАНИИ ОД РЕГИОНОТ МАНИСА

Турската бизнис делегација составена од 110 стопанственици од регионот од Маниса, предводена од индустриските зони и Трговската комора и берза на Маниса пројави интерес за воспоставување на директни средби и контакти со потенцијални македонски партнери на средбата одржана во скопскиот х. Холидеј Ин на 5.11.2009 година. На форумот учествуваа компании членки на Стопанската комора на Македонија, Од турска страна беа застапени компании од повеќе стопански дејности: текстилната индустрија, туризам, прехранбена индустрија, дрвна индустрија и мебел,

производители на пластични производи, автоделови и компоненти за автоиндустрија, електрични каблови за автомобили, градежништво и градежни материјали.

## 06.11.2009

### Во Регионална комора со седиште во Битола средба со претставници на трговско - индустриските комори од Бурса, Република Турција и од Епинал, Република Франција - РАЗГОВОРИ ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА МЕЃУСЕБНАТА РАЗМЕНА

По повод денот на ослободувањето на градот 4 ноември 2009 година, во Битола претстојуваа претставници на трговско- индустриските комори од Бурса, Република Турција и од Епинал, Република Франција. Притоа, тие имаа средба со претседателот Благој Стојчев и со неколку членови на Управниот одбор на Регионалната комора со седиште во Битола. На средбата, што се одржа во Регионалната комора, беа разменети мислења за активностите кои треба да се превземат за интензивирање на економската соработка помегу стопанството на регионот на Битола и стопанствата на Епинал и Бурса. Претставниците од Епинал пројавија интерес за соработка во дрвната и прехрамбената индустрија. Претставниците од Бурса изразија желба една стопанска делегација од Битола да ја посети Бурса за поблиску запознавање на стопанствениците од двата града и потпишување на спогодба са соработка помеѓу двете комори.

## 10.11.2009

### Средба на Јадранка Косор и м-р Никола Груевски, претседатели на Владите на Република Хрватска и Република Македонија со членките на Македонско- хрватскиот бизнис-клуб - СО РЕГИОНАЛНИ ПРОИЗВОДИ НА ЕВРОПСКИОТ ПАЗАР

Јадранка Косор и м-р Никола Груевски, претседатели на Владите на Република Хрватска и Република Македонија имаа средба со членките на Македонско-хрватскиот бизнис-клуб што се одржа во во скопскиот хотел „Алексанадар Палас" (10.11.2009 година). Оваа средба со компаниите кои се носители на размената меѓу двете земји беше во рамките на официјалната посета на претседателот на Владата на Република Хрватска на Република Македонија. Вита Хузјан, копретседател на Македонско-хрватскиот бизнис-клуб, посебно нагласи дека соработката на компаниите од двете земји може да го намали влијанието на економската криза и да овозможи заеднички настап на трети пазари. Преку регионалната соработка да се олесни и забрза процесот на евроинтеграциите. - подвлече Бранко Азески, копретседател на Македонско-хрватскиот бизнис-клуб.

## 11.11.2009

### Македонско-унгарски бизнис- форум со компании од аграрниот сектор - МЕЃУСЕБНОТО НЕПОЗНАВАЊЕ ПРИЧИНА ЗА СКРОМНАТА РАЗМЕНА

Македонските компании од аграрниот сектор треба да го следат унгарското искуство во користењето на средствата од ЕУ фондови со цел поквалитетен пласман до пребирливите европските потрошувачи. Тоа е една од пораките од Македонско-унгарски бизнис-форум што го организираше Стопанската комора на Македонија во соработка со Амбасадата на Република Унгарија во Република Македонија (11.11.2009 година). Трговската размена во земјоделскиот сектор е на исклучително ниско ниво како резултат на недоволното меѓусебното познавање на компаниите од двете земји и скромната размена на контакти и информации, како на институционален, така и во рамките на приватниот сектор. Неповолниот тренд на секторската соработка требе да се надмине преку интензивирање на размената на информации и директни контакти, особено преку вакви и слични настани меѓу двете бизнис заедници со оглед на големите неискористени потенцијали во агробизнисот.

## 18.11.2009

### Деловни средби со компании од Краљево, Република Србија - ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ ЗА ПОВИСОКИ СТАПКИ НА РАЗВОЈ




Деловните луѓе од двете земји треба да се фокусираат на формирање заеднички компании, да осмислуваат заеднички проекти и преку нивно реализирање да настапуваат на европските пазарите.Тоа е формулата за развој, а не да се занимаваат само со меѓусебно тргување, - им порача Горан Рафајловски, претседател на Стопанската комора со седиште во Скопје, на присутните бизнисмени на деловната средба со компании од Кралево, Република Србија, што се одржа во Стопанската комора на Македонија (18.11.2009 година). Средбата беше организирана во рамките на соработката со регионалната стопанска комора од Краљево, а на неа присуствуваше и Сокол Митревски, градоначелникот на Ѓорче Петров, скопска општина која има потпишано Протокол за соработка со оваа српска општина. -Двете земји го потпишаа и ЦЕФТА-договорот и со заедничка соработка треба да ги искористат сите погодности на воспоставената

слободна трговија, што е и битен фактор во придружувањето кон Европската унија, - нагласи Младомир Новаковиќ, претседател на Регионалната стопанска комора од Краљево..На деловните средби во Скопје присуствуваа компании од Кралево од областа на градежништвото, металопреработувачката индустрија, преработката на овошје и зеленчук и друго, а имаа плодни деловни средби со компании од земјава заинтересирани за проширување на бизнисот со овој регион во Србија.

**18-19.11.2009**

**КУПУВАЧКА МИСИЈА ЗА УВОЗНИЦИТЕ НА АГРУМИ**

Неколку македонски компании - членки на Стопанската комора на Македонија реализираа посета на градот Мерсин и остварија средби со турски компании на 18 и 19 ноември 2009 година, во рамки на купувачката мисија за увозниците на агруми, организирано од страна на Потсекретаријатот за надворешна трговија на Република Турција, преку Трговското советништво на Амбасадата на Турција во Скопје.

**19.11.2009**

**Генерално собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) во Тирана, Република Албанија - ИТНО ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН КОН ЕНЕРГЕТСКИТЕ И ТРАНСПОРТНИТЕ КОРИДОРИ**

За остварување на фундаментални зафати во стопанскиот развој на земјите-членки на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) најадекватен е континентален облик на организирање на деловните асоцијации во кој, преку задолжително членство, владите се во законската обврска да соработуваат со нив и со бизнис-заедниците. Покрај тоа, потребна и реорганизација на Асоцијацијата на балканските комори во правец на нејзино зајакнување со добивање на правен статус и постојано седиште. Ова се дел од заклучоците на претседателите на на коморите- членки (Албанија, Бугарија, БиХ, Грција, Кипар, Македонија, Романија, Србија, Турција и Црна Гора) на втората седница на Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори, што се одржа во Тирана, Република Албанија (13.11.2009 година). Со АБК оваа година претседава Унијата на албанските трговски и индустриски комори.

**26.11.2009**

**Состанок на Француско-македонскиот деловен клуб**

На ден 26 ноември се одржа работна средба на членовите на француско-македонскиот деловен клуб. На состанокот беа избрани двајца потпретседатели на деловниот клуб г. Зоран Гапиќ од Фресине Балкан и Љупчо Величковски од МЗТ Комерц Нова. Членовите на клубот се договорија за оперативните активности во наредната 2010 година и идната соработка со Француската амбасада во Република Македонија.

**02.12.2009**

**Презентација на Меѓународниот саем саем за храна, пијалоци, кафе, хотелска и угостителска опрема и намештај „ГАСТ 2010“ во Сплит, Република Хрватска**

Претставници на Сплитскиот саем на 2.12.2009 година во Стопанската комора на Македонија пред повеќе од двесеттина заинтересираните македонски компании извршија презентација на Меѓународниот саем саем за храна, пијалоци, кафе, хотелска и угостителска опрема и намештај „ГАСТ 2010„. Саемската манифестација, ќе се одржи од 3 до 7 март 2010 година во Сплит, Република Хрватска, а Стопанската комора на Македонија во соработка со Сплитски саем организира учество и посета на македонските компании по привилегирани услови.

**03.12.2009**

**Македонско-хрватски деловен клуб со учество на Стипе Месиќ, претседател на Република Хрватска - ПРЕОСТАНУВА ЗАЕДНИЧКО ОСВОЈУВАЊЕ НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Република Хрватска единствено со Република Македонија го има достигнато нивото на економската соработка од пред распаѓањето на поранешната југословенска држава. Меѓутоа, не е остварено заедничкото ангажирање на трети пазари, на коишто поранешната држава беше силно присутна. Во иднина деловните луѓе на двете земји потребно е, покрај зголемувањето на размената, да се концентрираат токму на заедничко освојување на странските пазари, за што двете економии имаат капацитет, - им порача Стипе Месиќ, претседател на Република Хрватска на членките на Македонско - хрватскиот деловен клуб.

**05.12.2009**

**Турско-македонски бизнис-форум во Истанбул, со присуство на премиерите на двете земји, Реџеп Таип Ердоган и м-р Никола Груевски - ЗАЛОЖБИ ЗА ТРИКРАТНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РАЗМЕНАТА**

Основата за соработка е поставена со Договорот за слободна трговија меѓу двете земји, а како можности за унапредување на соработката се посочуваат бизнис-форумите. Ова беше истакнато на Турско-македонскиот бизнис-форум во Истанбул на којшто беа присутни околу 200 компании (5.12.2009 година). Форумот беше одржан во рамките на посетата на премиерот, м-р Никола Груевски, на Турција. Притоа, заедно со својот колега Реџеп Таип Ердоган, тие се обратија пред стопанствениците. На форумот беа присутни над 200 турски и 100-тина претставници на македонски компании.

## 08-14.12.2009

### Биланс и перспективи на мрежата АМАД

Учество на конференција која се одржа во Уагадугу, главниот град на Буркина Фасо, Африка по повод завршната средба за периодот 2006-2009 на проектот АМАД насочен кон олеснување на пристапот на МСП до деловните можностите на меѓународните тендери. Оваа конференција имаше за цел да ги анализира придобивките од правата фаза на воспоставување на мрежата од фокални точки и нивната дневна активност согласно концептот на проектот, како и да се размисли за иднината на мрежата и нејзина валоризација.

## 10.12.2009

### Презентација на Извештајот за пречките при инвестирањето во Западен Балкан - ИНВЕСТИЦИОНАТА КЛИМА ПОДОБРЕНА, АМА СЕ УШТЕ МНОГУ АДМИНИСТРАТИВНИ ПРЕЧКИ



Стопанската комора на Македонија, заедно со стопанските комори во Албанија, БиХ, Хрватска, Црна Гора и Србија во јуни месец годинава спроведе анкетата меѓу странските инвеститори за инвестициона клима одделно за секоја земја. Едновремено, EUROCHAMBRES ја има спроведено анкетата на истата тема меѓу компаниите во Белгија, Чешка, Грција, Италија, Словачка, Шпанија, Шведска и Обединетото Кралство. Ово истражување е направено во рамките на Проектот Партнери 2 , проект за зајакнување на институционалниот капацитет на коморите за промоција и привлекување на странските инвестиции, а со цел придонес на приватниот сектор за подобрување на инвестициона клима во регионот. Проектот е реализиран под патронатот на EUROCHAMBRES , поддржана од страна на Европската унија преку Фондот на Унијата CARDS 2005 и подржан од ОЕЦД.

## 14-15.12.2009

### Претседатели на три стопански комори од Драч, Скадар и од Фиер од соседна Албанија во посета на Стопанската комора на Македонија - НАТАМОШНА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА ЛЕК ЗА ПОДЗАМРЕНАТА РАЗМЕНА




Претседатели на три стопански комори од Република Албанија, Andrea Xhavara од Драч, Anton Leka од Скадар и Sherai Caba од Фиер на 14 и 15 декември 2009 година беа во посета на Стопанската комора на Македонија. Со дел од менаџментот на најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава тие разговараа за организацијата и работењето на Стопанската комора на Македонија и за услугите кои таа им ги пружа на своите членки. Со 9 македонски компании тие водеа разговори за подобрување на регионалната соработка и зголемување на размената меѓу двете земји. Тие се сретнаа и со претседателите на Регионалните комори со седиште во Скопје и во Дебар.

# УСЛУГИ ЗА ЧЛЕНКИТЕ

## ЕДУКАЦИЈА и ОБУКА



Во текот на годината Центарот за едукација организираше повеќе семинари и обуки и тоа:

- Тридневна работилница-"ЕУ-ПРЕТПРИСТАПНИ ФОНДОВИ - ШТО ВСУШНОСТ ТРЕБА ДА ПРАВИМЕ?”
- Дводневна работилница:-„КАКО СЕ ГРАДАТ ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА и МЕДИУМИТЕ
- Еднодневна работилница:-„МЕТОДИ НА ПРОЦЕНКА НА КАПИТАЛОТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА
- Дводневна работилница-„КОУЧИНГ за МАКСИМУМ ПЕРФОРМАНСИ и ЛИДЕРСТВО кај ЕГЗЕКУТИВНИ МЕНАЏЕРИ
- Дводневна работилница-"ЕУ-ПРЕТПРИСТАПНИ ФОНДОВИ – ШТО ВСУШНОСТ ТРЕБА ДА ПРАВИМЕ?"- ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД ЕУ
- Дводневна работилница-"ПРОДАДЕТЕ ПОВЕЌЕ ПРЕКУ ЕФЕКТИВНА КОМУНИКАЦИЈА
- Дводневна работилница-„ЦИП еко-иновации"- АПЛИЦИРАЈТЕ СЕГА! Изработка на проекти за аплицирање на ЦИП-програмата
- Еднодневен семинар на тема:-„Брендови и брендирање на македонските производи
- Дводневна работилница на тема:-ИСКОРИСТЕТЕ ГИ СРЕДСТВАТА ОД ИПАРД-ФОНДОВИТЕ!
- ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД ИПАРД-ФОНДОВИТЕ
- Дводневен семинар на тема ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ ВО ТРГОВИЈАТА ВО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЦЕФТА
- Дводневен семинар на тема:-„Алатки во справување со економската рецесија
- Бесплатно советување на РАФАЈЛОВСКИ КОНСАЛТИНГ на тема **"**НОВИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ"

Во текот на 2009 година повеќе од 450 слушатели учествувале на различни тренинзи организирани од Центарот за едукација и развој на човечки ресурски.
Во рамките на спроведување на Законот за стручно образование и обука Стопанската комора на Македонија го востанови регистерот на работодавачи кои можат да вршат практична обука и регистерот за евидентирање на договорите за практична обука мегу работодавачите, учениците и исптитуциите за нејзино спроведување.

### 16.02.2009

### Потпишан Меморандум за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Државниот универзитет во Тетово - ПРАКТИКУВАЊЕ НА ТЕОРЕТСКИТЕ ВЕШТИНИ

Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и ректорот на Државниот универзитет во Тетово, д-р Сади Беџети, потпишаа Меморандум за соработка (16.02.2009 година). Со потпишувањето што се случи во Тетово, Стопанската комора на Македонија ги отвора можностите за соработка на своите членки и на студентите од овој универзитет, со желба да им се пружи можност преку пракса во реалниот сектор студентите да го почувствуваат притисокот на пазарот и на конкуренцијата, нагласи на чинот на потпишувањето Бранко Азески. Преку соработката со Стопанската комора на Македонија, најбројната и најстарата деловна асоцијација во земјата, студентите на Тетовскиот универзитет добиваат можност да ги практикуваат теоретските вештини, не само во западниот регион, туку на целокупната територија на Република Македонија. При потпишувањето, ректорот на Универзитетот, д-р Сади Беџети, ја нагласи и практичната потребата од иницирање на ваква соработка со Стопанската комора на Македонија заради усогласување на програмите на Универзитетот со Болоњската декларација. Според овие принципи на студирање, еден од семестрите поминати во универзитетскиот образовен циклус треба да се помине во практична настава.

### 23.03.2009

### Во Стопанската комора на Македонија отворен јубилејниот петтиот по ред Саем за вработување и кариера "Job Fair 2009" - НАД 150 СТУДЕНТИ и ДИПЛОМЦИ СО ВРАБОТУВАЊЕ и ПРАКСА




Во Стопанската комора на Македонија беше отворен јубилејниот петтиот по ред Саем за вработување и кариера "Job Fair 2009" (23.3.2009 година). Организатор на оваа саемска манифестација, којашто е замислена да биде мостот помеѓу универзитетите, компаниите и студентите, е Балканската фондација за деца и млади - БЕСТ, а тој се одржува на 24 и 25 март на Машинскиот и Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. -Годинава се стремиме кон рушење на сопствените рекорди на посетеност и заинтересираност од страна на студентите, собирање на што повеќе

SV-а, а со тоа зголемување на базата достапна на компаниите со што ќе им се овозможи пристап до најквалитетниот кадар во моментот. - истакна Елена Бошеска, главен организатор на "Job Fair 2009". - Од самите почетоци па до денес преку Саем за вработување и кариера над 150 студенти и дипломци се вработиле или нашле студентска пракса во некоја од нашите фирми - учеснички на саемот, а искрено се надеваме дека оваа година тој број значително ќе се зголеми.

### 03.07.2009

### Успешно реализирана студентска пракса во Стопанската комора на Македонијана група студенти од Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - КОРИСНИ ПРАКТИЧНИ ИСКУСТВА ОД КОМОРСКИОТ СИСТЕМ

Како резултат на долгата традиција на соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, и потпишаниот Меморандум за соработка меѓу овие две институции во делот на реализација на студентска пракса, во изминатата година повеќе групи студенти реализираа пракса во Комората. Со овој вид на соработка на студентите им се овозможува своето теоретското знаење да го поткрепат со практично искуство. Заклучно со 3-ти јули 2009 година, последната група студенти заврשија со реализизацијата на тринеделната пракса. Студентите ја реализираа праксата во: Дирекцијата за застапување на интересите на членките, Дирекцијата за деловни и општи услуги и Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање. Студентите се запознаа со функционирањето на дирекциите, здруженијата и групациите, се запознаа со функционирањето на ГС1 Македонија системот (системот за бар-кодирање) и Ваша бизнис-канцеларија. Тие во изминатите недели имаа можност да присуствуваат на повеќе настани што се организираат во Комората, како што се седници на здруженија, билатерални настани и конференции.

## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во Вашата бизнис канцеларија се издаваат сертификати за потекло на производите (Ориѓин, Форм А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за членство во Комората, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2009 до 30.11.2009 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 1100 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 11402 сертификати за потекло на производите (Орицин);
- 258 АТА - карнети;
- 37 потврди за ексклузивитет;
- 451 препораки за визи;
- 23 потврди за членство во Комората;
- 216 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 8 мислења за исполнување на економските услови.

## Центарот за унапредување на квалитет во производството и услугите

ISO 9001:2008
FS 549642

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2009 год.:

- **Консултантски услуги за воведување на Ситеми за Управување со квалитетот, согласно ИСО 9001:2008**
  - Процесот на имплементација на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008, е отпочнат во 20 компании;

- **Сертификации на Системи за управување со квалитетот,** во фирми кои го имаат имплементирано истиот систем, согласно договорот со BSI (British Standards Institutions) и Комората:
  - Извршена е сертификација на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008 во име на BSI, во 13 компании;

- **Континуирани проверки на Системи за управување со квалитетот,** во фирми кои го одржуваат Системот за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008:
  - Извршена е континуирана проверка на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008 во име на BSI, во 60 компании;

- **Земено учество во обсервации при сертификации и проверки на системот за управување со безбедна храна согласно ИСО 22000,** од страна на BSI (British Standards Institutions), во 5 компании;

- **Консултантски услуги за воведување на Систем за анализа на ризици и критични контролни точки (HACCP):**
  - Процесот на имплементација на Системот за анализа на ризици и критични контролни точки (HACCP) е отпочнат во 16 компании;

- **учество во меѓународни проекти :**
  - Training of trainers (HACCP training course, Sweden Quality and Regulatory Infrastructure and Development Agency-SIDA (Quality and Regulatory Infrastructure and Development for Food Safety and Quality in South East Europe- Macedonia)
  - Training of trainers (Quality and food safety systems in the fruit and vegetable food chain in Macedonia
  - Knowledge transfer from Belgium to Macedonia, financing by Flanders-co-operation programme between Flanders and Central and Eastern Europe, partners: K.H.Kempen and Economic Chamber of Macedonia

- **учество во работа на Технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитација на РМ:**
  - ТК 18 за оцена на сообразност при ИСРМ
  - ТК 9 за системи за квалитет при ИСРМ
  - ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ
  - ТК 34 за информатичка технологија при ИСРМ
  - ТК за сертификациони тела при ИСРМ

## ГС1-Македонија

Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - ГС1 Македонија е единствен овластен претставник на Меѓународната организација ГС1 со ексклузивни права да управува, обезбедува единственост и интегритет на ГС1 системот на територијата на Република Македонија, како и да доделува ГС1 идентификациони броеви на македонските компании за баркодирање на производите и услугите.

Трендот на зголемување на членството во ГС1 Македонија, континуирано присутен сите овие изминати години, продолжи и во 2009 година со 104 новозачленети компании. Со сите нив се потпишани и Договори за членство во ГС1 Македонија. На крајот на ноември 2009 година вкупно 1.480 фирми од Македонија се членки на ГС1 Македонија, кои со баркодирањето на своите производи и услуги се вклучени во современите светски текови на трговијата и се дел од меѓународното семејство од преку 1.000.000 компании, користејќи го заедничкиот јазик и глобалните стандарди за подобрување на својата конкурентност.

Доминантен број на членките, 99.5%, се мали и средни фирми. Меѓутоа, во ГС1 Македонија членуваат и големи компании и системи, значајани чинители на македонската економија, етаблирани во националната и меѓународната бизнис заедница. Структурната застапеност на членството по дејности останува и во 2009 година иста, одн. доминираат секторот на производството и секторот на трговијата, со приближно изедначено учество од околу 50%, додека учеството на останатите сектори е минимално.

ГС1 Македонија сите свои нови членки и членките кои редовно ја измируваат членарината ги вклучува во светскиот регистар на фирми преку меѓународниот проектот ГЕПИР.

Бенефитите за македонските компании - членки на ГС1 Македонија е можност за деловно поврзување со преку 1.000.0000 компании од светот, со едноставно пребарување на њеб-сајтот на ГС1 преку ГТИН бројот на производот (бар кодот) и истовремено можност странските компании да стапат во контакт со македонските компании за остварување на деловен контакт

Значителни напори се вложени во афирмација, презентација и промоција на ГС1 Македонија. Системот на цертифицирана акредитација најмногу придонесе за зголемена афирмација и видливост на ГС1 Македонија не само во национални, туку и во меѓународни рамки.

Од активностите на GS1-Македонија

**02.04.2009**

### Генерално Собрание на GS1 Македонија за работењето во 2008 година и програмските активности за годинава - ЦЕРТИФИЦИРАНАТА АКРЕДИТАЦИЈА СО МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ и ПРЕПОЗНАТЛИВОСТ

* Во текот на 2008 година GS1 Македонија постигна исклучителни резултати, ги надмина планираните развојни цели и финансиски резултати, воведе нови услуги за своите членки и уште повеќе се приближи до бизнис- заедницат, етаблирајќи се како нејзин значаен чинител Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија, на 2.4. 2009 година, ја одржа 5. - та седница на Управниот одбор и 4.-та седница на Генералното Собрание на коишто беа сумирани резултатите постигнати во 2008 година и презентирани програмските активности за годинава. Доминантните активности на GS1 Македонија во изминатата година беа насочени кон: реализација на проектот Акредитација и GEPIR; Национална и меѓународна афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија и тековна работа со членките.

Системот на цертифицирана акредитација претставува нов модел за утврдување и за промоција на успешноста и на деловната етика на фирмите - членки на GS1 Македонија и промоција на успешните фирми заслужни за развојот и за имплементацијата на GS1 системот во Република Македонија. Системот на акредитација е во светски рамки уникатна,

оригинална, сопствена креација на GS1 Македонија. Со системот на акредитација, како еден вид бонитет на членката, се обезбедува популаризирање и промовирање на фирмите коишто редовно ги намируваат обврските по основа на користење на GS1 стандардите во своето деловно работење. Првичните резултати се задоволителни и реакциите на членките се исклучително позитивни. Македонскиот модел на Цертифицирана Акредитација постигна и меѓународно признавање и препознатливост на GS1 Македонија и Република Македонија - нагласи претседателот на GS1 Македонија, Бранко Азески. -Зголемувањето на членството во GS1 Македонија е континуирано, достигнувајќи ја бројката од 1.421 фирма, коишто со баркодирањето на своите производи и услуги се вклучени во современите светски текови на национално и на меѓународно ниво. Но, уште повеќе радува фактот што GS1 Македонија станува чинител за зголемување на конкурентноста на македонската бизнис-заедница, а наедно се зголемува свеста за неопходноста од примената на GS1 стандардите во деловното работење - подвлече Бранко Азески.

**16.06.2009**

**Семинар „Со GS1 стандардите до информатички здравствен систем” - ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАБРЗУВАЊЕ НА РЕФОРМИТЕ ВО ЗДРАСТВЕНИОТ СЕКТОР**

Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија во соработка со GS1 Србија, на 12 јуни 2009 година, во Стопанската комора на Македонија одржа семинар „Со GS1 стандардите до информатички здравствен систем”. Според присуството на околу 100 учесника на семинарот, се оценува дека во Македонија постои огромен интерес за едукативни семинари од областа на примената на GS1 стандардите во здравството и фармацијата. Меѓу учесниците беа еминентни претставници на: Министерството за здравство, Фондот за здравство, Бирото за лекови, Медицинскиот факултет, институтите, клиниките, приватните болници, веледрогериите, аптеките, производителите на фармацевтски производи и медицинска опрема, менаџментот, раководители на информатичките сектори, логистиката и означувањето и софтверските куќи. Целта на семинарот беше развој и оптимизација на употребата на GS1 глобалните стандарди и решенија, како и зголемување на општата свест за неопходноста од примената на новите технологии и методи, т.е електронско работење во областа на здравството и фармацијата. Очекуваните ефекти се: унапредување на работата и заедничка соработка на организациите од сите сегменти на здравствениот сектор.



## ЕВРОПСКИ ИНФОРМАТИВЕН И ИНОВАТИВЕН ЦЕНТАР ВО МАКЕДОНИЈА (ЕИИЦМ)

Европската мрежа на бизнис можности е составена од 600 партнерски организации, со околу 4000 вработени со долгогодишна експертиза во повеќе од 40 земји, која активно ги промовира конкурентноста и иновациите на европско, национално и светско ниво.

Европскиот информативен и иновативен центар го поддржува долготрајниот раст и одржлив развој на малите и средни фирми преку воспоставување ефикасна национална и локална инфраструктура за поддршка во освојувањето на пазарот на Европската унија.

Главниот фокус на делување на ЕИИЦМ во текот на 2009 година беше насочен кон промоција на мрежата и на услугите што таа ги нуди. Во овој период редовно беше публикуван електронски весник каде се пренесуваа актуелности од мрежата и се промовираа предлози за партнерства и деловна соработка. ЕИИЦМ учествуваше во клучните настани за МСП во Македонија (First European SME week и Global Enterpreneurship Week), а беше организиран и децентрализиран тренинг на тема: Учество на МСП во FP7. Во текот на 2009 година беа организирани повеќе промотивни настани во Скопје и во другите градови во републиката, во рамките на кампањата за подигање на свесноста за ЕУ фондови, а во функција на претставување на ЦИП програмата, како и услугите и можностите на ЕИИЦМ. Центарот постојано подготвува и издава публикации на актуелни теми за Европската унија, па така во претходниот период беа изготвени публикации за CE – ознаката, ЕУ решенија за справување со светската финансиска криза, Преглед на активностите на Комисијата на ЕУ во Западен Балкан во 2008 и 2009, информативен лифлет за услугите на ЕИИЦМ и сл. Во овој период имаше особено голем интерес на клиенти на центарот за прашања поврзани со законодавството на Европската унија, ЕУ програми, расположливи фондови, ЕУ политики, соработка со партнери од ЕУ, кои се регистрирани во интегралната дата база на центарот, а преку соработка со центрите во мрежата се подговени и доставени одговори на бараните прашања.

enterprise europe network

Мрежа на бизнис можности

# ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ

**09.04.09**

**ИК Банка - ЕЛЕКТРОНСКО ТРГУВАЊЕ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ВИЗА КАРТИЧКИТЕ**

* ИК Банка - прва и единствена Банка во Македонија која го нуди сервисот “e-comerce” (“електронско тргување”) за вршење на електронско плаќања преку интернет, за сите корисници на ВИЗА платежни картички, издадени од било која банка во светот Се поголем број на луѓе од целиот свет, се повеќе користат интернет со цел трговија, односно купување.Он-лајн купувањето овозможува широка палета на услуги, можности, флексибилност и комоција, подобра селекција на производите и услугите без да се потроши долго време низ продавниците. Виза корисниците од целиот свет, а особено клиентите на ИК Банка, сега ќе можат да ги ползуваат бенефициите од оваа популарна поволност и тоа преку користењето на Виса платежните картички. ИК Банка досега има издадено 44.000 нови чип платежни картички во изминатите неполни две години при што обезбедува брзи, сигурни и флексибилни можности за клиентите. Од април 2008 година досега, ИК Банка има инсталирано 1.000 ПОС терминали во трговијата за процесирање на Виза. Предвидено е до крајот на 2009 година бројот да достигне 2.000 инсталирани апарати Банкоматите на ИК Банка ги акцептираат МастерКард, Маестро, ВИЗА, ВИЗА Електрон, Плус и Цирус како и сите локални картички издадени од домашни банки.

**15.05.09**

**Стартер банка - ЕЛЕКТРОНСКО БАНКАРСТВО ЗА ДЕВИЗЕН ПЛАТЕН ПРОМЕТ**

Статер Банка започна да ја нуди услугата Електронско банкарство за девизен платен промет. Покрај досегашните Е-банк сервиси за корпоративни клиенти и население за денарски платен промет, кои се покажаа како доста успешни и прифатливи за корисниците, Е-банк сервисот за девизен платен промет на Стартер Банка им овозможува на своите клиенти брзо, ефикасно и сигурно работење со низа на поволности во извршувањето на своите безготовински плаќања.

**01.06.09**

**„Витаминка“ од Прилеп засега успешно се справува со кризата - НЕЛИКВИДНОСТА НАЈМНОГУ СЕ ЗАКАНУВА**

Менаџментот на „Витаминка“ АД Прилеп оценува дека најголеми последици од глобалната економска криза за македонските стопанственици се отежнатата ликвидност, пролонгирање на наплатата од извезените производи и раст на трошоците на производството. Во првите пет месеци работењето е на ланското ниво. Веќе се чувствува влошување на извозот, а во наредниот период тоа ќе биде уште повеќе изразено, се пролонгира наплатата од 30 до 45 дена што се рефлектира на обртниот капитал и ги одложува планираните инвестиции, предупредува генералниот директор на „Витаминка“, Симон Наумоски. Но, останува најголемата закана од кризата, а тоа е неликвидноста, истакнува Симон Наумоски. Во „Витаминка“ засега не се размислува за намалување на бројот на вработените, кој сега изнесува 500. Владините антикризни мерки ги оценуваат како добри, но барањето е што поскоро да се ефектуираат. Фабриката „Витаминка“ има годишно производство од 7.000 до 8.000 тони прехранбени продукти.

**04.09.09**

**Веро супермаркети - СТИПЕНДИСТОТ ИВАН ВЧКОВ ПОСТИГНА ГОЛЕМ УСПЕХ НА ПЕРОТИС КОЛЕЏОТ ВО СОЛУН**

Веро супермаркети, во рамките на своето општествено функционирање, веќе неколку години доделува стипендии на македонски студенти, кои имаат висок потенцијал и интерес за земјоделските науки. и годинава на стипендистите комплетно им беа покриени трошоците за сместување и школарина на Перотис Колеџ во Солун, кој е дел од Американското земјоделско училиште, заверен од Институтот Кардиф при Универзитетот од Велс. Една од годинешните стипендии му припадна на Иван Вчков, студент кој покажа голем успех и стекна почит и пријателства и меѓу неговите професори и студентите на факултетот. Тој е посебно задоволен поради праксата која во моментов ја реализира во рамките на Веро. Тоа е одлична можност одблизу да се запознам и да ја почувствувам вештината во водење успешен бинзис.

**25.09.09**

**ПЗУ „Филип Втори“ од Скопје - ДЕЦЕНИЈА ОД ПРВАТА ОПЕРАЦИЈА НА СРЦЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

* Пред 10 години се правеа по осум операции неделно, а со напредокот на болницата, денеска толку интервенции се прават за само еден. „Ако ние оваа година завршивме со 1.500 операции, и имаме вкупна смртност околу еден посто. Тоа се феноменални резултати. Ако тоа државата не знае да го искористи како готов продукт, и да направи свој имиџ, бидејќи тоа не е само мој имиџ, тоа е за целата држава“, вели Жан Митрев, кардиохирург за А1. „Филип Втори“ започна со работа во 2000 година со екипа од 10 лица. Денеска во болницата има околу 200 вработени медицински персонал, кои годишно прават повеќе од 1.200 операции. Смртноста е намалена на помалку од еден процент. Инаку, од основањето на ПЗУ ФИЛИП ВТОРИ до денес главна тенденција е развој и научно-стручно усовршување на медицината

и медицинскиот кадар. Резултати од сите иневестиции на тоа поле резултираше со влез во научната светска сцена за што говорат повеќе од 170-тина усни презентации на голем број меѓународни конгреси од областа на кардиохирургијата и кардиологијата (Цавтат, Барцелона, Отава, Рим 2001, Гент, Луцерн, Осло, Каљари, Москва, Зуерс ам Амбервил, Рим 2003, Сан Франциско, Ахен, Мајами, Истанбул, Атина, Санкт Петерсбург, Хамбург, Њујорк итн.)

## 07.10.09

## „Еуролинк осигурување“ - ЕДИНСТВЕНА ОСИГУРИТЕЛНА КОМПАНИЈА СО НОН-СТОП РАБОТНО ВРЕМЕ

* На сите заинтересирани граѓани и компании ќе им се овозможи максимална достапност за брза услуга и совети 24 часа во ден Склучување осигурителни полиси, бесплатни совети и поддршка при настаната штета 24 часа во денот се услугите што „Еуролинк осигурување“ ќе почне да им ги нуди на своите осигуреници и на сите заинтересирани граѓани. На овој начин „Еуролинк осигурување“ станува единствената осигурителна компанија во Македонија што на граѓаните и на компаниите им ги става на располагање своите капацитети во кое било време од денот и ноќта, како и за време на викендите и празниците-Потребите од осигурителни услуги на граѓаните и компаниите не познаваат вообичаено работно време, викенд или празник. Тие едноставно се случуваат, а наша задача е да најдеме најсоодветно решение за нив. Затоа, понудивме сервис што на сите заинтересирани граѓани и компании ќе им овозможи максимална достапност за брза услуга и совети 24 часа во денот - вели во изјавата за медиумите Александра Наќева-Ружин, главен извршен директор на „Еуролинк осигурување“.

## 19.10.09

## ЕВН Македонија - ДОДЕЛЕНИ ДИПЛОМИ НА СТУДЕНТИТЕ ОД ВТОРАТА ГЕНЕРАЦИЈА НА АКАДЕМИЈАТА НА ЕВН

Петнаесет вработени од ЕВН Македонија од различни централни оддели и кориснички енерго центри, кои ги завршија струдиите на ЕВН Академијата и ги добија своите дипломи. Тие се втората генерација електротехничари од оваа академија. Новата генерација што ја започна учебната година на Академијата брои 40 вработени кои немаат соодветни квалификации за новите работни процеси и работни задачи, а кои ќе се стекнат со вештини за електротехничар. Со бесплатната програма за преквалификација, ЕВН Македонија на своите вработени им нуди експертски обуки, подобри работни позиции и можности за развој на кариерата, а со што им се обезбедува долгорочна иднина во компанијата, и се нуди можност за личен и професионален разво. соопштуваат од компанијата. По извршената реорганизација на компанијата многу од процесите се оптимизираа и некои од старите работни функции повеќе не се потребни. За таа цел, ЕВН Македонија преку својата Академија, им дава можност на вработените да се адаптираат на нови работни задачи. Освен технички обуки и школување, Академијата нуди и други тренинзи и курсеви за сите свои вработени, како и обуки за воспоставување на нови работни процеси.

## 16.11.09

## ЕВН Македонија со интервенции во повеќе скопски населби - МОДЕРНИЗИРАЊЕ и ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

ЕВН Македонија подготвувајќи се за престојната зима направи повеќе зафати за модернизирање и зајакнување на дистрибутивната мрежа во населбите Радишани, Драчево, Чаир, Бутел, Шуто Оризари, Сарај, Чучер Сандево, Ѓорче Петров, Козле и други. Се вршат реконструкции и на нисконапонската мрежа со зголемување на капацитетот на постоечките трафостаници, поставување нови изводи, како е делба на подолгите далекуводи на помали.- соопштуваат од компанијата, а пренесува „Нетпрес“. Преземените зафати се за анулирање на критичните точки, кои минатите зими создаваа проблеми во снабдувањето со електрична енергија поради претовар и неконтролирана потрошувачка. Се изгради и подземен среднонапонски далекувод Аеродром-Лисиче, како и 10кВ далекувод од 35кВ трафостаница Драчево. Нови кабли од Драчево се влечат и кон Орешани и Студеничани. Со пуштањето и на 110кВ трафостаница Драчево, овој дел од градот значително ќе го реши проблемот со снабдувањето. Нови изводи се вадат од 110кВ трафостаница Гази Баба до неколку трафостаници во Чаир, како и од 110кВ трафостаница Васил Главинов до Шуто Оризари. Се растоварува и снабдувањето од 35кВ трафостаница Петровец, со што се поставија нови изводи до Петровец, Катланово и околните места. Низ повеќе улици во општината Ѓорче Петров, поставени се нови подземни инсталации ( над 3 километри) за 9000 потрошувачи да добијат поквалитетно снабдување со електрична енергија. Направено е и растоварување на три изводи од 35кВ трафостаница Сарај, со што сите населени места во оваа општина ќе добијат повисок квалитет во напојувањето.

## 20.05.09

## ЕВН Македонија - ДВЕ НАГРАДИ и ДВЕ ПРИЗНАНИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

ЕВН Македонија доби две национални награди за корпоративна општествена одговорност во категориите заштита на животната средина и вложување во заедницата за проектите “Училишниот сервис кидс“ за едукација на деца од основни училишта и „Управување со отпад и заштита на штрковите“. Специјални признанија, пак, доби во категориите за однос со потрошувачи и однос со вработените за проектите: оформување на Центар за односи со потрошувачи и ЕВН Македонија Академијата со програмата “Траинеес“. Со ова ЕВН Македонија продолжува да чекори по стапките на ЕВН Австрија која е повеќекратен победник на слични награди во Австрија, вклучувајќи прво место на националото рангирање за корпоративна општествена одговорност, како и различни награди за екологија и социјален ангажман.

# ЗА АМБАСАДОРИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**18.02.09**

**Симон Трпчевски на концертна турнеја - СЕРИЈА РЕЦИТАЛИ НИЗ ЕВРОПСКИТЕ МЕТРОПОЛИ**

Македонскиот пијанист Симон Трпчески, по концертите што во текот на последнава сезона ги одржа како солист на престижни светски оркестри, продолжува со серија рецитали во повеќе европски центри. Прва соло-дестинација на Трпчески е Милано каде што ќе настапи во Конзерваториумот „Верди“ на 20-ти февруари, по што следат и рецитали во Прага, Париз, Лудвигсхафен, Минхен, Кембриџ и Дизелдорф. Во рамки на програмата ќе бидат изведени дела од Шопен, Дебиси и Прокофјев. Македонскиот пијанист ги прифати поканите да гостува како солист на реномирани оркестри, меѓу кои и Лондонската филхармонија, Лондонскиот симфониски оркестар, Оркестарот на Ирската национална РТВ од Даблин, Симфонискиот оркестар од Питсбург, Филхармонискиот оркестар на Сеул... за настапи во Велика Британија, Република Ирска, САД и Јужна Кореја. На оваа агенда на Трпчески се надоврзуваат и настапите со Оркестарот на Бољшој тетарот од Москва, кои се очекува да се заокружат со големиот концерт во „Метрополис арената“ во Скопје на 18-ти мај. Во текот на последната сезона Трпчески настапи како солист со Оркестарот на Бирмингем, Шкотскиот камерен оркестар, Чикашкиот симфониски оркестар, Филхармонија Оркестарот од Лондон, Филхармонискиот оркестар на Санкт Петербург, Рускиот национален оркестар (под водство на еден од водечките диригенти на денешницата Владимир Јуровски), Симфонискиот оркестар на Борнмут...

**28.04.09**

**Ансамбл за народни игри и песни „Танец“ - ПОЧНУВА ПРОСЛАВАТА НА ШЕСТДЕЦЕНИСКИОТ ЈУБИЛЕЈ**

* Својот богат програмски репертоар со сите специфичности на македонскиот фолклорен израз со високи естетско-уметнички дострели, ансамблот го презентирал на над 4000 концертни и фестивалски сцени во земјава и во светот Со настапи во Канада и САД ансамблот за народни игри и песни „Танец“ ќе започне да го слави шестдеценискиот јубилеј кој го одбележува оваа година. Генерации играорци, песнопојци, инструменталисти се вградени во шестдецениската генеза на „Танец“, кој го чува, сценски го надградува и афирмира националниот културен код на нашата земја. - Тоа е мисија што го прави горд не само ансамблот „Танец“, туку и сите во Македонија и нашите во дијаспората, зашто ако не беше тој, светот не ќе можеше да ги осознае непроценливите фолклорни вредности што професионалните уметници на ансамблот секогаш ги манифестираат со високи уметнички перформанси - вели Бошко Тренески, директор на фолклорниот ансамблСвојот богат програмски репертоар со сите специфичности на македонскиот фолклорен израз со високи естетско-уметнички дострели, ансамблот го презентирал на над 4000 концертни и фестивалски сцени во земјава и во светот.

**11.05.09**

**Наградата за европски придонес за 2008 година за амабасадорот на Стопанската комора на Македонија, маестро Симон Трпчески - ПОСЕБНИ ЗАСЛУГИ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ЗЕМЈАВА и НА ЕВРОПСКИТЕ ВРЕДНОСТИ**

Маестро Симон Трпчески е добитник на Наградата за европски придонес за 2008 година. На врвниот македонски уметник наградата му ја доделија Стопанската комора на Македонија и Европското движење во Република Македонија за неговите посебни заслуги за промовирање на Република Македонија и нејзината култура во Европа, како и за промовирање на европската идеја и вредности. Признанието на маестро Симон Трпчески му беше врачено на Свечената академија што се одржа во Културно-информативниот центар во Скопје, по повод денот на Европската унија - 9 Мај, од страна на Ацо Спасовски, директор на Дирекцијата за деловни и општи услуги во Стопанската комора на Македонија и д-р Димитар Мирчев, претседател на Европското движење во Република Македонија. Најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава на својот амбасадор, маестро Симон Трпчески, во оваа пригода му додели и уметничка слика. На свеченоста приосуствуваа потпретседателот на Владата на Република Македонија, Ивица Боцевски, европратеникот Ерван Фуере, скопскиот градоначелник Коце Трајановски и други бројни официјални лица од земјава

**07.10.09**

**Маестро Симон Трпчевски - КОНЦЕРТИ ВО ВАЛАНДОВО, КАВАДАРЦИ, ОХРИД и ВЕЛЕС**

Маестро Симон Трпчески ќе ја продолжи концертната турнеја низ Македонија со нов циклус настапи овој и идниот месец во Валандово, Кавадарци, Охрид и во Велес.- соопштува организаторот „КултурОп“. Првите три концертни циклуси беа одржани во Гевгелија, Струмица, Прилеп, Штип, Куманово, Тетово, Гостивар, Битола и во Струга и поради извонредниот прием од домашната публика, „КултурОп“ реши да го продолжи проектот кој има хуманитарен предзнак. Симон Трпчески ќе настапи во домовите на култура - на 9 октомври во Валандово, 10 октомври во Кавадарци, на 7

ноември ќе има концерт во Охрид, а на 8 ноември во Велес. На концертите Трпчески ќе изведе дела од Хајдн, Моцарт, Шопен, како и од домашни автори - ќе биде изведена новата суита на Панде Шахов. По завршувањето на настапите, пијано-виртуозот на средба со публиката ќе ги потпишува своите компакт-дискови – изданија на „ЕМИ Класикс". Македонскиот пијанист, кој воедно е и Амбасадор на Стопанската комора на Македонија, минатиот месец со голем успех настапи како солист во изведбата на Концертот број 3 за пијано и оркестар од Сергеј Рахманинов, заедно со Кралскиот ливерпулски филхармониски оркестар, под диригентската палка на Василиј Петренко. Деновиве со овации од публиката беше награден и на настапот во Тронтхајм, Норвешка, каде што со Симфонискиот оркестар на овој град го изведе Пијано-концертот од Равел. Диригент на концертот беше Александар Ведерников, кој го предводеше Оркестарот на Бољшој театарот на спектакуларниот концерт во Скопје во мај годинава.

## 08.10.09

### Обединетите Нации му доделија престижно признание на маестро Борис Трајанов во Женева - ПРВ АМБАСАДОР НА ЗЕЛЕНАТА ИДНИНА НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

Палатата на Обединети Нации во Женева два дена беше домаќин на еден од најголемите интернационални собири оддржани за еколошката заштита и зелената иднина на планетата земја, прашање кое што за приоритет за решавање го има целото човештво. Интернационалниот собир на кого учествуваа поголем број претседатели на државии и претседатели на меѓународни институции беше организиран од Обединетите Нации, УНЕСКО и Меѓународниот комитет за дијалог меѓу цивилизациите. Во текот на меѓународниот симпозиум со овации беше проследена презентацијата на маестро Борис Трајанов, амбасадор на мирот на УНЕСКО (воедно и Амбасадор на Стопанската комора на Македонија), кој што со неколку минутен филм ја долови фасцинатната масовна акција на населението во Македонија, која во период од една година за само три дена засади 13 милиони садници. Во преполнетата сала, со одлуката на Меѓународниот комитет за дијалог меѓу цивилизациите, маестро Борис Трајанов за тој исклучителен настан во Македонија беше прогласен за прв амбасадор на зелената иднина на планетата земја. Заблагодарувајќи се за високото признание и прво од ваков ранг, Борис Трајанов истакна дека го доживува како чин на благодарност за лидерската позиција на Македонија во Југоисточна Европа.

## Постојан избран суд (Арбитража)



Постојаниот избран суд (Арбитража) е самостојна институција при Стопанската комора на Македонија за вонсудско решавање на спорови што настануваат во прометот на стоки и услуги (трговски спорови) и истата е независна во својата работа.

Во 2009 година не е поднесено барање за поведување нова постапка пред Арбитражата, а започнатата постапка која беше поведена на 19.09.2008 е завршена со донесување правосилна и извршна пресуда на 04.06.2009 година.

Во изминатиот период, поради малиот број спорови пред Арбитражата, се посвети поголемо внимание на промоција на Постојаниот избран суд (Арбитража) и неговите предности, што се реализира преку постојани директни контакти со компаниите и нивно информирање за работата на Арбитражата. Покрај тоа, во текот на 2009 година се оствари потесна соработка со универзитетите, како резултат на што, пркеу предавања и презентации пред студентите по право и економија, беа истакнати предностите на арбитражата и нејзината работа.

Арбитражата се вклучи како заинтересирана страна во проектот “Правосудна мрежа”, кој треба да се реализира во текот на 2010 година, а резултатот од истиот се состои во објавување на судската пракса на Арбитражата на веб-страницата на Правосудна мрежа, како и актите за организација и работа на Арбитражата, заради нејзина популаризација и помасовно користење.